РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1027
Скопје, 15 март 2012 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1027 од 15 март 2012 година


**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов **Оптимизација на челичниот систем ДЦ-90 за подигање на степенот на сеизмичката сигурност на ѕиданите објекти** и подобност на кандидатот **м-р Венера Вукашиновиќ-Симоновиќ**, за научна работа, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје....1-5

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за подобност на пријавената тема за изработка на докторска дисертација под наслов **Фоликуларна развојна динамика следена преку маснокиселинскиот состав при модифициран синхронизациски протокол кај молзните крави** и оспособеноста на кандидатот **м-р Бранко Атанасов** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје....6-11

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје (**Маја Ивановска, Наташа Крстевска, Здравко Стојкоски**)....12

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје (**м-р Зоран Иванов, м-р Јенуз Ибраими, м-р Димитар Спасеновски**)....13
2. Преглед на прифатена тема за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје (**Александар Гулевски**)....14

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**м-р Александра Тодоровиќ, м-р Мартин Арсов, м-р Науаф Мохамед Баара, м-р Александар Чадиковски, м-р Ерхан Сулејмани, м-р Војо Јованов, м-р Ана Жабевска Златевски**)....15

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на трудот **Граѓанско процесно право книга прва, парнично право (второ изменето и дополнето издание**, од авторите **д-р Арсен Јаневски и д-р Татјана Зороска-Камиловска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....16-19

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Звезда Богеска**)....20-26
2. Реферат за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област цвеќе и декоративни растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Маргарита Давитковска**)....27-34

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Избор на типот и геометријата на уредот за отклонување на млазот кај пелтон турбина од аспект на оптимални конструктивни параметри** и оспособеноста на кандидатот **м-р Боро Поповски** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................................35-42

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент од областа математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Мартин Шоптрајанов**)....................................43-44
2. Реферат за избор на еден редовен професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Методија Најдоски**)....................................45-58

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Стандардизација на карпалните кинематски радиографски параметри и нивна примена кај оперативен третман на ревматоиден артрит на китката** изработена од **м-р д-р Марта Фотева**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................59-67

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на насловен доцент по групата предмети: основи на право на интелектуална сопственост, авторско право и индустриска сопственост и интелектуална сопственост во фармацевтските науки на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**д-р Катерина Анчевска Нетковска**)....................................68-78

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Искуствата на СР Германија во развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото**, од **м-р Перо Моцан**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................................79-85

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на асистент во научната област пчеларство при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Александар Узунов**)....................................86-99
2. Реферат за повторен избор на асистент во научната област економика на земјоделството и развој при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Ана Симоновска**)....................................100-103

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика** од **проф. д-р Јулијана Ѓоргова, насл. доц. д-р Лидија Капуркова, ас. д-р Билјана Ципунова и ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова**, пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.........104-111

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Планирање во глобалните претпријатија**, од **м-р Наташа Ристовска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................................112-121

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Димитар Папастеревски, м-р Наташа Милованчев, м-р Добре Николовски, м-р Армир Ферати, м-р Џанер Асимов**)....................................122

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Креирање на меѓународни маркетинг-стратегии за извоз на млеко и млечни производи на странските пазари**, од **м-р Катерина Бојковска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....................................123-131

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент за научните области клиничка психологија и психологија на советување на Филозофскиот факултет во Скопје, **(м-р Катерина Наумова)**.......132-136
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Наташа Срезоска, м-р Луан Јонузи, м-р Даниела Ѓорѓиева, м-р Абдулкерим Исени, м-р Јасмина Трошанска, м-р Калина Сотироска, м-р Гарип Картал, м-р Валерија Анастасова, м-р Даниела Коцева, м-р Исмет Кочан, м-р Горица Поповска, м-р Бојан Ѓорѓиев, м-р Перо Јосифовски, м-р Благоја Гешовски, м-р Катерина Митевска Петрушева, м-р Александра Папазовска Санев, м-р Љиљана Шаламанов, м-р Мартин Поповски, м-р Дуња Иванова, м-р Маја Тимовска, м-р Горан Стојанов, м-р Сузи Тепева, м-р Соња Стефановиќ, м-р Ромео Дробаров, м-р Дејан Трајков, м-р Дарко Здравески, м-р Ѓорѓе Тодоров, м-р Љупчо Тошев, м-р Лидија Размоска, м-р Емилија Симоновска Јанaчковска, м-р Амел Куртиши, м-р Ѕала Бојковска, м-р Златко Кузманов, м-р Назиф Џафери, м-р Кристина Богевска Малинка)**.........................................................................137-139

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник по наставните предмети оркестарско диригирање, оркестар, свирење оркестарски партитури и оперско студио на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Борјан Цанев)**..................................................................................140-149

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Фактори кои влијаат врз доказната вредност на криминалистичките вештачења**, од **м-р Емилио Фришчиќ**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје...................................................................................150-154

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на виш научен соработник/вонреден професор на Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Наташа Котлар-Трајкова)**....................................155-158

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Билјана Велеска Чепрагоска, Виктор Глигоров)**...159

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје **(м-р Глигорчо Радински)**................160
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје **(Марија Илиевска, Ивана Антовска)**..........161

## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА


1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници: реконструкција на идентитетите во процесот на блогирање** и за оспособеноста на кандидатот **м-р Неда Бакевска** за научна работа на Институтот за македонска литература во Скопје....................................................................................................162-165
2. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Феноменот на иконата и улогата на конзервацијата во нејзината заштита како културно наследство** и за оспособеноста на кандидатот **м-р Страхил Петковски** за научна работа на Институтот за македонска литература во Скопје....................................................................................166-170


## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"


1. Реферат за избор на соработник во соработничко звање-асистент на научната област трудово право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(м-р Александар Ристовски, м-р Наташа Басарова, м-р Михаела Костадиноска)**....................................171-179


## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Проценка на предностите на CAD/CAM системот во однос со конвенционално изработени парцијални скелетирани протези** и оспособеност на кандидатот **м-р Благоја Даштевски** за научна работа, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........................................180-183

# Реферат

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА И КАНДИДАТОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ

## „ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЧЕЛИЧНИОТ СИСТЕМ ДЦ-90 ЗА ПОДИГАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА СЕИЗМИЧКАТА СИГУРНОСТ НА ЅИДАНИТЕ ОБЈЕКТИ",

ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ВЕНЕРА ВУКАШИНОВИЌ-СИМОНОВИЌ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.

Со одлуката на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 09-54/1 од 16.1.2012 год., донесена на редовната седница одржана на 27.10 2011 год. формирана е Комисија за оцена на подобноста на кандидатот и темата „Оптимизација на челичниот систем ДЦ-90 за подигање на степенот на сеизмичката сигурност на ѕиданите објекти", поднесена од кандидатката м-р Венера Вукашиновиќ-Симоновиќ, дипл. град. инж., во следниов состав:

1. проф. д-р Вероника Шендова, УКИМ-ИЗИИС, претседател;
2. проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, УКИМ-ИЗИИС, член;
3. проф. д-р Лидија Крстевска, УКИМ-ИЗИИС, член;
4. проф. д-р Мустафа Храсница, Градежен факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина, член;
5. проф. д-р Љубомир Ташков, УКИМ-ИЗИИС, член.

Врз основа на поднесената документација, пријавата, предлог-програмата за изработка на докторската дисертација, како и од личното познавање на кандидатката, Комисијата има задоволство да го изнесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА

### Основна цел и предмет на истражувањата

Земјотресите како природна појава ги загрозуваат луѓето и објектите и често пати предизвикуваат големи штети во околината каде што се случуваат. Благодарение на научните достигнувања во земјотресното инженерство, луѓето се поуспешно се спротивставуваат на штетните последици од земјотресите со примена на разни системи за пасивна и активна контрола, како што се системите за дисипација на енергија-дампери( пригушувачи), базни изолатори и слично. Со тоа, конструкцијата успешно се спротивставува на земјотресното дејство изразено преку намалување на деформациите и напрегањата во конструкциите, како и на оштетувањата на конструктивните елементи. Од друга страна, споменатите системи можат да бидат вградени не само во нови, туку и во постојните објекти.

За остварување на основната цел на предложената тема, кандидатката го предлага како конкретен предмет на истражување системот ДЦ-90. Иако тој може да се примени како во армиранобетонски така и во челични и ѕидани конструкции, неговата примена досега е најмногу присутна во ѕиданите конструкции. Принцип на овој систем кај ѕиданите објекти се состои во вметнување на челични елементи во жлебови кои се врежуваат во ѕидот и се поврзуваат меѓусебно во спрегови кои обезбедуваат укрутување на ѕидовите и ја зголемуваат отпорноста на оштетување и рушење. Во дијагоналите на оваа челична рамка се вградуваат челични хистерезисни дампери кои ја зголемуваат сеизмичката стабилност, како и дисипацијата на сеизмичка енергија и ги контролираат хоризонталните катни деформации.

**Краток опис на системот ДЦ-90**

Системот ДЦ-90 е плод на долгогодишни истражувања на фирмата СИСТЕМ ДЦ-90, Белград, Република Србија. Фирмата е специјализирана за развој, производство и тестирање на уреди за дисипација на сеизмичка енергија. Дејноста на фирмата се состои од иновативна дејност, проектирање и истражување на системи за пасивна контрола на конструкции. Иако до сега системот е доста истражуван, како теориски така и експериментално, и е применуван на објекти на територии на Европа, Азија, Африка и Америка, постои се уште простор за продлабочување на истражувањата. Дел од тие истражувања би се реализирале преку оваа дисертација на тема оптимизација на параметрите на системот.

**Методологија и обем на истражувањата**

Предмет на оваа докторска дисертација е истражување и оптимизација на параметрите при кои системот ДЦ-90 најдобро ја апсорбира сеизмичката енергија, односно кога е најефикасен. Во рамките на предложената тема, кандидатката предвидува експериментални и аналитички истражувања.

**Експериментални испитувања**

Планирани се два типа на испитувања:

- динамичко испитување на реален ѕидан објект пред и после зајакнување со оптимизираниот систем ДЦ-90, со техниката на амбиентални и принудни вибрации

Се предвидува испитување на реален објект со катност 1-3 ката, оштетен од земјотрес или неоштетен но со потреба од сеизмичко зајакнување. Тој би се испитал пред зајакнување и по зајакнување со системот ДЦ-90.

- испитување на модел на објектот на сеизмичката платформа на ИЗИИС во размер 1:1-1:2

Моделот на објектот би се испитувал без и со зајакнување со системот ДЦ-90. Варирањето на параметрите на системот експериментално би се вршело со вградување на различни типови дампери и поврзни челични елементи. Планирано е испитување на моделот на реални земјотресни побуди се до лом, со следење на сите параметри на одговор: граница на линеарно однесување, релативното катно поместување, придушување, дилатација и напрегање во челичните елементи итн.

**Аналитички истражувања**

Паралелно со експерименталните истражувања ќе се формулира аналитички модел, кој ќе вклучува 3-Д моделирање и нелинеарна анализа на конструкцијата (ФЕМ) со некој од софтверите соодветен за ваков тип на анализа, како на пример САП15. Варирањето на параметрите аналитички би се состоело во пресметка на горенаведените и други параметри на одговорот со цел да се добијат совпаѓања помеѓу експерименталните и аналитичките резултати. Оптимизацијата би се вршела нумерички со варирање на параметрите на моделот и споредба со експерименталните резултати со примена на соодветен алгоритам на параметарска идентификација.

**Очекувани резултати и научен придонес**

Експерименталните испитувања ќе бидат основа за процена на сеизмичката стабилност на анализираниот зидан објект. Целта е да се добие реална слика за ефикасноста на системот ДЦ-90 при санација на оштетени или зајакнување на постојни и неоштетени ѕидани објекти. Од интерес е да се утврдат параметрите кои влијаат на динамичкото однесување на објектите во земјотресни услови како и на механизмот на лом. При тоа се мисли на параметрите крутост, придушување, катни поместувања итн. Успешната комбинација на овие параметри би водела кон оптимизација на челичниот систем ДЦ-90, во подигање на сеизмичката сигурност на ѕиданите објекти. Развиените нумерички модели кои реално би го симулирале однесувањето на ваков тип конструкција, би дале значаен придонес при изградба на нови и зајакнување на постојни ѕидани објекти во сизмички услови.

Изворен научен придонес на овој труд е тоа што резултатите добиени со моделирање и испитување на модел на зидан објект во лабораториски услови со придружно успешно моделирање на спроведените експерименти ќе овозможи што подобро и попрецизно разбирање на однесувањето на зиданите објекти зајакнати со челичниот систем ДЦ-90. Како краен резултат ќе се добие практичен алгоритам за оптимизација и рационализација на применетиот ситем ДЦ-90 за подигање на степенот на сеизмичка отпорност на зиданите објекти во реални земјотресни услови.

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА

Врз основа на изнесеното мислење, може да се заклучи дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов „Оптимизација на челичниот систем ДЦ-90 за подигање на степенот на сеизмичката сигурност на ѕиданите објекти" ќе претставува квалитетен и оригинален научноистражувачки труд во кој со предвидените експериментално-аналитички истражувања ќе се даде значителен придонес во зголемување на ефикасноста на системите за пасивна контрола со вградени дисипатори на енергија каков што е системот ДЦ-90 во услови на земјотресно дејство.

Затоа, со задоволство и чест му предлагаме на Научниот совет на ИЗИИС во Скопје, да ја прифати предложената тема како подобна за изработка на докторска дисертација.

## ПОДОБНОСТ НА КАНДИДАТКАТА

Кандидатката м-р Венера Вукашиновиќ-Симоновиќ е родена на 22 .8. 1976 година во Сараево.

**Образование**

- Основно училиште и гимназија завршила во Сараево. Во 1995 година се запишала на Градежниот факултет во Подгорица, а студиите ги продолжила во Сараево, кадешто и дипломирала во 2001 година и добила специјална диплома и парична награда за покажаниот успех за време на студиите.

- Во 2002 и 2004 година била на специјалистички курс во Удине, Италија.

- Во 2003 година била на курсот КАДАК во ИЗИИС, кој го завршила со успех и положила додатни 7 предмети со оценка 10.

- Истата, 2003 година се запишала на постдипломски студии во рамките на програмата ИЗИИС-ДААД, а 2005 година ја одбранила магистерската теза со наслов: „Компаративна анализа на алуминиумски и челични конструктивни елементи и конструкции" со што се стекнала со звањето магистер на технички науки.

- Во периодот 2004-2006 година била асистент на Архитектонскиот факултет во Сараево за научната област челични и дрвени конструкции.

**Работно искуство**

Работното искуство на кандидатката е во континуитет поврзано со работа во Енергоинвест, Сараево, од приправник до самостоен проектант во периодот од 2002 до денес. Во изминатиот период работела на 25 проекти поврзани со проектирање и санација на индустриски и енергетски објекти.

**Објавени научни трудови**

Од приложената листа на објавени трудови на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и семинари, видно е дека кандидатката има искуство во научноистражувачката работа објавувајќи 14 труда од областа на алуминиумски и челични конструкции, како и асеизмичко проектирање на објекти.

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПОДОБНОСТ НА КАНДИДАТКАТА

Од изнесените податоци може да се заклучи дека кандидатката м-р Венера Вукашиновиќ-Симоновиќ, дипл. град. инж., континуирано работи на своето усовршување и развој на својата професионална кариера, вклучувајќи ја и научно-истражувачката работа. Покажува особен интерес за асеизмичко проектирање на конструкции градени од различни материјали.

Затоа, Комисијата има став дека кандидатката м-р Венера Вукашиновиќ-Симоновиќ, дипл. град. инж., е подобна како кандидат за изработка на предложената докторска тема и може да пристапи кон нејзина изработка.

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените согледувања и заклучоци за подобност на темата и кандидатката за научноистражувачка работа, ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на ИЗИИС во Скопје, да ја прифати кандидатката м-р Венера Вукашиновиќ-Симоновиќ, дипл. град. инж., како подобен кандидат за изработка на докторска дисертација со работен наслов

„Оптимизација на челичниот систем ДЦ-90 за подигање на степенот на сеизмичката сигурност на ѕиданите објекти".

Скопје, 1 февруари 2012 год.

Комисија

1. Проф. д-р Вероника Шендова, УКИМ-ИЗИИС, претседател с.р.
2. Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, УКИМ-ИЗИИС, член с.р.
3. Проф. д-р Лидија Крстевска, УКИМ-ИЗИИС, член с.р.
4. Проф. д-р Мустафа Храсница, Градежен факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина, член с.р.
5. Проф. д-р Љубомир Ташков, УКИМ-ИЗИИС, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТ НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА И НАУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: **ФОЛИКУЛАРНА РАЗВОЈНА ДИНАМИКА СЛЕДЕНА ПРЕКУ МАСНОКИСЕЛИНСКИОТ СОСТАВ ПРИ МОДИФИЦИРАН СИНХРОНИЗАЦИСКИ ПРОТОКОЛ КАЈ МОЛЗНИТЕ КРАВИ.**

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 5.12.2011 година, со одлука бр. 0201-4367/11, ја одреди следнава Рецензентска комисија:

- проф. д-р Тони Довенски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
- проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- проф. д-р Зехра Хајрулаи - Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

за утврдување на оспособеноста за научна работа на кандидатот м-р Бранко Атанасов, асистент во научните области: андрологија и вештачко осеменување и гинекологија и акушерство со стерилитет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и подобноста на предложената тема за изработка на докторската дисертација под наслов **ФОЛИКУЛАРНА РАЗВОЈНА ДИНАМИКА СЛЕДЕНА ПРЕКУ МАСНОКИСЕЛИНСКИОТ СОСТАВ ПРИ МОДИФИЦИРАН СИНХРОНИЗАЦИСКИ ПРОТОКОЛ КАЈ МОЛЗНИТЕ КРАВИ.**

Комисијата, по деталното разгледување на доставениот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Податоци за кандидатот

Бранко Атанасов е роден на 13.6.1977 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. Во учебната 1994/95 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дипломирал во 2003 година и се здобил со звањето доктор по ветеринарна медицина. Од 2005 до 2006 година бил вработен како главен ветеринарен доктор во краварската фарма АИК ЕУРОЛЕНД АД. Од 2006 до 2009 година, бил назначен за демонстратор по предметите: породилство, стерилитет и В/О на домашните животни и амбулаторна клиника и е вклучен во изведувањето

на практичната настава. Од јуни 2009 е вработен на Институтот за репродукција и биомедицина при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како истражувач. Од декември 2011 година се здобил со звањето асистент од научните области: андрологија и вештачко осеменување и гинекологија и акушерство со стерилитет. Во текот на сите години од вработувањето, м-р Бранко Атанасов е едуциран за принципите на истражувачките методите од областа на репродукцијата на цицачите, а бил вклучен и во неколку домашни и меѓународни проекти. Кандидатот во својата работа особено внимание им обрнува на новите методи, кои се употребуваат за откривање и лечење на стерилитетот, а од сето тоа произлезе и неговиот магистерски труд со наслов „ Одговорот на јајчниците од егзогена апликација на GnRH и eCG кај крави со нефункционални јајчници 60 дена по отелувањето", кој беше одбранет во 2011 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, под менторство на проф.д-р Тони Довенски.

Научниот интерес на м-р Бранко Атанасов во изминатиот период беше претежно насочен во областа на ултразвучната дијагностика на раниот гравидитет и различните патолошки состојби на репродуктивниот тракт првенствено кај високомлечните крави. Притоа, кандидатот беше главно преокупиран со испитување и следење на промените што се јавуваат во раниот постпартум период, можностите за нивно превенирање и лекување. Стекнатото теориско и експериментално искуство во наведените истражувања му овозможи на кандидатот да го прошири својот интерес кон можноста за изнаоѓање нови и поефикасни начини за терапија, со што во голема мера би се зголемил успехот од неа, а пред сè насочувајќи се кон зголемување на концепцијата кај високомолзните крави. Резултатите од овие истражувања м-р Бранко Атанасов ги има објавено, како автор или коавтор, во повеќе научни трудови во списанија или зборници на трудови од домашни и меѓународни собири.

Изнесените податоци укажуваат дека се работи за кандидат што зад себе има подолг период на научноистражувачка работа во областа на репродукцијата од која ја пријавува својата докторска дисертација. Врз основа на сето тоа и според законските прописи, сметаме дека кандидатот м-р Бранко Атанасов ги исполнува условите и е комплетно стручно оспособен и подобен да работи самостојно на изработката на предложената докторска дисертација.

## 2. Подобност на темата

Во пријавата поднесена од м-р Бранко Атанасов е предложена работна хипотеза и работен наслов **ФОЛИКУЛАРНА РАЗВОЈНА ДИНАМИКА СЛЕДЕНА ПРЕКУ МАСНОКИСЕЛИНСКИОТ СОСТАВ ПРИ МОДИФИЦИРАН СИНХРОНИЗАЦИСКИ ПРОТОКОЛ КАЈ МОЛЗНИТЕ КРАВИ,** за изработка на докторска дисертација. Во образложението кандидатот најнапред дава мошне исцрпен вовед со кој нé запознава со концептот на фоликулински бранови кај високомлечните

крави, како и можноста за подобрување на фертилноста со примена на полинезаситените масни киселини. Имено, детално се опишани фоликулинските бранови и нивните фази преку процесите на регрутација, селекција и доминација. Даден е детален преглед на досегашните литературни податоци кои се однесуваат на испитувања изведени во полето на наоѓање начини за ефикасен метод за контрола на фоликулинските бранови. Во литературниот преглед, како што наведува предлагачот, откриено е дека кај високомлечните крави постојат 2, односно 3 брана, посочувајќи дека почетокот на фоликулинскиот бран започнува два дена порано од овулацијата кога фоликулите се со големина 1-2 мм, додека вториот фоликулински бран започнува 9.-10. ден кај кравите со два фоликулински брана, односно 8.-9. ден кај крави со три фоликулински брана, додека третиот бран започнува на 15.-16. ден од естралниот циклус. Во продолжение, предлагачот врз база на податоците од истражувањето на литературата ги опишува методите за контрола на естралниот циклус, при што детално ја опишува улогата на простагландините $PGF_{2\alpha}$.

Во посебен поднаслов на воведот, кандидатот го опишува значењето на мастите за организмот на животните, а особено за одржувањето на репродуктивните функции. Наведена е литература од понов датум, со оглед на фактот дека и истражувањата започнуваат по последните години од минатиот век. Нагласена е улогата на полинезаситените масни киселини, како во синтезата на репродуктивните хормони (стероидни и простагландини), така и за правилната фоликулогенеза.

**Цели на истражувањето.** Врз основа на согледувањето на кандидатот и големиот број литературни податоци за досегашните испитувања, како и потребата за изнаоѓање метода, за точно предвидување на времето на осеменување што ќе го направи подостапен до корисниците, тој пред себе ја поставува следнава главна цел:

1. да се идентификува начинот и динамиката на раст на фоликулите по отстранување на доминантниот фоликул при синхронизациски протокол.

Посебните цели на истражувањето дизајнирано од страна на кандидатот би биле:

- влијанието на големината и староста на предовулаторните фоликули врз големината и функционалноста на жолтото тело;
- одредување на маснокиселинскиот состав во фоликулинската течност;
- застапеноста на полинезаситените масни киселини и нивна корелација со концентрацијата на естрадиол во фоликулинската течност;
- влијанието на полинезаситените масни киселини врз прогестеронемијата.

## Материјал и метод на работа

Истражувањато би опфатило околу 100 молзни крави од неколку големи краварски фарми во Република Македонија. Критериум да кравите да бидат вклучени во експериментот би бил да имаат нормален репродуктивен статус со присуство на функционално жолто тело при што за таа цел, тие ќе бидат ултразвучно прегледани и подложени на синхронизациски протокол. Синхронизацискиот протокол ќе биде извршен со двократна апликација на простагландини PGF во временски интервал од единаесет дена. Кравите ќе бидат поделени во две групи. Првата група би ја претставувала експерименталната група (n=50), додека втората група би ја претставувала контролната група (n=50). Самиот експеримент би се изведувал во два дела. Првиот дел би вклучил ултразвучен мониторинг на фоликулогенезата по синхронизација на еструсот и аспирација на доминантниот фоликул со последователно следење на динамиката на развој на новоформираното жолто тело. Вториот дел би вклучил лабораториско испитување на концентрацијата на естрадиол во фоликулинската течност, испитување на плазменото ниво на прогестерон, како и испитување на маснокиселинскиот состав во фоликулинската течност на F1 од првиот и вториот фоликулински бран.

Ултразвучниот преглед би се извел со ултразвучен апарат марка Aloka 500 SSD, со ректална линерна сонда од 7.5 MHz. Јајчниците ќе бидат скенирани во неколку пресеци сè додека целата нивна површина не се прегледа. Сликата ќе биде „замрзнувана" и потоа ќе биде мерен дијаметарот на фоликулите и жолтото тело со вграден електронски шестар (caliper – system). Заради документирање и ретроспективна анализа, сликата од екранот ќе се печати на термален печатар (video copy processing unit, model P60B, Mitsubishi Electr. Co. Ltd, Japan). Ултразвучната насочена аспирација ќе биде изведена со ултразвучен апарат марка Aloka 500 SSD, со секторска вагинална сонда од 7.5 MHz, со игла за една употреба со димензии *0.9 mm* × *600 mm* и вакуумски притисок од 80 mmHg еквивалентен на проток од 12 ml/min, а одредувањето на концентрацијата на масните киселини од фоликулинската течност ќе се анализира со гасна хроматографија FID (Flame Ionization Detector), со претходна дериватизација на масните киселини до нивни метил естри. Мострите за испитување на концентрацијата на естрадиол во фоликулинската течност ќе бидат земени со помош на ултразвучна насочена аспирација. Тие ќе бидат собирани во епрувети и ќе бидат транспортираат во рачни фрижидери до лабораторијата каде ќе се врши квантитативното мерење на естрадиолот со помош на EIA (ензимски имуно есеј). Мострите крв од кои ќе се испитува плазменото ниво на прогестеронот ќе бидат земени со пункција на вена југуларис и/или од опашна вена. Истите ќе бидат собирани во хепаринизирани епрувети и ќе се транспортираат во рачни фрижидери до лабораторијата каде што ќе се врши одвојување на крвната плазма и нејзино замрзнување на -30°C. Квантитативното мерење на прогестеронот ќе се врши со EIA (ензимски имуноесеј).

**Очекувани резултати**

Од добиените резултати се очекува да се утврди начинот и динамиката на фоликулогенезата, со што би се овозможило подетално модифицирање на сихронизациските протоколи, со цел предвидување и утврдување на правото време на осеменување. Со тоа би се зголемила можноста за подобрување на степенот на концепција кај високомолзните крави. Од друга страна, би се открило и влијанието на полинезаситените масни кисели врз развојот на фоликулите, како и нивното влијание врз концепцијата, а преку тоа и препорака за нивно воведување во секојдневната дажба. Од горе изнесеното од ова истражување најголем бенефит би имале млекопроизводителите кои преку подобрување на репродуктивните перформанси би ја запазиле економската искористливост на високомолзните крави.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставениот материјал од м-р Бранко Атанасов за подобност на кандидатот и пријавената тема за изработка на докторска дисертација под наслов: „Фоликуларна развојна динамика следена преку маснокиселинскиот состав при модифициран синхронизациски протокол кај молзните крави", Рецензентската комисија е на мислење дека предложената тема претставува научна проблематика вредна за истражување. Сметаме дека се работи за актуелна проблематика со оглед на тоа што во последната деценија генетската селекција на кравите се насочи кон зголемување на млекопроизвотството што придонесе до намалување на фертилноста.

Предлог-работната хипотеза за изработка на докторска дисертација под горенаведениот наслов од областа на репродукцијата на домашните животни е добро замислена и образложена. Целите што се поставени во оваа работа се добро конкретизирани, функционално поврзани, а за нивна реализација е предвидена соодветна методологија. Очекуваните резултати се, исто така, конкретни, јасни и ќе имаат пошироко научно значење. Со ова истражување ќе се воведат и методи за контрола на естралниот циклус, можност за спречување на раната ембрионална смртност преку спречување на лутеолизата на жолтото тело со внесување на одреден дел на полинезаситени масни киселини и одредување на точното време на осеменување.

Овие истражувања би биле оригинални научни истражувања со фундаментално и практично значење. Притоа, добиените податоци ќе претставуваат солидна основа за идни понатамошни истражувања.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија е уверена дека кандидатот м-р Бранко Атанасов поседува солидни научноистражувачки квалитети, како и задоволителна теоретска и стручна подготвеност да се соочи и квалитетно да го изработи предложеното истражување. Како резултат на тоа, Рецензентската комисија поднесената предлог-работна хипотеза позитивно ја оценува и му препорачува на Наставно-научниот совет да ја прифати и одобри изработката на оваа докторска дисертација под истиот наслов и да одреди ментор за раководење во текот на изработката.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Тони Довенски, редовен професор, с.р**

**Проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор, с.р**

**Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, вонреден професор, с.р**

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на
**ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Маја Ивановска | „Културолошки аспекти на драмскиот опус на Венко Андоновски“<br><br>"Cultural Aspects of Dramatic Opus Venko Andonovski" | Проф. д-р Наташа Аврамовска |
| 2. | Наташа Крстевска | „Македонските театарски фестивали – нивната улога и придонес во развојот на македонската театарска уметност“<br><br>“The Macedonian Theatre Festivals – their Role and Contribution to the Development of the Macedonian Stagecraft” | Проф. д-р Наташа Аврамовска |
| 3. | Здравко Стојкоски | „Ново поимање на историјата, нејзиното место и улога во современите културни и општествени околности“<br><br>"New Understanding of History, its Place and Role in Contemporary Cultural and Social Circumstances" | Доц. д-р Ана Мартиноска |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ТРУДОТ „ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО КНИГА ПРВА, ПАРНИЧНО ПРАВО (ВТОРО ИЗМЕНЕТО И ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ)"
# ОД АВТОРИТЕ Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ И Д-Р ТАТЈАНА ЗОРОСКА - КАМИЛОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, бр.02-618/55 од 7.9.2009 година, донесена на седницата одржана на 3.9.2009 година, заедно со проф. д-р Симен Гелевски, бевме определени за рецензенти на учебникот "Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право", од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска. По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, поднесовме извештај со препорака Наставно - научниот совет да го прифати трудот како основен учебник по предметот граѓанско процесно право.

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 13.11.2009 годин,а го усвои нашиот извештај и донесе одлука со која одобри користење на трудот како постојан учебник по предметот граѓанско процесно право – парнично право.

Со оглед на тоа дека во август 2010 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ" бр.116/2010), со кој се изменети или дополнети вкупно 101 член од Законот за парничната постапка, проф. д-р Арсен Јаневски и проф. д-р Татјана Зороска - Камиловска пристапија кон изготвување на второ изменето и дополнето издание на учебникот "Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право", со цел усогласување на текстот на учебникот со позитивноправните решенија во областа на парничното постапување. Наставно - научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 24.2.2012 година, утврди потреба за издавање на второ изменето и дополнето издание на овој учебник и повторно нѐ определи за рецензенти. Текстот на второто изменето и дополнето издание на учебникот ми е доставен на повторно рецензирање.

Второто изменето и дополнето издание на учебникот "Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право" има 551 страница. Со него е задржана истата структура востановена со првото издание. Методите и формата на обработка на предметната проблематика, исто така, остануваат исти. Поради тоа, сметам дека не е потребно повторно да дадам приказ на содржината на ова второ издание од учебникот и сметам дека е доволно ако за тоа упатам на нашата претходна рецензија.

Сепак, иако второто издание на учебникот ја има истата структура како и претходното, текстот на учебникот претрпел значајни измени. Тие се резултат на напорите на авторите критички да го елаборираат новите законски решенија во контекст на целината на законскиот текст, како и на целите на законодавните измени. Направен е обид што пообјективно да се обработат и оценат новините во парничната постапка инаугурирани со Новелата од 2010 година. Авторите укажуваат на недоволно прецизната, а понекогаш и недоследна редакција која ја руши конзистентноста на законскиот текст и го доведува во прашање неговиот интегритет. Поради тоа, авторите се принудени за одделни прашања да изразат и конкретни ставови за начинот на надминување на постојните недоследности на

нормативен план, кои можат да послужат како основа за натамошно постудиозно проучување и соодветно нормативно вообликување на одделните процесни институти. Тоа му дава посебна вредност и значење на второто издание на учебникот „Граѓанско процесно право книга прва парнично право".

Имајќи ги предвид карактеристиките и квалитетите на понудениот текст на трудот "Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право" - второ изменето и дополнето издание од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и проф. д-р Татјана Зороска - Камиловска, задоволство ми е да му препорачам на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој труд како основен учебник по соодветниот предмет што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 24.2.2012 година Рецензент

Проф. д-р Гордана Станковиќ с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ТРУДОТ "ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО КНИГА ПРВА, ПАРНИЧНО ПРАВО (ВТОРО ИЗМЕНЕТО И ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ)"
# ОД АВТОРИТЕ Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ И Д-Р ТАТЈАНА ЗОРОСКА - КАМИЛОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, бр.02-618/55 од 7.9.2009 година, донесена на седницата одржана на 3.9.2009 година, со проф. д-р Гордана Станковиќ, бевме определени за рецензенти на учебникот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право", од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска. По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, поднесовме извештај со препорака Наставно - научниот совет да го прифати трудот како основен учебник по предметот граѓанско процесно право.

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 13.11.2009 година, го усвои нашиот извештај и донесе одлука со која одобри користење на трудот како постојан учебник по предметот граѓанско процесно право – парнично право. Одлуката е заведена под бр. 02-929/17 од 19.11.2009 година.

Собранието на Република Македонија во август 2010 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ" бр.116/2010) со кој се изменети или дополнети вкупно 101 член од Законот за парничната постапка (кој инаку содржи 477 члена), поради што авторите, проф. д-р Арсен Јаневски и проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска, пристапија кон изготвување на второ изменето и дополнето издание на учебникот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право", со цел текстот на учебникот да го усогласат со позитивноправните решенија во областа на парничното постапување, а со тоа на студентите да им овозможат совладување на материјалот од соодветниот предмет според актуелната литература.

Наставно - научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 24.2. 2012 година, утврди потреба за издавање на второ изменето и дополнето издание на овој учебник и повторно нѐ определи за рецензенти. Текстот на второто изменето и дополнето издание на учебникот ми е доставен на повторно рецензирање.

Второто изменето и дополнето издание на учебникот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право" има 551 страница. Во ова второ изменето и дополнето издание, авторите ја задржуваат истата структура на учебникот што ја востановија со првото издание. Методите и формата на обработка на предметната проблематика, исто така, остануваат исти. Текстот на учебникот е работен главно со користење на позитивноправниот метод, со адекватна мера на застапеност и на теоретскиот, историскиот и компаративниот метод. Имајќи го предвид ова, сметам дека не е потребно повторно да ја образложувам содржината на ова второ издание од учебникот, туку сметам за доволно ако за тоа упатам на рецензијата што претходно сум ја потпишал за неговото прво издание.

Во врска со второто издание на учебникот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право", сметам дека е потребно посебно да укажам на следново. Иако, второто издание на учебникот ја има истата структура, како и претходното, евидентно е дека текстот на учебникот претрпел значајни измени.

претходното, евидентно е дека текстот на учебникот претрпел значајни измени. Авторите вложите голем труд за критички да ги елаборираат новите законски решенија во контекст на целината на законскиот текст, како и на целите на законодавните измени. Направен е обид што пообјективно да се обработат и оценат новините во парничната постапка инаугурирани со новелата од 2010 година. Авторите укажуваат на недоволно прецизната, а понекогаш и недоследна редакција која ја руши конзистентноста на законскиот текст и го доведува во прашање неговиот интегритет. Поради тоа, авторите се принудени за одделни прашања да изразат и конкретни ставови за начинот на надминување на постојните недоследности на нормативен план, кои можат да послужат како основа за натамошно постудиозно проучување и соодветно нормативно вообликување на одделните процесни институти. Тоа му дава посебна вредност и значење на второто издание на учебникот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право". Исто така, сакам посебно да нагласам дека овој текст на учебникот, што сега ми се доставува на рецензија, содржински е изменет и дополнет повеќе од 25% во однос на претходното издание, така што се исполнети сите формални услови предвидени со закон, учебникот да се печати како второ изменето и дополнето издание.

Имајќи ги предвид карактеристиките и квалитетите на понудениот текст на трудот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право" - второ изменето и дополнето издание од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и проф. д-р Татјана Зороска - Камиловска, задоволство ми е да му препорачам на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да ја усвои мојата рецензија и да донесе одлука овој труд да се користи како основен учебник по предметот граѓанско процесно право што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 24.2.2012 година

Рецензент

Проф. д-р Симеон Гелевски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗЕЛЕНЧУК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на XXXVI седница одржана на 6.2.2012 год. и со решение на деканот бр. 02-68/7 од 6.2.2012 год., формира Рецензентска комисија во состав: д-р Ѓорѓи Мартиновски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Рукие Агич, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на научно-стручната и наставната дејност и да даде извештај за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во согласност со објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" на 20. 1. 2012 год. и „Koha" на 18. 1. 2012.

Комисијата ја прегледа поднесената документација и до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за повторен избор на соработник во соработничко звање-асистент во научната област зеленчук на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" на 20. 1. 2012 год. и „Koha" на 18. 1. 2012, се пријави кандидатката м-р Звезда Богевска, асистент на група предмети по градинарство.

### Биографски податоци

Кандидатката Звезда Богевска е родена на 30.8.1980 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1999/2000 година на градинарско-цвеќарската насока. Студиите на овој Факултет ги завршила во декември 2003 година со среден успех 9,48. За најдобар дипломиран студент ѝ е доделено признанието „Инженерски прстен".

Од учебната 2002/2003 година беше ангажирана како демонстратор на група предмети по градинарство на Катедрата за градинарство и цвеќарство.

Во ноември 2004 година е избрана во звањето помлад асистент на група предмети по градинарство.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на постдипломски студии на групата градинарство. Во декември 2008 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Влијание на видот на супстратот врз квалитетот на расадот, растот и развитокот на пиперката (*Capsicum annuum L.*)".

Во декември 2008 пријави тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов: "Физиологија и технологија на чување на поважни типови кромид во Р. Македонија".

Во јуни 2009 година е избрана за асистент на група предмети по градинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во периодот 2004-2007 година учествувала на следниве обуки во странство:

- "Production agricole et sécurité alimentaire", 2004. Меѓународен курс од областа на безбедна храна, организиран од Факултетот за земјоделство и применети биолошки науки во Гент, Белгија ;
- "Integrated/organic production of vegetables in green houses", 2004. Меѓународен курс од областа на инегрално градинарско производство во заштитени простори, организиран од Меѓународниот центар за медитерански земјоделски студии како дел од проектот "Одржлив развој во производството на зеленчук и овошје" за Балканот, одржан во Бари, Италија;
- "Research & Development in postharvest practices", 2007. Меѓународен курс за постбербените процеси на свежи производи, организиран од Министерството за надворешни работи и Министерството за земјоделство и рурален развој во Волкани центарот, Бет Даган, Израел.

Од 2004 година, Звезда Богевска е вклучена како соработник во проектите на Катедрата за градинарство и цвеќарство и Земјоделскиот институт во Скопје. Исто така, своето знаење и научно-истражувачката дејност ги продлабочува преку учество на семинари, трибини и симпозиуми.

Во 2005 година била член на невладината организација "Еко-мисија" во Скопје. Во рамките на активностите била вклучена во работната група за рурален развој при CEEWEB-мрежата каде што оваа организација членува.

Во периодот од 2007 до 2009 била член на EUCARPIA (European association for research on plant breeding).

Активно се служи со англискиот јазик и солидно ги владее Microsoft Office програмите.

**Наставна дејност**

Звезда Богевска за време на студиите во учебната 2002/2003 година била ангажирана како демонстратор на Катедрата за градинарство и цвеќарство. Во ноември 2004 година, на Земјоделскиот факултет во Скопје, е избрана за помлад асистент на група предмети по градинарство. На градинарско-цвеќарската и на другите насоки изведува вежби на група предмети по градинарство.

Има совесен и сериозен пристап при одржувањето на вежбите и нив ги одржува квалитетно. Изведува теренска настава по наведените предмети, соработрува со студентите, им помага во изработката на семинарски работи, изнаоѓање литература и друго. Освен во подготовката и одржувањето на вежбите, Звезда Богевска е вклучена во редовните активности на Катедрата за градинарство и цвеќарство.

**Научноистражувачка и апликативна дејност**

Звезда Богевска е активно вклучена во научноистражувачката и апликативната дејност на Катедрата за градинарство и цвеќарство.

Учествувала во проектите:

- „Алтернативни техники за производство на здрав и квалитетен расад од градинарски и цвеќарски видови", национален истражувачки проект, 2003-2006, финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија - Скопје;

- „Развојна мрежа за растителни генетски ресурси на Југоисточна Европа", 2004-2014, член на работната група за зеленчук во проектот SEEDNet, финансиран од Шведската меѓународна агенција за развој - СИДА.

Кандидатката м-р Звезда Богевска, до изборот во звањето асистент на група предмети по градинарство во јуни 2009, како автор или коавтор објавила 9 научни и стручни трудови. Од тогаш до постапката за повторен избор во соработничко - звање асистент во научната област зеленчук, како автор и коавтор ги има објавено следниве научни и стручни трудови:

1. Гордана Попсимонова, Ѓорѓи Мартиновски, Данаил Јанкуловски, **Звезда Богевска**, Маргарита Давитковска, Игор Иљовски. 2011. Состојби и перспективи при чување на свеж зеленчук во Република Македонија. Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал", Скопје, стр. 33-36.

Со цел да се даде преглед на состојбата и перспективите при чување на свежиот зеленчук во Република Македонија, наведено е значењето од потребата за чување на свежиот зеленчук бидејќи се проценува дека 25-80% од вкупно произведениот зеленчук во светот не стигнува до потрошувачите поради несоодветниот однос и услови во периодот после бербата. Затоа, и понатаму постојано се работи во насока на зачувување на квантитетот и квалитетот со зголемување на рамништето на агротехничките мерки (во корелација со биолошките фактори), претпазливост во манипулацијата, намалувањето на калото меѓу бербата и продажбата, создавање добро обучени тимови што ќе ги спроведуваат пропишаните одредби, правила и услови. Основен проблем кој се однесува на чувањето на зеленчук е недостатокот на ладилници и опрема за сортирање и пакување на продуктите. Ова се смета како една од причините за намалување на трајноста, квалитетот и со тоа и на цените на градинарските производи. Како можни решенија се користење на адекватни практики кои можат многу да влијаат на квалитетот на финалниот производ, правилно одредување на времето и фазата на берба на зеленчуците, како и изборот на сорти кои имаат поголема трајност.

2. Ѓорѓи Мартиновски, Миле Пешевски, Ненад Георгиев, Александра Мартиновска-Стојческа, **Звезда Богевска**, Маргарита Давитковска, Игор Иљовски. 2011. Поважни аспекти за чувањето зеленчук наменет за извоз во Европската унија. Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал", Скопје, стр. 37-47.

Република Македонија е нето-извозник на градинарски производи. Трговијата со зеленчук главно се однесува на пет најзначајни производи: домати, пиперки, зелка, бостан и краставици. Земјите од Европската унија (ЕУ-27) претставуваат најзначен пазар за извоз на земјоделско-прехранбени производи. Авторите на овој труд направиле анализа на производството, трговијата и цените на градинарски производи и чувањето на зеленчук како маркетинг-стратегија. Вкупното учество на зеленчук во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во 2008 година изнесува 17,9% (ДЗС, 2009). Тој, во количество и вредност, бележи стабилен пораст во изминатиот период. Извозот, особено кон Европската унија,

вклучува високи стандарди во однос на квалитетот на производите, пакувањето и условите за транспорт. Исто така, потребата за големи и стабилни количества на стандардиризани производи отвора можности за зголемување на извозот на свеж и разладен зеленчук во иднина. Чувањето на градинарски производи наменети за извоз овозможува пласман и надвор од вообичаената сезона.

3. Ѓорги Мартиновски, Данаил Јанкулоски, **Звезда Богевска**, Игор Иљовски, Маргарита Давитковска. 2011. Загуби при чување на плодови од некои сорти домати одгледувани во пластеници. Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал", Скопје, стр. 48-54.

Доматот е една од најзначајните градинарски култури кај нас и во светот. Плодовите генерално се одликуваат со голема содржина на вода зависно од сортата, условите во средината и технологијата на производство. Имајќи ја предвид нивната структура, конзистенција и сл., во постбербениот период се одвиваат одредени биохемиски процеси со различен интензитет зависно од условите и технологијата на чување. Како резултат на биохемиските процеси настануваат загуби на маса (калирање), губење на вкусовите квалитети и намалување на хранливите вредности.
Во овој труд се изнесени резултати за загубите на плодови од неколку хибриди домати одгледувани во незатоплувани заштитени простори - пластеници. Авторите утврдиле различен степен на загуби на маса кај одделните одгледувани хибриди. Загубите биле изразени особено од 20-тиот ден на складирањето и изнесува 28% кај хибридите Ballet и Jena, а најмали загуби 7,4 % и 7,7 % кај хибридите Melodia и Magnus. Утврдена е корелација за сите сорти и заедничка корелација во однос на загубите на маса во %, деновите на чување и температурите.

4. Рукие Агич, Ѓорѓи Мартиновски, **Звезда Богевска**, Ранкица Божиновска, Маргарита Давитковска, Афродита Абушоска, Игор Иљовски. 2011. Превенција од проникнување на кромидот во текот на чувањето со примена на ретардант за пораст во Гостиварско (Р. Македонија). Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал", Скопје, стр. 55-58.

Кромидот е значајна градинарска култура во Р. Македонија. Гостиварскиот е еден од реоните каде што традиционално се одгледува добро познатата гостиварска аршлама. Особено жителите од селата Горна и Долна Бањица својот живот го посветиле на одгледување на гостиварската аршлама која голем дел од населението е основна егзистенција. Кај аршламите вкупните загуби се движат од 57 до 70 % за период на чување. Значајна загуба е проникнувањето на луковиците, кое посебно е изразено кај слатките аршлами. Затоа во практиката се применуваат ретарданти на пораст. За решавање на проблемот со проникнување на кромидот, беше употребен препаратот Royal MH-30 во количество од 12,5 l/ha (125 ml на 100 $m^2$), кога 50% од кромидот беше полегнат и сè уште имаше физиолошки активни зелени листови. Овој препарат за прв пат е применет во 2008 година во гостиварскиот реон на експериментално ниво, каде што покажа одлични резултати. Разликите во загубите од проникнување беа големи кога температурите почнаа да се зголемуваат во периодот април, мај, со што кај контролата тие изнесуваа над 70%.

Во овој труд, со цел да се намали проникнувањето, авторите го примениле препаратот Royal MH-30 во количество од 12,5 l/ha (125 ml на 100 $m^2$), кога 50% од кромидот беше полегнат и сè уште имаше физиолошки активни зелени листови.

5. Маргарита Давитковска, **Звезда Богевска**, 2010. Влијание на видот на супстратот врз порастот на расад од PETUNIA HYBRIDA GRANDIFLORA HORT. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Година/Volume 55, стр. 5-14.

Авторите во овој труд го утврдиле влијанието на видот на супстратот врз порастот на расад од *Petunia hybrida grandiflora hort.*, извршени се испитувања со два вида супстрати за производство на расад: Floradur B fine и Floradur B special, производ на германската фирма Floragard. За контрола е користен супстрат кој традиционално се употребува и се подготвува во ЈП „Паркови и зеленило" - Скопје. Во согласност со методиката на работа и целта на истражувањето, за утврдување на порастот на расадот, анализирани се следниве биометрички параметри: должина на растение без корен, должина на корен, дебелина на стебло, маса на растение и број на разгранувања. Добиените резултати статистички се анализирани и тестирани со LSD на ниво од 0,05 и 0,01.
Според анализираните параметри, расадот од *Petunia hybrida grandiflora hort.* којшто е произведен во готови супстрати е многу поквалитетен од расадот произведен на подготвениот супстрат, кој традиционално се користи во ЈП „Паркови и зеленило" во Скопје.
Имено, должината на надземниот дел, должината на корен и дебелината на стебло покажуваат околу два пати поголеми вредности во однос на контролата. Бројот на разгранувања, кај расадот произведен во готови супстрати, изнесува од 3 до 6 гранки, додека кај расадот од контролната варијанта нема разгранувања за одредениот период на вегетација. Резултатите од овој труд укажуваат на големото значење на готовите сертифицирани супстрати со познато потекло во производството на квалитетен расад од *Petunia hybrida grandiflora hort.*

6. **Звезда Богевска**, Маргарита Давитковска 2010. Влијание на квалитетот на расадот одгледуван на различни супстрати врз приносот на пиперката. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Година/Volume 55, стр. 15-21.

Речиси целокупното производството на пиперка, во заштитени простори, е со расад. Најбитно е расадот да биде во добра кондиција, здрав, без значајни нарушувања во развојот, што е резултат на низа фактори за време на расадопроизводството.
Еден од факторите е правилниот избор на медиум или супстрат погоден за производство на расад од пиперката. За таа цел, во 2006 година, расадот од пиперка, сорта Blondy $F_1$, е одгледуван во пет супстрати: Potgrond H, Humovit univerzalni, Profi, Floradur A и Floradur B special, кои беа споредувани со готов супстрат збогатен со минерални материи и како контрола. Расадот беше расаден во производно одделение со цел да се утврди влијанието врз масата на плодот и на приносот.
Од едногодишните резултати се покажа дека масата на плодот е во врска со приносот. Повисоки приноси на единица површина, во однос на контролата, се добиени од расадот произведен во супстратите Floradur A и Floradur B special, и тоа

за 7,5 и 9,6 % соодветно. Во овој труд се потврдува мислењето дека успехот во производство на финален производ во голема мера зависи од квалитетот и здравствената состојба на претходно произведениот расад.

7. **Звезда Богевска**, Маргарита Давитковска, Игор Иљовски, Биљана Ристовска 2010. Потенцијалот на Република Македонија во создавање на бренд сорти од зеленчукови култури. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Година/Volume 55, стр. 23-29.

Во Република Македонија постојат поволни услови за успешно производство и пласман на градинарските производи.

Во вредноста на растителното производство, градинарските култури имаат најголем удел (37,6%) со вкупна површина од околу 56.000 ha. На околу 90 % од површините се одгледуваат следниве култури; компир, грав, зелка, домат кромид, бостан, пиперка, лук, грашок, леќа и краставица, каде што вкупното производство изнесува околу 764.000 t.

Досега, во Македонија се утврдени и испитани околу 2400 локални автохтони популации, форми и видови зеленчук, а вкупниот број на признаени сорти изнесува 886. Големиот број на признаени сорти не им дава можност на производителите да се определат за најсоодветните според производните услови. Затоа авторите укажуваат дека за полесен избор треба да се следат трендовите на пазарот и добро да се познаваат биолошките карактеристики на сортите.

Во овој труд авторите потенцираат дека големиот број на автохтони популации и малиот број на домашни сорти треба да се разгледува како основа за утврдување на домашен сортимент во создавање на бренд сорти и нивно реонирање според специфичните карактеристики. Во постапката, треба особено да се води грижа за заштитата на стекнатите права на новосоздадените сорти.

Авторите укажуваат дека од големо значење е учеството на државата со цел препознатливост и конкурентност на пазарот (домашен и странски).

8. **Z. Bogevska,** V. Trpeski, D. Jankulovski, M. Dimovska, R. Agic 2009. Bio-stimulating effect of some fertilizers on the yield of pepper. IV$^{th}$ Balkan Symposium on vegetables and potatoes. Act Hort. 830, ISHS.

За да се утврди влијанието на некои ѓубрива со биостимулативно дејство врз приносот на пиперка, бил поставен експеримент во стакленици во Кумановско. Во истражувањата авторите употребиле три различни ѓубрива: Radifarm, Energy и Algiton. За испитување била земена бабура Blondy F1, произведена од расад. За време на вегетацијата, растенијата биле третирани три пати, и тоа: во фаза на расад во корен со 300 ml (0,6% раствор), за време на цветање со 100 ml (0,2% раствор) и за време на плодоносење со 100 ml (0,4% раствор).

Најголем принос, 75,3 t/ha, дала варијантата третирана со Radifarm, со статистичка значајност на ниво 0,05. Другите варијанти, во однос на просечниот принос од две години, не покажале статистичка значајност во споредба со контролната варијанта.

Авторите во овој труд заклучиле дека употребата на ѓубрива со биостимулативно дејство позитивно влије врз приносот на пиперка и можат да се применуваат во практиката како дополнување во прихраната.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на наведените податоци, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Звезда Богевска, асистент на група предмети по градинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во текот на изминатиот период покажала забележителна активност како во однос на извршувањето на наставата, така и во однос на научноистражувачката дејност. Добиените обврски секогаш ги извршува совесно и одговорно.

Врз основа на напред изнесеното и согласно со исполнетите законски услови, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му предложи, за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област зеленчук **да биде избрана м-р Звезда Богевска.**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски с.р.

Проф. д-р Рукие Агич с.р.

Проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЦВЕЌЕ И ДЕКОРАТИВНИ РАСТЕНИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на XXXVI седница одржана на 6.2.2012 год. и со решение на деканот бр. 02-68/7 од 6.2.2012 год., формира Рецензентска комисија во состав: д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на научно-стручната и наставната дејност и да даде извештај за повторен избор на еден соработник во звањето асистент во научната област цвеќе и декоративни растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во согласност со објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" од 20.1.2012 година и весникот „Koha" од 18.1.2012 година.

Комисијата ја прегледа поднесената документација и до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за повторен избор на еден соработник во соработничко звање - асистент во научната област цвеќе и декоративни растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" од 20.1.2012 година и весникот „Koha" од 18.1.2012 година, се пријави кандидатката м-р Маргарита Давитковска, асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство.

### Биографски податоци

Кандидатката Маргарита Давитковска е родена на 10.7.1977 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје, со континуиран одличен успех.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1998/1999 година на градинарско-цвеќарската насока, а дипломирала во септември 2003 година, со што се стекнала со звањето дипломиран земјоделски инженер.

Во учебната 2002/2003 година на Земјоделскиот факултет во Скопје, на Катедрата за градинарство и цвеќарство, беше ангажирана како демонстратор на група предмети по цвеќарство и градинарство.

Во ноември 2004 година, на Земјоделскиот факултет во Скопје, беше избрана за помлад асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство.

Во учебната 2004/2005 година се запиша на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, на групата цвеќарство.

Во јуни 2007 година пријави магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, под наслов „Влијание на видот на супстратот врз квалитетот на расадот од Petunia hybrida grandiflora hort.". Магистерскиот труд го одбрани на 15.10.2008 година, со што се стекна со звањето магистер на земјоделски науки, група: цвеќарство.

Во декември 2008 година пријави докторски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, под наслов „Одредување на режим на исхрана за добивање на квалитетен расад од Pelargonium hortorum L.H.Bail.".

Од 2004 година, вклучена е и учествува во истражувачки активности на Катедрата за градинарство и цвеќарство. Исто така, своето знаење го продлабочува преку учество на семинари, курсеви и работилници.

Активно се служи со англискиот јазик и солидно ги владее Microsoft Office програмите.

Учество на курсеви, работилници, семинари, трибини, симпозиуми и во давање советодавни услуги:

- курс: „Развој на земјоделството и управување со фарми" ("Agricultural Development and Farm Management"), Египет, 2003, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Скопје и Министерство за земјоделство - Каиро, Египет;
- работилница: „Конкурентност на поединечни земјоделски производи (домат, пиперка, компир)", Скопје, 2005, SFARM & SIDA;
- семинар "EUREP GAP-стандарди", Скопје, 2006, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- трибина: „Балконско цвеќе", Скопје, 2006, Здружение на жени од општина Гази Баба, општина Гази Баба;
- учество во програмата за поддршка на советодавните услуги во земјоделството „Подобрување и унапредување на технологијата на производство на режен цвет од Gerbera sp. и Chrysanthemum sp. во Гевгелија", Гевгелија, 2007-2008, во организација на OPTO International AB/MAASP Programe office Skopje Macedonia.

**Наставна дејност**

М-р Маргарита Давитковска уште како апсолвент, во учебната 2002 година започнала со работа на Земјоделскиот факултет во Скопје како демонстратор на Катедрата за градинарство и цвеќарство. Во ноември 2004 година, на Земјоделскиот факултет во Скопје, беше избрана за помлад асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство. На градинарско-цвеќарската насока изведува вежби по следниве предмети: општо градинарство и цвеќарство, заштитени простори, цвеќарство на отворено, одгледување на цвеќе во заштитен простор, беспочвено одгледување на зеленчук и цвеќе, производство на семе и саден материјал од градинарски и цвеќарски култури. На екоземјоделската насока изведува вежби по предметот цвеќарство, а на насоката за преработка на земјоделски производи изведува вежби по предметот познавање на зеленчукот.

Има многу совесен и сериозен пристап при одржувањето на вежбите и нив ги одржува квалитетно. Ја организира теренската настава по наведените предмети, тесно соработува со студентите, им помага во организирање на семинарски работи, изнаоѓање литература и друго. Освен во подготовката и одржувањето на вежбите, м-р Маргарита Давитковска е вклучена во редовните активности на Катедрата за градинарство и цвеќарство.

**Научноистражувачка и апликативна дејност**

Дипл.земј.инж. Маргарита Димовска е активно вклучена во научноистражувачката и апликативната дејност на Катедрата за градинарство и цвеќарство.

Учество во проекти:

- Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, „Алтернативни техники за производство на здрав и квалитетен расад од градинарски и цвеќарски видови", национален истражувачки проект, 2003-2006, Министерство за образование и наука на Р. Македонија - Скопје;
- Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, „Инвертаризација и колекционирање на семенски материјал од автохтони популации на лековити и ароматични растенија (ЛАР)", 2004-2006, Министерство за образование и наука на Р. Македонија - Скопје;
- Јавна научна установа Земјоделски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, „Развојна мрежа за растителни генетски ресурси на Југоисточна Европа", 2004-2014, Шведска меѓународна агенција за развој - SIDA;
- Здружение на студенти на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - „Дрен", „Дендропарк-училница во природа", 2007-2008, SIDA, SECTOR - програма за поддршка на граѓански здруженија од областа на животната средина во Југоисточна Европа.

Кандидатката м-р Маргарита Давитковска, до изборот во звањето асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство во март 2009 год., како автор или коавтор објавила шест научни и стручни труда. Од тогаш, до постапката за повторен избор на еден соработник во звањето асистент во научната област цвеќе и декоративни растенија, како автор или коавтор ги објавила следниве научни и стручни трудови:

1. Гордана Попсимонова, Ѓорѓи Мартиновски, Данаил Јанкуловски, Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**, Игор Иљовски, 2011. Состојби и перспективи при чување на свеж зеленчук во Република Македонија. Зборник на трудови и презентации од второ советување и работилница „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал ", Скопје, 33-36.

Со цел да се даде преглед на состојбата и перспективите при чување на свежиот зеленчук во Република Македонија, наведено е значењето од

потребата за чување на свежиот зеленчук, бидејќи се проценува дека 25 до 80% од вкупно произведениот зеленчук во светот не стигнува до потрошувачите, поради несоодветниот однос и услови во периодот по бербата.

Затоа, и понатаму постојано се работи во насока на зачувување на квантитетот и квалитетот со зголемување на рамништето на агротехничките мерки (во корелација со биолошките фактори), претпазливост во манипулацијата, намалувањето на калото меѓу бербата и продажбата, создавање добро обучени тимови што ќе ги спроведуваат пропишаните одредби, правила, услови и сл.

Основен проблем кој се однесува на чувањето на зеленчук е недостатокот на ладилници и опрема за сортирање и пакување на продуктите. Ова се смета како една од причините за намалување на трајноста, квалитетот, а со тоа и на цената на градинарските производи. Како можни решенија се користењето на соодветни практики, кои можат многу да влијаат на квалитетот на финалниот производ, правилно одредување на времето и фазата на берба на зеленчукот, како и изборот на сорти кои имаат поголема трајност.

2. Ѓорѓи Мартиновски, Миле Пешевски, Ненад Георгиев, Александра Мартиновска-Стојческа, Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**, Игор Иљовски, 2011. Поважни аспекти за чувањето зеленчук наменет за извоз во Европската унија. Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал ", Скопје, 37-47.

Република Македонија е нето - извозник на градинарски производи. Трговијата со зеленчук главно се однесува на пет најзначајни производи: домати, пиперки, зелка, бостан и краставици. Земјите од Европската унија (ЕУ-27) претставуваат најзначаен пазар за извоз на земјоделско-прехранбени производи.

Целта на овој труд е анализа на производството, трговијата и цените на градинарски производи, како и чувањето на зеленчук како маркетинг - стратегија.

Вкупното учество на зеленчук во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во 2008 година изнесува 17,9% (ДЗС, 2009). Извозот, особено кон Европската унија, вклучува високи стандарди во однос на квалитетот на производите, пакувањето и условите за транспорт.

Исто така, потребата за големи и стабилни количества на стандардизирани производи отвора можности за зголемување на извозот на свеж и разладен зеленчук во иднина. Чувањето на градинарски производи наменети за извоз овозможува пласман и надвор од вообичаената сезона.

3. Ѓорѓи Мартиновски, Данаил Јанкуловски, Звезда Богевска, Игор Иљовски, **Маргарита Давитковска**, 2011. Загуби при чување на плодови од некои сорти домати одгледувани во пластеници. Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје - важна компонента на извозниот потенцијал ", Скопје, 48-54.

Доматот е една од најзначајните градинарски култури кај нас и во светот. Плодовите генерално се одликуваат со голема содржина на вода (92-96%) зависно од сортата, условите во средината и технологијата на производство. Имајќи ја предвид нивната структура, конзистенција и сл., во постбербениот период се одвиваат одредени биохемиски процеси со различен интензитет, зависно од условите и технологијата на чување.

Како резултат на биохемиските процеси настануваат загуби на маса (калиране), губење на вкусовите квалитети и намалување на хранливите вредности.

Во овој труд се изнесени резултати за загубите на плодови од неколку хибриди домати одгледувани во незатоплувани заштитени простори - пластеници.

Утврден е различен степен на загуби на масата кај одделните одгледувани хибриди. Загубите се изразени особено од 20-тиот ден на лагерувањето и изнесуваат 28% кај хибридите Ballet и Jena, а најмали загуби, 7,4% и 7,7% има кај хибридите Melodia и Magnus. Утврдена е корелацијата за сите сорти и заедничка корелација во однос на загубите на маса во проценти, деновите на чување и температурите.

4. Рукие Агич, Ѓорѓи Мартиновски, Звезда Богевска, Ранкица Божиновска, **Маргарита Давитковска**, Афродита Абушоска, Игор Иљовски, 2011. Превенција од проникнување на кромидот во текот на чувањето со примена на ретардант за пораст во Гостиварско (Р.Македонија). Зборник на трудови и презентации од II советување и работилница „Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје важна компонента на извозниот потенцијал ", Скопје, 55-58.

Кромидот е значајна градинарска култура во Р.Македонија. Гостиварскиот е еден од реоните кадешто традиционално се одгледува добро познатата гостиварска аршлама. Особено жителите од Горна и Долна Бањица животот го посветуваат на одгледување на гостиварската аршлама, која за голем дел од населението е основна егзистенција.

Кај аршламите, загубите се движат од 57 до 70% за период на чување октомври - март (Симонов Д. 1980). Значајна загуба е проникнувањето на луковиците, кое е посебно изразено кај слатките аршлами. Затоа, во практиката се применуваат ретарданти на пораст. За решавање на проблемот со проникнување на кромидот, употребен е препаратот Royal MH-30, во количество од 12,5 l/ha (125 ml на 100 $m^2$), кога 50% од кромидот е полегнат и сé уште има физиолошки активни зелени листови. Овој препарат за прв пат е применет во 2008 година во гостиварскиот реон на експериментално ниво, кадешто покажал одлични резултати. Разликите во загубите од проникнување се големи кога температурите се зголемуваат во периодот април - мај, со што кај контролната гајба тие изнесуваат над 70%.

5. **Маргарита Давитковска**, Звезда Богевска, 2010. Влијание на видот на супстратот врз порастот на расад од Petunia hybrida grandiflora Hort., Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, година 55 volume, 5-14.

Со цел да се утврди влијанието на видот на супстратот, врз порастот на расадот од *Petunia hybrida grandiflora hort.*, извршени се испитувања со два вида

супстрати за производство на расад: Floradur B fine и Floradur B special, производ на германската фирма Floragard. За контрола е користен супстрат кој традиционално се употребува и се подготвува во ЈП „Паркови и зеленило"-Скопје.

Во согласност со методиката на работа и целта на истражувањето, за утврдување на порастот на расадот, анализирани се следниве биометрички параметри: должина на растение без корен, должина на корен, дебелина на стебло, маса на растение и број на разгранувања. Добиените резултати статистички се анализирани и тестирани со LSD - тестот на ниво од 0,05 и 0,01.

Според анализираните параметри, расадот од *Petunia hybrida grandiflora hort.* којшто е произведен во готови супстрати е многу поквалитетен од расадот произведен на супстрат кој традиционално се користи во ЈП „Паркови и зеленило"-Скопје. Имено, должината на надземниот дел, должината на коренот и дебелината на стеблото покажуваат околу два пати поголеми вредности во однос на контролата. Масата на растенијата е за седум пати поголема во споредба со контролата.

Бројот на разгранувања, кај расадот произведен во готовите супстрати, изнесува од 3 до 6 гранки, додека кај расадот од контролната варијанта нема разгранувања за одредениот период на вегетација.

6. Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска,** 2010. Влијание на квалитетот на расадот одгледуван на различни супстрати врз приносот на пиперката, Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, година 55 volume, 15-21.

Речиси целокупното производство на пиперка во заштитени простори е со производство на расад. Најважно е расадот да биде во добра кондиција, здрав, без значајни нарушувања во развојот, што е резултат на низа фактори за време на производството на расад.

Еден од факторите е правилниот избор на супстрат погоден за производство на расад од пиперка. За таа цел, во 2006 година, расадот од пиперка, сорта Blondy F1, е одгледуван во пет супстрати: Potgrond H, Humovit univerzalni, Profi, Floradur A и Floradur B special, споредувани со готов супстрат збогатен со минерални материи, како контрола. Расадот беше расаден во производно одделение со цел да се утврди влијанието врз масата на плодот и на приносот.

Од едногодишните резултати се покажа дека масата на плодот е во врска со приносот. Повисоки приноси на единица површина, во однос на контролата, се добиени од расадот произведен во супстратите Floradur A и Floradur B special и тоа за 7,5 и 9,6% соодветно.

7. Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска,** Игор Иљовски, Биљана Ристовска, 2010. Потенцијалот на Република Македонија во создавање на бренд сорти од зеленчукови култури, Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, година 55 volume, 23-29.

Во Република Македонија постојат поволни услови за успешно производство и пласман на градинарски производи.

Во вредноста на растителното производство, градинарските култури имаат најголем удел (37,6%) со вкупна површина од околу 56.000 ha. На околу 90% од површините се одгледуваат следните култури: компир, грав, зелка, домат, кромид, бостан, пиперка, лук, грашок, леќа и краставица, кадешто вкупното производство изнесува околу 764.000 t.

Досега, во Македонија се утврдени и испитани околу 2400 локални автохтони популации, форми и видови зеленчук, а вкупниот број на признаени сорти изнесува 886. Големиот број на признаени сорти не им дава можност на производителите да се определат за најсоодветните, според производните услови.

Големиот број автохтони популации и малиот број домашни сорти треба да се земат како основа за утврдување на домашен сортимент, т.е. за создавање на бренд сорти и нивно реонирање, според специфичните карактеристики.

Од особена важност е државата да земе учество и да даде поддршка со цел препознатливост и конкурентност на пазарот (домашен и странски). Во постапката треба да се води грижа, за заштитата на стекнатите права на новосоздадените сорти.

8. Z.Bogevska, V.Trpeski, D.Jankulovski, **M.Dimovska**, R.Agic, 2009. Bio-Stimulating Effect of Some Fertilizers on the Yield of Pepper, Proceedings of the Fourth Balkan Symposium on Vegetables and Potatoes, Plovdiv, Bulgaria, 651-656.

За да се утврди влијанието на неколку ѓубрива со биостимулативно дејство врз приносот на пиперка, поставен е експеримент во стакленици, во Кумановско. При тоа, употребени се три различни ѓубрива: Radifarm, Energy и Algiton. За испитување е земена бабура „Blondy F1“, произведена од расад. За време на вегетацијата, растенијата се третирани три пати, и тоа: во фаза на расад, во корен со 300 ml (0,6% раствор), за време на цветање со 100 ml (0,2% раствор) и за време на плодоносење со 100 ml (0,4% раствор).

Најголем принос, 75,3 t/ha или 37,4% повеќе од контролата, дала варијантата третирана со Radifarm, со статистичка значајност на ниво од 0,05. Другите варијанти, во однос на просечниот принос од две години, не покажале статистичка значајност во споредба со контролната варијанта.

## Заклучок и предлог

Врз основа на наведените податоци, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Маргарита Давитковска, асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во текот на изминатиот период покажала забележителна активност како во однос на извршувањето на своите работни обврски, така и во однос на своето научно и стручно усовршување. Добиените обврски секогаш ги извршува совесно и одговорно.

Врз основа на напред изнесеното и согласно со исполнетите законски услови, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна да му предложи, за повторен избор на соработник во соработничко звање - асистент во научната област цвеќе и декоративни растенија **да биде избрана м-р Маргарита Давитковска.**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова с.р.
2. Проф. д-р Јане Ацевски с.р.
3. Проф. д-р Гордана Попсимонова с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р БОРО ПОПОВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр.02-3485/2 на Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 29.12.2011 година, формирана е Комисија во состав:

1. доц. д-р Андреј Липеј, Машински факултет – Љубљана
2. проф. д-р Валентино Стојковски, Машински факултет – Скопје
3. доц. д-р Зоран Марков, Машински факултет – Скопје,

со задача да ја прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Боро Поповски и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

**ИЗБОР НА ТИПОТ И ГЕОМЕТРИЈАТА НА УРЕДОТ ЗА ОТКЛОНУВАЊЕ НА МЛАЗОТ КАЈ ПЕЛТОН ТУРБИНА ОД АСПЕКТ НА ОПТИМАЛНИ КОНСТРУКТИВНИ ПАРАМЕТРИ**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 174 од Законот за високото образование, член 23 од измените на ЗВО бр. 17/2011 и член 49 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот м-р Боро Поповски, дипл. маш. инж., е роден на 10.1.1979 година во Битола. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со одличен успех. Машинскиот факултет во Скопје го завршил во јуни 2006 година, на насоката хидротехника, пневматика и автоматика, со одбрана на дипломска работа од областа на хидроцентралите со одлична оценка.

Во јануари 2007 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје при Институтот за хидротехника, пневматика и автоматика, истражувачко подрачје: хидроенергетика. Постдипломските студии ги завршил во декември 2011 година со одбрана на магистерски труд под наслов „Нумеричка анализа на струењето и оптеретувањето на работни делови кај Пелтон турбина".

Во текот на 2005 и 2006 година престојувал на стручна практика во повеќе хидроелектрани во Р. Македонија, а исто така во текот на 2006 и 2007 година бил учесник како млад истражувач во два билатерални научноистражувачки проекта помеѓу Р. Македонија и Р. Словенија.

Од 2008 година до денес е вработен во Турбоинститут - Љубљана, најнапред како конструктор во секторот за конструкции на турбини, а потоа како истражувач-проектант за турбини.

Во досегашната научноистражувачка работа учествувал во неколку научноистражувачки проекти и трудови објавени на симпозиуми. Како конструктор и проектант, самостојно или како соработник учествувал во повеќе од триесет проекти од областа на турбините и хидроцентралите.

## 2. Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

Улогата на хидроелектраните во работата на ЕЕС условува сè почесто краткотрајно време на работа, проследено со брза промена на оптоварувањето, што особено го изострува прашањето на големи динамички оптоварувања за време на преодните режими на турбината. Воедно, елементите на сигурност и расположливост на агрегатите во хидроелектраните стануваат доминантни. Кај високопритисните Пелтон турбини ова се особено сложени проблеми (како во фаза на истражување и конструирање, така и во периодот на експлоатација), заради високите брзини на струењето, мултифазниот модел на работниот флуид и високите специфични оптоварувања на проточните работни елементи на турбината.

Современите хидраулични турбини го достигнуваат зенитот на својот развој. Примената на новите технологии и материјали, а пред сè методите на проучување на струењето низ проточните делови на турбината и конструирањето овозможуваат производство на се поголеми единици со повисоки енергетски и динамички перформанси.

Развојот и примената на нумеричките методи, со силен и енормно брз развој на хардверските можности на современите компјутери, ги направи реалност решенијата на многу технички проблеми кои до скоро беа неостварливи за реализација. Брзиот развој на нумеричките симулации на струењето веќе доведе до значајни подобрувања на перформансите и конструирањето на Францис и Каплан турбините. Нумеричките методи и соодветните софтверски алатки станаа дел од процедурите за проектирање и прогноза на перформансите на овие турбини повеќе од дваесет години. Меѓутоа, оваа технологија сè уште нема широка верифицирана примена при развојот и проектирањето на Пелтон турбините. Основна причина за тоа беа тешкотиите во моделирањето на повеќефазно струење на слободна површина, како и нестационарната интеракција на млазот со лопатките. Иако вакви симулации се возможни, методите сè уште немаат поширока потврда и сè уште се еден од најактуелните проблеми во развојот на Пелтон турбините.

Проучувањето на струењето и динамичките перформанси на Пелтон турбините е област која особено добива значење во последниве години, како резултат на развојот на нумеричките модели за решавање на сложеното површинско струење, повеќефазниот модел и сложената емпириска форма на проточните делови, за чие моделирање е потребна конструкција на сложена координатна мрежа со огромен број на елементи. Сето ова условува потреба од користење на мултипроцесорски машини со цел да се добијат задоволителни резултати за разумно пресметковно време.

Од друга страна, практичните искуства од експлоатацијата на високопритисните Пелтон турбини (падови од 450-1500 m) е релативно мало заради малиот број на агрегати со големи падови кои се во експлоатација. Потребите од регулациска моќност од големите агрегати силно ја наметнуваат потрбата од развој и усовршување на ваквите типови турбини. Од прегледот на научната и стручна литература може да се заклучи дека во последно време, поголем број истражувачки и развојни центри, како и водечките производители на Пелтон турбини, посветуваат особено ангажирање на ова поле.

Сепак, сè уште постојат разлики помеѓу нумерички добиените перформанси и реалните моделски испитувања, односно потребни се понатамошни нумерички и експериментални истражувања, пред сè во правец на калибрација и верификација на нумеричките модели.

## 3. Цели на докторската дисетација

Главната цел на оваа докторска дисертација е да се извршат истражувања кои ќе овозможат добивање на веродостојни резултати за оцена на хидрауличките и динамичките перформанси на проточните работни органи, интеракција на млазникот и отклонувачот на млазот и оптимални кинематски и динамички перформанси на склопот млазник - отклонувач на млазот кај високопритисна Пелтон турбина.

Проучувањето на струењето и динамичките перформанси на Пелтон турбините е област која е условена од развојот на нумеричките модели за решавање на сложеното површинско струење, моделите на турбулентно повеќефазно струење и моделирање и сложената емпириска форма на проточните делови.

Во последните десетина години публикувани се повеќе трудови за нумеричка и експериментална анализа на струењето во проточните делови на Пелтон - турбините, пред сè поврзано со примена на усовршените пресметковни методи во динамиката на флуиди - CFD алатки и суперкомпјутерите. Првите објавени резултати за анализа на струењето со CFD - симулации се однесуваат на рачвата со млазникот, со директна примена на моделите за анализа на Каплан и Францис - турбините. Основниот проблем главно се однесуваше на ефикасно генерирање на пресметковната мрежа за комплексните компоненти на повеќемлазна рачва, но појавата на генератори на мрежа кои директно ја „увезуваат" геометријата од произволен CAD „solid design" модел, успешно го намалува овој проблем.

Решенијата на струењето низ млазникот со класичните CFD - солвери користени за симулација низ дистрибуторот укажаа на два дополнителни проблема: најпрво, струењето со големо забрзување низ млазникот води кон генерирање на нереални вредности на турбулентна кинетичка енергија, кога се користи стандардниот $k-\varepsilon$ модел на турбуленција; второ, тешко е да се

дефинираат излезниот пресметковен домен и граничните услови. Млазот струи во околниот воздух, што значи условите за монофазно струење при симулацијата не се валидни по излезот од млазникот.

Струењето на слободен млаз, особено околу локацијата на излезниот пресек од млазникот и одвојувањето на млазот од надворешниот ѕид условува примена на посебни CFD - модели. Немањето на искуства во коректна симулација на струењето со стандардните класични CFD - кодови, ја наметна задачата за нивно усовршување, како и споредба на резултатите со експериментални податоци.

Главните цели на оваа докторска дисертација можат да се формулираат во следното:

- избор на верифициран модел за нумеричка симулација на струењето во проточните делови на Пелтон турбините, особено од аспект на што е можно подобро претставување на физичкиот модел на струење на слободен млаз;
- анализа на струјните и динамичките перформанси во склопот млазник - отклонувач на млазот;
- утврдување на влијателни критеријуми при изборот на типот на отклонувачот, отсекувач или дефлектор (потискувач) на млазот;
- креирање на постапка - алгоритам за оптимизациска пресметка на отклонувачот на млазот од аспект на поставените критериуми.

Во оваа смисла, се очекува и изработката на оваа докторска работа да даде придонес во областа на хидрауличните турбини.

## 4. Фази на изработка на докторската дисертација

Во процесот на проектирање на турбомашините постигнат е голем напредок користејќи ги современите моќни хардверски ресурси и напредокот во развој на посеопфатни кодови (софтверски пакети). Но, сѐ уште неопходни се определени подобрувања во апроксимациите на моделот (на пр. турбуленцијата), нумеричката точност, стабилност и брзина на конвергенцијата на решението, како и ефикасноста на компјутерите, за да се овозможи поширока примена на Навие-Стоксовиот метод во сите фази на проектирањето. Во тој случај, идеално би било програмите (кодовите) да бидат независни од константите внесени од корисниците (*user-specified constants*), како што се на пример дисипацијата или константите кај разните турбулентни модели.

Сѐ уште постои потреба од калибрација и верификација на овие кодови, пред да бидат широко прифатени во практика. На пример, неопходно е да се верифицираат претпоставените турбулентни големини во однос на постојни податоци, за да се провери точноста на моделирањето на турбуленцијата. Таквите квалитетни референтни податоци се многу оскудни во областа на хидрауличните турбини и тоа како заради малиот број на референтни лаборатории, така и заради нивната доверливост. Овие прашања, секако, мораат да се разрешат пред да се постигне целосна доверба во CFD - кодовите.

Сепак, брзото зголемување на компјутерската пресметковна моќ овозможува поставување на цели кои претходно не беа остварливи. При користење на комерцијални софтверски пакети, денес најприменуван е турбулентен модел со „две равенки" ($\kappa$-$\varepsilon$ или $\kappa$-$\omega$). Современите пресметки на хидраулични турбини се изведуваат за модели кои имаат повеќе милиони

елементи, при што времето на пресметката за турбулентен модел со „две равенки", со или без кавитација, е „разумно" прифатливо. Се разбира, примената на „суперкомпјутерите" најчесто овозможува надминување на проблемот пресметковно време.

Доминантно два чекора се присутни во процесот на проектирање и развој на хидрауличните турбини: користење на CFD - методите за нумеричка пресметка и анализа на струењето, како и FEA - методите за јакосна пресметка и анализа при конструирањето. Итеративната примена на двете постапки е неминовен услов за добивање на високи перформанси и надежност на конструкцијата.

Имајќи го предвид ваквиот пристап при решавањето на поставената задача, истражувањето ќе содржи повеќе фази:

- Преглед на современите истражувања на високопритисните Пелтон турбини, особено од аспект на типот и формата на отклонувачот на млазот и влијанието на склопот млазник-отклонувач врз хидрауличките и динамичките карактеристики, приказ на современите технички решенија, како и преглед на објавените теоретски и експериментални резултати.
- Теоретски подлоги и анализа за определување на главните димензии и кинематските параметри на Пелтон турбината, посебно од аспект на изборот и влијанието на бездимензиониот однос на пречникот на млазот и средниот пречник на роторот ($d_1/D_1$).
- Дефинирање и анализа на главните влијателни параметри при изборот на типот на уредот за брзо затворање (отклонувач или отсекувач на млазот) за зададени појдовни работни и конструктивни параметри на турбината.
- Преглед на теоретските основи за CFD - методите, анализа и избор на методот за моделирање на струењето од аспект на предности и недостатоци при пресметка на струењето за зададените услови.
- Модели за определување на јакосната состојба на уредот и критериуми за вреднување на јакосните показатели.
- Моделирање на варијантни решенија на конструкцијата на отклонувачот на млазот со избор на типот и главните геометриски параметри кои влијаат на хидрауличните и динамичките карактеристики на уредот од една страна, како и кинематските параметри на млазот и струењето кон работното коло.
- Симулациони пресметки за оптимален избор на геометријата и конструкцијата на уредот за отклонување на млазот за зададени проектни параметри на турбината, од аспект на поставените критериуми за оптимизација. Симулационите пресметки ќе содржат: а) нумерички пресметки и анализа на струењето низ склопот млазник и отклонувач при променливи геометриски и кинематски параметри на млазникот, б) пресметка на хидрауличните сили и моментот, состојбата на напрегањата и останатите јакосни параметри на отклонувачот за варијантните решенија. Пресметките ќе се спроведат со повеќечекорна постапка - алгоритам за оптимизација на конструкцијата на отклонувачот на млазот од аспект на главните критериуми: хидрауличкиот момент на вратилото и растојанието помеѓу млазникот и роторот на турбината.

- Анализа на добиените резултати со цел да се презентира добиеното оптимално техничко решение според поставените критериуми и приказ на резултатите.
- Заклучни разгледувања и препораки за понатамошни истражувања.

## 5. Методологија на истражувањето

Методологијата на истражувањето ќе содржи воведни истражувања со комплетен преглед на современите истражувачки методи и постапки во областа на теоријата на Пелтон турбините. При тоа, ќе бидат проучени и презентирани современите методи на нумеричката динамика на флуиди (CFD), као и методите за анализа на оптоварувањето и напрегањата на одделните компоненти на Пелтон турбините.

Струењето на слободна површина кај Пелтон турбините се решава со моделирање на повеќефазно струење. Повеќефазните модели се користат кога во доменот на пресметковната област имаме повеќе од еден хомоген флуид. Одделните фази се мешаат на макроскопска должина со видливо заемно дејство помеѓу нив. Флуидот се состои од различни хемиски состојки (вода, воздух) или различни фази на ист медиум (вода и водена пареа).

За решавање на струењето, генерално се применливи два подмодела за повеќефазно струење, хомоген и нехомоген модел. Во нехомогениот модел, секој флуид опфаќа свое сопствено поле и флуидите вршат интеракција преку членовите за сооднос на трансфер на масата. Постои посебно стујно поле за секоја посебна фаза. Подмоделите се разликуваат според моделот на областа на интерференција на густината и условите на соодносот на фазите. Хомогените модели подразбираат дека транспортираните (струјни) големини (со исклучок на волуменското дејство) во процесот се исти за сите фази на флуидот. Затоа, доволно е да се решат равенките за масениот транспорт за заедничкото струјно поле, наместо да се решаваат индивидуалните равенки за транспорт. За решавање на струењето кај Пелтон турбините обично се користи хомоген модел.

CFD - технологијата овозможува примена на широк дијапазон на нумерички модели за пресметки на струењата во турбомашините. Сите тие, зависно од усвоениот модел на струењето, даваат резултати кои од случај до случај се разликуваат. Поради тоа, потребно е да се избере оној физички и нумерички модел кој најмногу би одговарал на одредено струење. Моделските испитувања, кои треба да се изведени со висока точност, претставуваат репер околу којшто се споредуваат резултатите добиени од нумеричката анализа. Потоа се оценува кое од нумеричките решенија дава најприближни резултати до резултатите добиени од моделските испитувања.

Оваа постапка за одредување на најадекватен модел до реалното струење се нарекува калибрирање на CFD - кодот. При изборот на симулацискиот модел на струењето кој ќе се користи при пресметките за оптимизација во дисертацијата, претходно ќе биде направена споредба со изведени моделски испитувања, со цел на оцена на нумеричките и измерените резултати.

## 6. Очекувани резултати

Од изработката на предложената докторска дисертација се очекува да се добијат повеќе значајни резултати и согледувања за хидрауличките и динамичките карактеристики и постапка за оптимизација на склопот млазник-отклонувач во дејство при преодните работни режими. Од особена важност за моделирањето е фактот што истражуваниот случај ќе се однесува на високопритисна Пелтон турбина со релативно големи брзини на струењето. Резултатите ќе овозможат повеќе сознанија, како што се:

- усвојување на веродостоен модел за симулација и анализа на струењето при интеракција на системот млазник-отклонувач на млазот;
- резултатите од пресметките ќе овозможат да се добијат сознанија и препораки за усвојување на условите за моделирање на геометријата уште во почетното проектирање на системот;
- анализа и показатели за утврдувањето на влијателните фактори на струењето и динамичкото оптоварување на конструкцијата;
- условите на високи струјни брзини и специфични оптоварувања на отклонувачот ќе бидат анализирани и преку соодветните кинематски параметри на млазот, положба и деформации на отклонувачот. Оваа анализа е од особена важност за геометриската поставеност на роторот во однос на млазникот и перформансите на турбината;
- резултатите од истражувањето и предложената постапка ќе обезбедат поголема сигурност при развојот и конструирањето на Пелтон турбини, како и поголема надежност во услови на преодните режими на агрегатот.

Воедно, се очекува врз основа на спроведените истражувања и направените анализи на резултатите, да се добијат сознанија и препораки за понатамошни истражувања на специфичностите на струењето со големи брзини кај високопритисните Пелтон - турбини.

## ЗАКЛУЧОК

1. Врз основа на досегашниот степен на образование и активностите во поглед на научноистражувачката и стручна работа, Комисијата заклучува дека кандидатот м-р Боро Поповски, дипломиран машински инженер, ги поседува знаењата и потребната способност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува предвидените услови со Правилникот за стекнување на докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истразувањето, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за докторска дисертација со наслов „Избор на типот и геометријата на уредот за отклонување на млазот кај Пелтон турбина од аспект на оптимални конструктивни параметри" е подобна

и претставува придонес во современите истражувања во областа на хидренергетиката, механиката на флуиди и хидрауличните турбомашини и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработување на докторската дисертација го предлагаме доц. д-р Андреј Липеј, доцент на Машинскиот факултет во Љубљана.

**КОМИСИЈА**

1. доц. д-р Андреј Липеј, с.р.
   Машински факултет – Љубљана

2. проф. д-р Валентино Стојковски, с.р.
   Машински факултет – Скопје

3. доц. д-р Зоран Марков, с.р.
   Машински факултет – Скопје

# ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје

(седница на научниот совет одржана на 27.2.2012 година)

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| м-р Зоран Иванов | *Историјатот на безбедносната динамика во Западниот Балкан и неговото безбедносно опкружување во периодот од 1991-2010 година.* | Проф. д-р Билјана Ванковска<br>Проф. д-р Тодор Чепреганов<br>Проф. д-р Љубица Јанчева |
| м-рЈенуз Ибраими | *Битола во османлискиот период (од освојувањето до 1873 година)* | Проф. д-р Драги Ѓоргиев<br>Проф. д-р Амет Шериф<br>Проф. д-р Јован Јанев |
| м-р Димитар Спасеновски | *Македонското искуство модел за решавање на конфликти* | Проф. д-р Тодор Чепреганов<br>Проф. д-р Љубица Јанчева<br>Проф. д-р Катерина Тодороска |

# ПРЕГЛЕД

На профатена тема за изработка на магистерски труд на ЈНУ Институт за национална историја

(седница на Научниот совет одржана на 27.2.2012 година)

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александар Гулевски | *Културно-историскиот аспект на темата Литургиска служба на архијереите во олтарскиот фрескоживопис во Македонија од XI до XIV* | Проф. д-р Викторија Поповска-Коробар |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА МАТЕМАТИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет од 22.12.2012 потврдена е одлуката на Институтот за математика од 15.12.2012 и избрана е Рецензентска комисија за реизбор-избор-прием на еден асистент на Институтот за математика, во состав:

1. д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Институтот за математика, Природно-математички факултет, УКИМ;
2. д-р Марија Оровчанец, редовен професор на Институтот за математика, Природно-математички факултет, УКИМ;
3. д-р Ѓорги Маркоски, доцент на Институтот за математика, Природно-математички факултет, УКИМ.

По прегледот на поднесените документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Мартин Шоптрајанов е роден на 29.3.1978 во Скопје, Република Македонија. По завршувањето на гимназиското образование во 1996 година, се запишал на студии по математика, теориска насока на Институтот за математика, Природно-математички факултет, Скопје. Дипломира со најдобри постигнувања во својата генерација со просечен успех 9,79 во 2002 година.

Во учебната 2001/2002 (летен семестар), учебната 2002/2003 и учебната 2005/2006, извршувал работни задачи на демонстратор на Институтот за математика.

Од 15 ноември 2006 е вработен како помлад асистент на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Одржувал вежби по повеќе предмети од различни области на математиката: линеарна алгебра, математичка анализа 2, топологија, метрички простори и теорија на неподвижна точка, операциони истражувања, симулациони модели, математика за шумарски факултет, информатика за земјоделски факултет, одбрани делови од диференцијални равенки и комплексни функции, математика за хемичари, математика за биолози, конечна математика.

Во учебната 2003/2004 се запишал на постдипломски студии на Институтот за математика. На 11 јули 2008 го одбрани својот магистерски труд *Рекурентност во непрекинати и дискретни динамички системи,* по што е избран во звањето асистент на Институтот за математика.

Работи на својата докторска дисертација *Внатрешен пристап кон облик во динамички системи.* Има публикувано еден научен труд,

[35] M.Shoptrajanov, N.Shekutkovski, Chain recurence and topological transitivity in the plane, Proc. of the Inter. Conf. FMNS-2011, 8-11.06, Vol.1, pages 50-54.

Учествувал на неколку конференции по математика во земјава и во странство, како Четвртиот конгрес на математичари на Македонија во 2008 година, одржан во Струга, 2008, и Семинарот по теорија на облици во Штип. Со соопштенија учествувал на следниве конференции

- Конференцијата по анализа, топологија и апликации (АТА) одржана во Врњачка Бања , Република Србија, со соопштение: *Декомпозиција на Морз и облици;*

- IV-Интернационална научна конференција ФМНС-2011, Благоевград, Република Бугарија со соопштение: *Верижна рекурентност и тополошка транзитивност на рамнината.*

Учествува во комисиите за математички натпревари на национално ниво што се одржуваат секоја година во нашата земја. Во 2007 година беше водач на студентската екипа која учествуваше на Интернационалниот студентски натпревар по математика што се одржа во Благоевград, Република Бугарија, а во 2011 беше водач на македонската екипа на 28. *Балканска математичка олимпијада за средношколци*, што се одржа во Јаши, Република Романија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

М-р Мартин Шоптрајанов, асистент на Институтот за математика, е ангажиран со одржување вежби на Институтот за математика, по многу предмети од различни области. Активно работи на својата докторска дисертација, при што покажува самостојност во истражувањето и способност за решавање на сложени проблеми.

Предлагаме м-р Мартин Шоптрајанов да биде реизбран асистент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА

1. Д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Институтот за математика, Природно-математички факултет, УКИМ, с.р.

2. Д-р Марија Оровчанец, редовен професор на Институтот за математика, Природно-математички факултет, УКИМ, с.р.

3. Д-р Ѓорги Маркоски, доцент на Институтот за математика, Природно-математички факултет,УКИМ, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр. 07-3003/3 од 24.2.2012 година, донесена на седницата одржана на 23.2.2012 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија во врска со објавениот конкурс во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 29.12.2011 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа општа и нерганска хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На конкурсот се пријави кандидатот д-р Методија Најдоски, вонреден професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот конкурсен материјал, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци и образование***

Д-р Методија Најдоски е роден на 17 април 1968 година во Прилеп. Основно и средно образование завршил во родното место. Во учебната 1987/88 година се запишал на студии по хемија, препаративна насока, на Природно-математичкиот факултет, каде што и дипломирал во 1992 година, одбранувајќи ја својата дипломска работа под наслов ХЕМИСКА ДЕПОЗИЦИЈА НА ТЕНКИ СЛОЕВИ ОД БАКАР(II) СУЛФИД.

На постдипломски студии се запишал во учебната 1993/94 година, а магистерската работа под наслов: ПРИГОТВУВАЊЕ И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ТЕНКИ СЛОЕВИ ОД СУЛФИДИ НА БАКАР И ОЛОВО И ОКСИДИ НА ЦИНК И КАДМИУМ успешно ја одбранил во јуни 1996 година.

Своето стручно и академско усовршување го продолжува со работа на докторската дисертација. Во 2000 година се здобива со звањето доктор на хемиски науки, откако успешно ја одбранува својата дисертација под наслов: ХЕМИСКИ МЕТОДИ ЗА ПРИГОТВУВАЊЕ КАЛЦИУМ ФОСФАТНИ СЛОЕВИ ВРЗ МЕТАЛНИ СУПСТРАТИ.

***Вработување и напредување во струката***

Веднаш по завршувањето на студиите, д-р Методија Најдоски бил задржан на Институтот за хемија како волонтер и бил вклучен во изведувањето на вежбите, се до 20.5.1993 година кога е примен на работа, на определено

време од три години, како стручен соработник во Заводот за неорганска хемија, на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во 1996 година, избран е за помлад асистент во Заводот за неорганска хемија, на Институтот за хемија, при ПМФ во Скопје. Истата година, по одбраната на магистерската работа е избран за асистент на ПМФ, на Институтот за хемија, Завод за неорганска хемија. За доцент на Институтот за хемија е избран во 2002 година, а во 2007 година е избран за вонреден професор.

Од дипломирањето до денес, д-р Методија Најдоски е активен учесник, како во наставно-образовната, така и во научноистражувачката дејност на Факултетот.

### *Членство во професионални организации и други активности*

Д-р Методија Најдоски членува во повеќе организации и здруженија, меѓу кои се и: Македонско-американската алумни-асоцијација и Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија. Освен тоа, бил член на Организациониот одбор на XXI конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија. Бил член и на комисии на натпреварите по хемија „Наука на младите“ за учениците од средните училишта организирани од страна на Сојузот на клубови на млади техничари и природници на Македонија (1993–2011), а и член во комисијата на натпреварите по применета хемија за ученици од основните училишта организирани од страна на Сојузот на клубови на млади техничари и природници на Македонија (2000–2011). Бил член и на комисии за натпреварите по хемија кои ги организира приватниот колеџ „Јахја Кемал“ од Скопје, и тоа на две нивоа, за ученици од средните училишта и за ученици од основните училишта (2001–2011), последниов познат под називот „Дејан Димовски“. Бил член и на комисијата за оценување на трудови од областа на хемијата и физиката на регионалниот натпревар што се одржал 2005 година, во Софија, Република Бугарија.

Тој е член на Тимот за брз одговор за заштита и спасување од хемиски несреќи при Дирекцијата за спасување.

Исто така, тој е член на испитна комисија за полагање на стручен испит на приправници во јавните средни училишта.

Покрај тоа, тој е еден од основачите на Лабораторијата за методика на хемиското експериментирање.

Во низата други активности треба да се истакне и учеството на кандидатот во поставената минеролошка збирка на Институтот за хемијам која е една од ретките во Македонија.

Д-р Методија Најдоски, исто така, е цивилен експерт на Република Македонија во НАТО-Брисел.

Тој беше координатор на модулот форензичка хемија за студиите од втор циклус по форензика и координатор на студиските програми при Институтот за хемија, а во рамките на активностите за студирањето по

кредит-трансфер системот самостојно подготви интернет-страница со информации за студентите.

Една од специфичните активности на колегата Најдоски е и неговиот стручен, филмски ангажман со учество во пет проекти во улога на пиротехничар за изведување на специјални ефекти. За истакнување се последните два во изборниот период, во кој кандидатот учествувал во снимањето на филмовите „Балканот не е мртов и „Трето полувреме“.

Колегата Најдоски, исто така, учествувал на семинари и работилници од област на прочистување на вода кои ги организирал Црвениот крст на Македонија.

***Наставно-образовна активност***

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Методија Најдоски изведува настава и вежби по предметите препаративна неорганска хемија за студентите на применета насока при Институтот за хемија, општа и неорганска хемија до 2009 год., а потоа изведува настава по општа хемија за студентите од биохемиско-физиолошката студиска програма на студии по биологија. Во овој период, колегата Најдоски, исто така, изведува настава по предметот користење на хемиска литература за студентите на наставна насока на студии по хемија. На првиот циклус студии, тој е избран наставник за изборните предмети експериментална неорганска хемија, форензичка хемија и експериментирање на микроскала кој минатата година беше избран од неколку студенти. Во рамките на постдипломските студии, тој е избран наставник за низа предмети од втор и трет циклус, при што треба да се истакне дека изведувал дел од настава и вежбите по предметите - форензичка хемија и физичко-хемиска анализа на траги. Од изборот возвањето вонреден професор па до денес, колегата Најдоски видно се залага за обезбедување на учебни помагала. Имено, уште за првата генерација на неговите студенти на студии по биологија, кандидатот подготвил белешки од предавањата, интерна збирка задачи и интерен практикум за лабораториските вежби, со што на студентите им обезбедил соодветен материјал за совладување на содржините од овој предмет. Оваа група студенти за реализацијата на наставата и вежбите по предметот општа хемија денес на располагање имаат рецензирани (публикувани): практикум за лабораториските вежби, збирка задачи којашто, покрај теоретските основи, содржи 200 решени задачи и учебник. Во својот практикум, колегата Најдоски осмислил и опишал низа нови експерименти и вежби. На студентите им подготвил современ учебник во боја, во којшто се повикува на голем број експерименти кои се дадени во видеоформат на ДВДдиск. На овој начин, при користењето на учебникот, студентите имаат можност да видат видеоексперименти кои треба да им помогнат во совладувањето на содржините од овој предмет. Покрај тоа, за наставата и вежбите по предметот препаративна неорганска хемија има подготвено интерна скрипта, а за изборните предмети експериментална неорганска хемија и експериментирање на микроскала, воведени со новите наставни планови, ги

има публикувано книгите „Експериментална неорганска хемија" и „Microscale chemistry experiments using water and disposable materials". Последнава е преведена на германски јазик и се користи од страна на наставниците во некои основни и средни училишта во Германија.

За студентите на вториот циклус студии по форензика, модул хемија, колегата Најдоски подготвил два интерни практикума за делот на својот ангажман, т.е. за траги од користење на огнено оружје, пожари и експлозиви. За усовршување и успешно реализирање на овој ангажман, д-р Најдоски престојувал во Институтот за форензички истражувања во Краков и Нотингем Трен- универзитетот.

Во делот на наставно-образовната активност, за посебно обележување е авторството и коавторството на кандидатот кое бележи публикација на 9 книги од кои 6 се во изборниот период и 9 учебни помагала (интерни скрипти, интерни практикуми и еден рецензиран практикум).

Во рамките на предавањата, д-р Најдоски изведува екперименти и користи современи методи со видеоуред и нагледни средства, како и мултимедијални презентации. За изведувањето на наставата неодминливо треба да се истакне ентузијазмот со којшто се ангажира со демонстрациони екперименти по предметот општа хемија и еден дел во наставата по препаративна неорганска хемија со што, секако, придонесува во осовременувањето на наставно-образовниот процес на Институтот за хемија.

По неговото вработување, континуирано продолжува со осмислување на експериментите по хемија и во таа насока досега има публикувано 31 труд во списанија со меѓународен и национален карактер. Тој, исто така, на барање на професорите по хемија од средното образование, изведувал експерименти во училиштата со што учествува во популаризацијата на хемијата и нејзиното приближување кон помладите генерации.

Дизајнирањето на нови, како и модифицирањето на познати експерименти и нивната примена во методиката на хемиското експериментирање овозможила учество на колегата Најдоски во низа манифестации во странство, во Мексико, Израел, Кувајт, Романија, Србија и Хрватска. Во изборниот период бил поканет да одржи низа предавања и работилници. Три од овие предавања ги одржал во Израел на три манифестации, едно предавање во Кувајт, две работилници во Израел и една работилница е изведена четирипати во Хрватска. Исто така, бил поканет предавач на низа предавања од областа на тенки филмови и енергетски материјали во Лајпциг, Германија и Клуж, Романија при што било изведено и оценување на студентите.

Учествувал во три наставно-образовни проекти. Бил ментор на два кандидата на одбранети магистерски трудови, ментор на еден кандидат чија докторска дисертација е во изработка, ментор на еден кандидат чија докторска дисертација е во фаза на постапка за одбрана и на 2 кандидата за дипломска работа.

Од досега изложеното, може да се види дека колегата Најдоски, покрај неговите редовни обврски во изведувањето на наставата, значително придонесува во зголемувањето на учебникарскиот фонд на Институтот за

хемија и за популаризација на експериментирањето во хемија во земјава и во странство, како и приближување на хемиските експерименти кон помладите генерации.

Кандидатот досега престојувал на различни универзитети и други институции во странство, и тоа во: Соединетите Американски Држави (1999), Израел (2005), Мексико (2006), и во изборниот период: Германија (2007), Романија (2007), Англија (2008), Полска (2008), Романија (2008), Германија (2008), Шпанија (2008), Германија (2009), Бугарија (2010), Белгија (2010), Словачка (2010) и Израел (2011).

***Научноистражувачка активност***

По изборот за вонреден професор, д-р Методија Најдоски продолжува да работи и да истражува во областа на препаративната неорганска хемија или поточно, во областа на неорганските синтези во инженерството на материјалите и за спектроскопски испитувања. Имено, неговата научна работа е насочена кон развивање на хемиски методи за депозиција на неоргански материјали, во форма на тенки слоеви кои најчесто имаат електрохромни својства. Во периодот по изборот за доцент, па до денес, работи на феноменот на електрохромизам на тенки филмови на соединенија на волфрам, ванадиум, железо, манган и др. Во делот на спектроскопските истражувања учествува со синтеза на соединенија од типот на струвити и некои дихидроген фосфати.

Во изборниот период учествувал во два научноистражувачки проекта, а во едниот: Дизајн на нови, евтини методи за хемиска депозиција на неоргански тенки филмови, нивна електрохемиска карактеризација и примена како хроноамперометриски биосензори и електрохромни уреди (меѓународен проект), кандидатот е раководител.

Вкупниот број на цитираност на трудовите на д-р Најдоски во SCI изнесува 395.

***Издавачка активност***

Д-р Методија Најдоски досега објавил вкупно 72 труда, од кои 65 во научни и образовни списанија и 7 објавени во зборници на трудови на научни манифестации, и презентирал повеќе од 30 соопштенија на разни научни и образовни манифестации. По изборот за вонреден професор, објавил 10 научни трудови, од кои 8 во меѓународни списанија со фактор на влијание и 2 во национални списанија. Бројот на објавени образовни трудови изнесува 32, од кои по изборот за вонреден професор изнесува 4. Презентирал едно соопштение и 3 секциски предавања по покана на научни и образовни манифестации во странство. Исто така, во три прилики одржал 15 предавања на покана, како и 3 работилници во странство.

Објавените трудови во извештајниот период се делат во три категории: (i) образовни (29-32 Анекс 2), (ii) приготвување и карактеризација

на тенки филмови од електрохромни неоргански супстанции и (iii) инфрацрвена спектроскопија на соли од групата на фосфати.

**Образовни трудови**

29. M. Najdoski, S. Stojkovikj, COST EFFECTIVE MICROSCALE GAS GENERATION APPARATUS, *Chemistry*, 19 (6), 444 (2010).
30. M. Najdoski, J. Ibanez, MICROSCALE DETERMINATION OF OXYGEN IN AIR BY REACTION WITH NITRIC OXIDE, *The Chemical Educator*, 15, 215-217 (2010).
31. M. Najdoski, MICROSCALE GAS CHEMISTRY: MICROSCALE KIPP APPARATUS, *The Chemical Educator*, 16, 1-4 (2011).
32. M. Najdoski, S. Demiri, N. Kocoska, THE REACTION BETWEEN ALUMINIUM AND IODINE: DEMONSTRATION EXPERIMENT IN A JAR OVERHEAD PROJECTOR DEMONSTRATION, *Journal of Science Education*, 1 (**13**) 38-40 (2012).

Образовните трудови под број 29 и 31 презентираат нови методи за генерирање на гасови на микроскала. Во нив се опишува оригинална идеја за изведување на хемиски реакции во пластична пипета и манипулација на гасови со примена на шприцеви. Во трудот под број 30 е претставен оригинален метод за определување на волуменскиот удел на кислородот во воздухот. Оваа постапка се базира на експериментирање на микроскала, при што реакцијата се изведува со мали количества на реактанти. Трудот под број 32 опишува безбеден начин за изведување на реакција меѓу алуминиум и јод во услови кога нема дигестор на располагање, т.е. овозможува изведување на оваа реакција во училница.

**Трудови објавени во интернационални списанија со фактор на влијание**

**20. M. Najdoski, T. Todorovski**, A SIMPLE METHOD FOR CHEMICAL BATH DEPOSITION OF ELECTROCHROMIC TUNGSTEN OXIDE FILMS, *Materials Chemistry and Physics*, 104, 483–487 (2007). (IF=2,462)
**21. A. Cahil, B. Šoptrajanov, M. Najdoski, H. D. Lutz, B. Engelen and V. Stefov**, INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (*STRUVITE*) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VI. FT-IR SPECTRA OF ISOMORPHOUSLY ISOLATED SPECIES. $NH_4^+$ IONS ISOLATED IN $MKPO_4 \cdot 6H_2O$ (M = Mg; Ni) AND $PO_4^{3-}$ IONS ISOLATED IN $MgNH_4AsO_4 \cdot 6H_2O$, *J. Mol. Struct.*, **876**, 255-259 (2008). (IF=1,573)
**22. V. Koleva, V. Stefov, A. Cahil, M. Najdoski, B. Šoptrajanov, B. Engelen, H.D. Lutz**, INFRARED AND RAMAN STUDIES OF MANGANESE DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Mn(H_2PO_4)_2 \cdot 2H_2O$. I. REGION OF THE VIBRATIONS OF THE PHOSPHATE IONS AND EXTERNAL MODES OF THE WATER MOLECULES , *J. Mol. Struct.*, **917**, 117–124 (2009). (IF=1,573)
**23. V. Koleva, V. Stefov, A. Cahil, M. Najdoski, B. Šoptrajanov, B. Engelen, H.D. Lutz**, INFRARED AND RAMAN STUDIES OF MANGANESE DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Mn(H_2PO_4)_2 \cdot 2H_2O$. II. THE REGION OF THE

INTERNAL OH GROUP VIBRATIONS, *J. Mol. Struct.*, **919**, 164–169 (2009). 6(IF=1,573)

**24. V. Stefov, A.Cahil, B. Šoptrajanov, M. Najdoski, F. Spirovski, B. Engelen, H.D. Lutz[3], V. Koleva,** INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (*STRUVITE*) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VII. SPECTRA OF PROTIATED AND PARTIALLY DEUTERATED HEXAGONAL MAGNESIUM CAESIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE, *J. Mol. Struct.*, **924–926**, 100–106 (2009). (IF=1,573)

**25. S. Demiri, M. Najdoski, J. Velevska,** A SIMPLE CHEMICAL METHOD FOR DEPOSITION OF ELECTROCHROMIC PRUSSIAN BLUE THIN FILMS, *Mater. Res. Bull.*, in press (2011), doi:10.1016/j.materresbull.2011.08.021 (IF=2,145)

**26. B. Šoptrajanov, A. Cahil, M. Najdoski,V. Koleva, V. Stefov,** INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (STRUVITE) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VIII. SPECTRA OF PROTIATED AND PARTIALLY DEUTERATED MAGNESIUM RUBIDIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE AND MAGNESIUM THALLIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE, *Acta Chim. Slov.* **58**, 478–484, 2011. (IF=1,011)

**27. M. Najdoski, V. Koleva, S. Demiri,** CHEMICAL BATH DEPOSITION AND CHARACTERIZATION OF ELECTROCHROMIC THIN FILMS OF SODIUM VANADIUM BRONZES, *Mater. Res. Bull.*, **47**, 737–743, 2012 (IF=2,145)

Трудот под број 20 е посветен на развивање нов метод за хемиска депозиција на тенки филмови од волфрам(VI) оксид. Во него се презентирани резултатите од испитувањето на електрохромните својства на приготвените тенки филмови. За истакнување е разликата во трансмитанцата на тенкиот филм во обоена и безбојна состојба која достигнува до 80 %.

Трудот под број 21 е посветен на испитување на мешани кристали од струвитен тип ($MgKPO_4{\cdot}6H_2O$, $NiKPO_4{\cdot}6H_2O$ допингувани со амониум јони и $MgNH_4AsO_4{\cdot}6H_2O$ допингуван со фосфатни јони) со инфрацрвена и раманска спектроскопија.

Во трудовите 22 и 23 се опишани инфрацрвена и раманска студија на $Mn(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$. Снимањата на инфрацрвените спектри се извршени на собна и температура на вриење на течен азот. Утврдено е дека водородните врски на $Mn(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$ се многу сложени. Најдено е постоење на три либрации и силни интеракции на $v_2$ и $v_4$ модовите на $PO_4$ со либрациите на молекулите од $H_2O$ и $D_2O$.

Трудот под број 24 е посветен на инфрацрвена и раманска студија на амониум магнезиум фосфат хексахидратот и неговите изоморфни аналози, меѓу кои се вбројува магнезиум цезиум фосфат хексахидратот. Трудовите 25 и 27 се посветени на развивање нови методи за хемиска депозиција на тенки филмови од електрохромни неоргански соединенија. Трудот 25 опишува метод за хемиска депозиција на тенки филмови од берлинско сино и нивна

карактеризација. Трудот под број 27 опишува оригинален метод за депозиција на тенки филмови од ванадиумови соединенија. Испитувањата на тенките филмови од берлинско сино покажале дека приготвените филмови манифестираат одлична реверзибилност на процесите на оксидација и редукција кои се проследени со промена на бојата.

Максималната разликата во трансмитанцата на обоената и безбојната состојба кај овие филмови изнесува 45 %.

Трудот со број 26 е посветен на инфрацрвена и раманска студија на изоморфни аналози на струвитот. Имено, во оваа студија предмет на испитувањата се делумно деутерирани магнезиум рубидиум фосфат хексахидрат и магнезиум талиум фосфат хексахидрат.

**Научни трудови публикувани во национални списанија**

6. **J. Velevska, M. Pecovska-Gjorgjevich, M. Najdoski, N. Stojanov**, STUDIES ON ELECTROCHROMISM OF CHEMICALLY DEPOSITED NICKEL OXIDE THIN FILMS, *Silpakorn U Science & Tech J*, 5(5), 34-42 (2011). (IF=0,1)

7. **J. Velevska, M. Pecovska - Gjorgjevich, M. Najdoski, N. Stojanov**, TICKNESS - DEPENDENT AND ELECTROCHROMIC PROPERTIES OF CHEMICALLY DEPOSITED NICKEL OXIDE FILMS, Physica Macedonica, in press.

Трудовите под број 6 и 7 опишуваат студија за испитување на електрохромните својства на тенки филмови од оксид на никел. Тенките филмови кои се предмет на овие испитувања се приготвени со метод на хемиска депозиција. Во овие испитувања определена е ефикасноста на обојување, како и времето на обојување на овие тенки филмови.

Издавачката дејност на кандидатот е особено изразена во делот на учебните помагала. Досега има објавено 18 вакви помагала, меѓу кои се 7 учебника, две збирки задачи и 9 интерни скрипти и практикуми, од кои еден е рецензиран практикум. По изборот за вонреден професор, самостојно има објавено 2 книги, а останатите 4 книги во соработка со колеги од земјава и од странство и два интерни практикума за студентите на студиите по форензика. Тука се вбројуваат: Експериментална неорганска хемија, Општа и неорганска хемија, Збирка решени задачи по општа хемија, Хемиски експерименти во оптичка проекција за наставата по хемија, Microscale chemistry experiments using water and disposable materials, Chemie im kleinmaßtab experimente mit wasser in einwegmaterialien, Интерен практикум по форензичка хемија и Интерен практикум по физичко-хемиски анализи на траги. Во врска со публикувањето на книгите на странски јазик треба да се истакне дека тие се плод на меѓународната соработка на кандидатот со колеги од Германија и Египет.

Во неговата издавачка активност се вбројуваат и седум мултимедијални дискови, од кои во изборниот период се три образовни ДВД -

диска од кои два се на странски јазик, т.е. на англиски и на германски.

***Награди и признанија***

За досегашната творечка работа на д-р Методија Најдоски, тој е награден со следниве награди и признанија:
1. Награда за најуспешна иновација од универзитетите во Република Македонија, доделена на 26-тата Интернационална изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади Макинова 2006, за иновацијата ОБРАЗОВНИ КОМПЛЕТИ ЗА НАСТАВАТА ПО ХЕМИЈА;
2. Медал за истакнат предавач, доделена на Иберо-американскиот универзитет во Мексико Сити, Мексико, 2006.

И во изборниот период:

3. Плакета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како признание за придонесот во афирмацијата на Универзитетот, 2007;
4. Бронзен медала со ликот на Никола Тесла, Здружение на иноватори и автори на технички унапредувања, Белград, 2007.

## ЗАКЛУЧОК

Од погоре изнесените факти за постигнувањата на д-р Методија Најдоски може да се заклучи дека, во текот на својата работа на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, има покажано голема активност и значајни резултати, како на наставен, така и на научноистражувачки план. Постигнатите резултати како што се оние во издаваштвото на 6 книги во минатата година го прават препознатлив професор на Институтот за хемија во оваа област. Неговата меѓународна соработка на ова поле со колеги од Германија и Египет е потврда за неговите квалитети. Одржаните предавања по покана на универзитети во странство, како што се оние во Германија, Романија, Израел и поканата за учество на симпозиум во Кувајт, недвосмислено ја потврдуваат неговата меѓународна афимација.

Со оглед на сето ова, ни претставува особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да донесе предлог-одлука за избор на д-р Методија Најдоски во звањето редовен професор за група предмети од областа општа и неорганска хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Благоја Јорданоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Виктор Стефов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Верка Георгиева, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ____________**Методија Живко Најдоски**____________
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ___**Природно-математички факултет, Институт за хемија**_
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ________________**Хемија**____________________

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br>Предмети: општа хемија, препаративна неорганска хемија, користење на хемиска литература, експериментирање на микроскала. | 17,4 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии**<br>Предмети: форензичка хемија, физичко-хемиска анализа на траги. | 3,7 |
| 3 | **Настава во работилници**<br>**1.** раководител (1)<br>**2.** учесник (2) | 3,5 |
| 4 | **Одржување на вежби**<br>Предмети: препаративна неорганска хемија, експериментирање на микроскала, форензичка хемија, физичко-хемиска анализа на траги. | 11,1 |
| 5 | **Подготовка на нов предмет:**<br>форензичка хемија; физичко-хемиска анализа на траги; експериментирање на микроскала | 4,5 |
| 6 | **Образовен труд, објавен во образовно списание**<br>29. M. Najdoski, S. Stojkovikj, COST EFFECTIVE MICROSCALE GAS GENERATION APPARATUS, *Chemistry*, 19 (6), 444 (2010).<br>30. M. Najdoski, J. Ibanez, MICROSCALE DETERMINATION OF OXYGEN IN AIR BY REACTION WITH NITRIC OXIDE, *The Chemical Educator*, 15, 215-217 (2010).<br>31. M. Najdoski, MICROSCALE GAS CHEMISTRY: MICROSCALE KIPP APPARATUS, *The Chemical Educator*, 16, 1-4 (2011).<br>32. M. Najdoski, S. Demiri, N. Kocoska, THE REACTION BETWEEN ALUMINIUM AND IODINE: DEMONSTRATION EXPERIMENT IN A JAR OVERHEAD PROJECTOR DEMONSTRATION, *Journal of Science Education*, 1 (**13**) 38-40 (2012). | 11 |
| 7 | **Консултации со студенти** | 0,93 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | **Ментор на дипломска работа** | 0,4 |
| 9 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | 1 |
| 10 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | 0,3 |
| 11 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | 0,2 |
| 12 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | 34 |
| 13 | **Изменето и дополнето издание на учебник** | 4 |
| 14 | **Позитивно рецензирана збирка задачи** | 3 |
| 15 | **Интерна скрипта од вежби** | 6 |
| 16 | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>експериментална неорганска хемија<br>експериментирање на микроскала<br>општа хемија | 3 |
| | **Вкупно** | 104 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска работа** | 1 |
| 2 | **Раководител на меѓународен научен проект** | **9** |
| 3 | **Учесник во меѓународен научен проект** | 6 |
| 4 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со импакт фактор на влијание со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>**20. M. Najdoski, T. Todorovski**, A SIMPLE METHOD FOR CHEMICAL BATH DEPOSITION OF ELECTROCHROMIC TUNGSTEN OXIDE FILMS, *Materials Chemistry and Physics*, 104, 483–487 (2007). (IF=2,462)<br><br>**21. A. Cahil, B. Šoptrajanov, M. Najdoski, H. D. Lutz, B. Engelen and V. Stefov**, INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (*STRUVITE*) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VI. FT-IR SPECTRA OF ISOMORPHOUSLY ISOLATED SPECIES. $NH_4^+$ IONS ISOLATED IN $MKPO_4 \cdot 6H_2O$ (M = Mg; Ni) AND $PO_4^{3-}$ IONS ISOLATED IN $MgNH_4AsO_4 \cdot 6H_2O$, *J. Mol. Struct.*, **876**, 255-259 (2008). (IF=1,573)<br><br>**22. V. Koleva, V. Stefov, A. Cahil, M. Najdoski, B. Šoptrajanov, B. Engelen, H.D. Lutz,** INFRARED AND RAMAN STUDIES OF MANGANESE DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Mn(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$. I. REGION OF THE VIBRATIONS OF THE PHOSPHATE IONS AND EXTERNAL MODES OF THE WATER MOLECULES , *J. Mol. Struct.*, **917**, 117–124 (2009). (IF=1,573) | 47,04 |

| | | |
|---|---|---|
| | **23. V. Koleva, V. Stefov, A. Cahil, M. Najdoski, B. Šoptrajanov, B. Engelen, H.D. Lutz,** INFRARED AND RAMAN STUDIES OF MANGANESE DIHYDROGEN PHOSPHATE DIHYDRATE, $Mn(H_2PO_4)_2 \cdot 2H_2O$. II. THE REGION OF THE INTERNAL OH GROUP VIBRATIONS, *J. Mol. Struct.*, **919**, 164–169 (2009). 6(IF=1,573)<br><br>**24. V. Stefov, A.Cahil, B. Šoptrajanov, M. Najdoski, F. Spirovski, B. Engelen, H.D. Lutz[3], V. Koleva,** INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (*STRUVITE*) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VII. SPECTRA OF PROTIATED AND PARTIALLY DEUTERATED HEXAGONAL MAGNESIUM CAESIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE, *J. Mol. Struct.*, **924–926**, 100–106 (2009). (IF=1,573)<br><br>25. **S. Demiri, M. Najdoski, J. Velevska,** A SIMPLE CHEMICAL METHOD FOR DEPOSITION OF ELECTROCHROMIC PRUSSIAN BLUE THIN FILMS, *Mater. Res. Bull.*, in press (2011), doi:10.1016/j.materresbull.2011.08.021 (IF=2,145)<br><br>26. **B. Šoptrajanov, A. Cahil, M. Najdoski,V. Koleva, V. Stefov,** INFRARED AND RAMAN SPECTRA OF MAGNESIUM AMMONIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE (STRUVITE) AND ITS ISOMORPHOUS ANALOGUES. VIII. SPECTRA OF PROTIATED AND PARTIALLY DEUTERATED MAGNESIUM RUBIDIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE AND MAGNESIUM THALLIUM PHOSPHATE HEXAHYDRATE, *Acta Chim. Slov.* **58**, 478–484, 2011. (IF=1,011)<br><br>27. **M. Najdoski, V. Koleva, S. Demiri,** CHEMICAL BATH DEPOSITION AND CHARACTERIZATION OF ELECTROCHROMIC THIN FILMS OF SODIUM VANADIUM BRONZES, Mater. Res. Bull.,**47**, 737–743, 2012 (IF=2,145) | |
| 5 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**<br><br>**6. J. Velevska, M. Pecovska-Gjorgjevich, M. Najdoski, N. Stojanov,** STUDIES ON ELECTROCHROMISM OF CHEMICALLY DEPOSITED NICKEL OXIDE THIN FILMS, *Silpakorn U Science & Tech J*, **5**(5), 34-42 (2011). (IF=0,1)<br><br>**7. J. Velevska, M. Pecovska - Gjorgjevich, M. Najdoski, N. Stojanov,** TICKNESS - DEPENDENT AND ELECTROCHROMIC PROPERTIES OF CHEMICALLY DEPOSITED NICKEL OXIDE FILMS, Physica Macedonica, in press. | 4,8 |
| 6 | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет**<br>• Leipzig University, Leipzig, Germany 2007;<br>• Babes- Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania 2007;<br>• Babes- Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania 2008;<br>• Leipzig University, Leipzig, Germany 2008;<br>• Bar-Ilan University, Ramat Gan, Izrael, 2011. | 15 |
| 8 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | 0,5 |
| 9 | **Апстракт објавен во зборник на конференција** | 0,5 |
| | **Вкупно** | 86,84 |

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Авторско учество/коавторство на аудиовизуелно дело од среден формат ДВД** | 12 |
| 2. | **Ликовно и графичко обликување на вебстраници, мултимедија, електронски книги, видео и филмска продукција - како автор.** | 0,5 |
| | **Вкупно** | 12,5 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Член на национална жири-комисија** | 15 |
| 2 | **Експертски активности:**<br>**- стручни анализи (1)**<br>**- Учество во експертски тимови (2)** | 3 |
| 3 | **учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот** | 4 |
| | Вкупно | 22 |

**ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Студиски престој во странство до 3 месеци**<br>• Leipzig University, Leipzig, Germany 2007;<br>• Babes- Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania 2007;<br>• Nottingham Trent University, Nottingham UK 2008;<br>• Jegelonian University and Forensic Research Institute | 5,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Krakow, Poland 2008;<br>• Babes- Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania 2008;<br>• Leipzig University, Leipzig, Germany 2008;<br>• Alicante University, Alicante, Spain 2008;<br>• Leipzig University, Leipzig, Germany 2009;<br>• BAN, Sofija, Bulgaria, 2010;<br>• NATO, Brussels, Belgium, 2010;<br>• Sielnica (Training center), Slovakia, 2010;<br>• Bar-Ilan University, Ramat Gan, Izrael, 2011. | |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**<br>носител (2), учесник (1) | 2,5 |
| 3. | **Член на факултетска комисија за:**<br>-изработка на ЕКТС - правилник | 0,5 |
| 4. | **Член на комисија за избор во звање (1)** | 0,2 |
| 5. | **Координатор на студиска програма Форензика и хемија - ЕКТС** | 2 |
| 6. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:**<br>-Комисија за стручен испит (3)<br>- Член на тимот за брзи интервенции при хемиски несреќи<br>-Комитет за цивилна заштита при НАТО | 3 |
| | **Вкупно** | 13,7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 104,03 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 86,84 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 12,5 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 22,0 |
| **ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 13,7 |
| **Вкупно** | **239,07** |

Членови на Комисијата

Д-р Благоја Јорданоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Виктор Стефов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Д-р Верка Георгиева, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, с.р.

**ПРЕГЛЕД**

На одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Технолошко-металуршки факултет во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Комисија** |
|---|---|---|
| М-р Александра Тодоровиќ | „Дистрибуција на природни и вештачки радионуклеиди во земја и прехранбени растителни култури со проценка на радијационен ризик кај населението „ | Д-р Љубомир Арсов, ред.проф. во пензија, ментор<br>Д-р Тодор Ановски, ред.проф. во пензија<br>Проф.д-р Благица Близнаковска |
| М-р Мартин Арсов | „Проучување на билансот на водите во Охридско-преспанскиот регион со примена на изотопски и други современи техники„ | Проф.д-р Благица Близнаковска, ментор<br>Проф. д-р Кирил Лисичков<br>Д-р Дејан Димитровски , доцент |
| М-р Науаф Мохамед Баара | „Проучување на хидрогеолошките карактеристики на Скопската депресија на потегот од изворот Рашче до бунарите во Нерези (аспект на водоснабдување)„ | Д-р Тодор Ановски, ред.проф. во пензија, ментор<br>Проф.д-р Александар Димитров<br>Проф. д-р Кирил Лисичков |
| М-р Александар Чадиковски | „Развој на нов вид пиво со функционални карактеристики и влијание на сорпционите, миграционите и бариерните својства на амбалажа врз вкусовиот профил„ | Проф.д-р Елеонора Винкелхаузен, ментор<br>Проф.д-р Александра Бужаровска, коментор<br>Проф.д-р Донка Донева Шапческа |
| М-р Ерхан Сулејмани | „Проучување на специфичните хемиски и биохемиски промени во биеното сирење при зреењето„ | Проф.д-р Весна Рафајловска, ментор<br>Проф.д-р Елеонора Винкелхаузен<br>Проф.д-р Александра Бужаровска |
| М-р Војо Јованов | „Синтеза-структура-својства и примена на TiO2 како фотокатализатор во градежни материјали„ | Проф.д-р Емилија Фиданчевска, ментор<br>Проф.д-р Перица Пауновиќ<br>Проф. д-р Кирил Лисичков |
| М-р Ана Жабевска Златевски | „ Интегриран контролен модел за успешен развој на нов менаџер на тим„ | Проф.д-р Александар Димитров, ментор<br>Проф.д-р Соња Ќортошева<br>д-р Бети Андоновиќ, доцент |

# РЕЦЕНЗИЈА

**На докторската дисертација „Стандардизација на карпалните кинематски радиографски параметри и нивна примена кај оперативен третман на ревматоиден артрит на китката" изработена од м-р д-р Марта Фотева, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје**

Наставно –научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата XI редовна седница одржана на 22.12.2011, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет одреди Рецензентска комисија за рецензија на поднесената докторска дистертација од **м-р д-р Марта Фотева**, специјалист по ортопедија, вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести-Скопје, во состав:

1. проф. д-р Анастасика Попоска
2. проф. д-р Јордан Чаловски
3. проф. д-р Климе Ѓорески

Рецензентската комисија ја разгледа докторската дисертација под наслов:

## „Стандардизација на карпалните кинематски радиографски параметри и нивна примена кај оперативен третман на ревматоиден артрит на китката"

По направените меѓусебни консултации го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Извештај за доставената докторска дисертација

Докторската дисертација е самостоен труд на д-р Марта Фотева, од областа на ортопедијата. Таа е изнесена на 115 страници и е поделена на 10 поглавја: Вовед;

Мотив за изработка на темата; Предмет и задача на трудот; Цел на трудот; Материјал; Методи; Резултати; Дискусија; Заклучоци; Резиме; како и во прилог: Терминологија и кратенки и Литература.

2. Извештај за поодделни делови од докторската дисертација

- **Вовед:** Авторката ја дефинира китката како еден од биомеханички најсложените анатомски ентитети, одговорна за дефинитивното функционално позиционирање на шепата. Воведот е поделен на четири потточки: **I1. Анатомски и биомеханички особености на китката**- каде што се детално објаснети и со илустрации и шематски прикажани анатомските карактеристики на зглобовите, лигаментите, мускулите на китката и retinaculum flexorum, направен е историски преглед на развојот на теории за функционалната поставеност на китката и опишани се најновите истражувања на ова поле. **I2. Карпални кинематски параметри и нивна радиографска презентација**- тука авторката ја дефинира медицинската кинематика во карпусот, дава историски приказ на кинематските истражувања кои се насочени кон нормалниот карпус, за понатаму да се фокусира на приказ на квантитативните мерења при патолошки промени. Понатаму, се запознаваме со карпалните радиографски параметри и начинот на нивно мерење и пресметување од рентгенграфии: Центар на ротација на китката, Карпална височина, Однос на карпална височина, Карпален колапс, Карпално- улнарна дистанца, Однос на карпално-улнарна дистанца, Карпална транслација, Ревидиран однос на карпална височина. **I3- Карпална нестабилност**- Авторката најпрво се задржува на дефинирање и објаснување на факторите кои овозможуваат стабилност во китката, а потоа цитирајќи голем број на истражувања го објаснува поимот карпална нестабилност и ги прикажува постојните класификации за карпална нестабилност, како и најчестите видови на нестабилност (VISI, DISI, улнарна транслација) Понатаму е објаснето дијагностицирањето на карпалната нестабилност, кое се состои од темелен клинички преглед кој во себе опфаќа проценка на болка, опсег на движење и функционален статус. Овој преглед е надополнет со радиографски иследувања и

- **Цел на трудот:** Јасно и концизно се изложени прашањата на кои треба да се одговори со направените испитувања:

1. стандардизирање на карпалните радиографски кинематски параметри кај нормални морфо-функционални соодноси на карпус;
2. примена на стандардизирани карпални радиографски параметри во следење на ревматоиден артрит на китката;
3. корелација меѓу карпалните радиографски параметри и клиничките параметри кај ревматоиден артрит на китка;
4. одредување на прецизна индикација за оперативен третман кај РА на китка преку квантитативна анализа на карпалните радиографски параметри и соодветен клинички преглед;
5. постоперативна евалуација на РА на китката преку квантитативна анализа на карпалните радиографски параметри и соодветен клинички преглед.

- **Материјал:** Како материјал за испитување беа опфатени пациенти од Клиниката за ортопедски болести. За секој испитаник и за секој пациент е користен стандардизиран прашалник. Материјалот е дистрибуиран во две групи:
**I група-** кои учествуваа во првата фаза од испитувањето, т.е. 100 возрасни здрави испитаници кои беа рамномерно распоредени според пол (мажи и жени) и возраст (од 20 до 40 години и од 41 до 60 години).
**II група-** кои учествуваа во втората фаза на испитувањето, 30 возрасни пациенти со докажан ревматоиден артрит, т.е. беа испитани 60 китки.
Од оваа група на пациенти регрутирани се 20 китки со знаци на дисфункционалност (синовит, болка, отежнато и намалено движење) кои беа оперативно третирани.

- **Методи:** Во оваа проспективна студија, истражувањето е извршено во две фази. Во **првата фаза** се извршени радиографски снимања во две просторни рамнини (хоризонтална и сагитална) на двете шепи кај испитаниците од првата група. Потоа е извршено мерење и пресметување на следниве параметри: 1. карпална височина; 2. Carpal Height Ratio, според методот на Youm (CHR); 3.

начинот на мерење на карпални агли на латерални рентгенграфии е исцрпно објаснет. **I4. Ревматоиден артрит на китката**- Акцентот е ставен на патофизиологијата и клиничка слика на ревматоидниот артрит на китката, особено деформитетите и дисфункционалноста кои настануваат како резултат на оваа хронична болест, а понатаму се дадени основните постулати за правилно хируршко лекување на овие пациенти кои во себе вклучуваат, пред сѐ, тимска работа, добра предоперативна евалуација, правилен тајминг и правилен избор на оперативна процедура. Нагласена е целта на хируршкото лекување во китката: намалување на болката и зачувување или подобрување на функцијата. Од прегледот на можните хируршки интервенции, се издвојува артротеносиновектомијата на китката како профилактичка мекоткивна процедура, чија основна цел е да се отстранат хемиските ензиматски елементи и механичките деформантни сили на пролиферираната синовија кои ги уништуваат зглобовите на китката. Се потенцираат предностите на оваа хируршка метода: таа може да се комбинира со други процедури, ја намалува болката и ја подобрува функцијата, ја превенира или ја намалува можноста за појава на деформитет, ја намалува инциденцата на руптури на тетиви во пределот на китката.

- **Мотив за изработка на темата**: Произлегува од фактот што го среќавала авторката во секојдневната практика: карпалните кинематски параметри не се користат во секојдневната практика во нашата земја, ниту е направен обид за нивна стандардизација кај нормален карпус. Оттука, главниот мотив е да се стандардизира радиографскиот преглед на китката со употреба на карпални кинематски параметри и карпални агли.

- **Предмет и задача на трудот:** Произлегуваат од мотивот за изработка на темата, т.е. предмет на трудот претставува обид да се направи стандардизација на карпалните кинематски радиографски параметри во услови на нашето поднебје, а задачата е на доволно материјал да се формира унифициран модел на кинематски параметри.

Carpal Height Ratio, според методот на Natrass (RCHR); 4. карпално-улнарна дистанца; 5. однос на карпално-улнарна дистанца (CUDR); 6. капитолунатум агол (CL); 7. скафолунатум агол (SL); 8. радиолунатум агол (RL). Начинот на мерење и пресметување на овие параметри е јасно изложен, придружен со 6 слики и шематски прикази. Во **втората фаза** е извршена обработка на пациентите со ревматоиден артрит на китка по следниот протокол:

1. Метод на клиничко испитување кој опфаќа клинички (анамнеза и клинички преглед) и радиографски методи. Во анамнезата се документирани: пол, возраст, времетраење на болеста, тегоби во пределот на китката (болка, отежнато движење, оток), а клиничкиот преглед е бодиран според табелата на Green и O'Brien за проценка на: болка, функционален статус и опсег на движење изразени како процент од нормалата. Потоа следува рангирање на состојбата – одлична, добра, задоволителна, незадоволителна. Радиографските методи кои се користени се оние од првата фаза на истражувањето. Радиографскиот преглед е извршен на почетокот на студијата за сите пациенти, а кај пациентите кои беа оперирани и постоперативно на 6 и 12 месеци. Кај пациентите кои не беа оперативно третирани се изврши контролен радиографски преглед на 12 месеци.

2. Метод на оперативен третман - кај сите оперативно третирани пациенти беше извршена дорзална артротеносиновектомија на карпус. Оперативната техника е изложена прегледно, секој чекор поодделно, илустрирана со три графички прикази.

3. Статистичка обработка на резултатите- нумеричките статистички серии се обработени со помош на дескриптивни параметри (просек, стандардна девијација, медијана). Атрибутивните статистички серии се анализирани со одредување на коефициент на односи, пропорции, стапки и со утврдување на статистичка значајност меѓу откриените разлики. Статистичка сигнификантност на разликите меѓу анализираните параметри е тестирана со помош на Студентов т- тест, Mann- Whitney U test, Wilcox тест. Поврзаноста меѓу анализираните параметри е испитувана со Pearson- ов коефициент на линеарна корелација. За ниво на значајност е земено $p < 0,05$.

- **Резултати:** Од целокупното истражување, резултатите се прикажани со 64 табели, 16 графикони и 7 слики, како и со соодветни коментари од страна на авторката. Резултатите се анализирани за секоја фаза од истражувањето одделно. Авторката констатира дека кај резултатите од првата фаза, т.е. кај нормални возрасни испитаници не постои статистички сигнификантна разлика за испитуваните рентгенграфски параметри меѓу групите, што покажува дека добиените референтни вредности можат да се користат кај целокупната возрасна популација. Резултатите од втората фаза се поделени на три групи: А. Сите пациенти, на почетокот на студијата- кај кои се покажа сигнификатно отстапување во вредностите на карпалните кинематски параметри, особено кај пациентите со подолготрајна болест (карпален колапс кај 83,4%, карпална транслација кај 53,3%, комплексна нестабилност кај 9 шепи, VISI кај 35% , DISI кај 6.7%). Б. Резултатите од групата на оперирани пациенти покажуваат статистички сигнификатна разлика за испитуваните модалитети од клиничкиот преглед меѓу двете временски точки во однос на почетокот на студијата (подобрување) , додека резултатите од измерените рентгенграфски параметри не покажуваат статистичка разлика меѓу испитуваните временски точки. В. Кај групата на неоперирани пациенти, статистички сигнификантна разлика постоела само за модалитетот функција, клинички скор, CHR, RCHR и CUDR (влошување), додека вредностите на карпалните агли статистички не се сигнификантно различни.

- **Дискусија:** Тука авторката, пред сè ја потенцира важноста од квантифицирање на рентгенграфските промени на китката при различни патолошки состојби и смета дека скромната рентгенграфија се уште претставува прва и најважна дијагностичка техника за проблемите во китката. Преку тестирањето на прикажаните рентгенграфски методи во првата фаза од истражувањето, авторката го стандардизира радиографскиот преглед во китката и смета дека добиените вредности може да се сметаат за референтни, дотолку повеќе што тие се компарабилни со релевантни студии. Д-р Фотева смета дека нивната употреба во секодневната клиничка практика ќе биде голем чекор напред кон побрза и точна дијагноза на карпалните нарушувања. За да се

тестира употребата на карпалните кинематски радиографски параметри во патолошки услови, во докторската дисертација е земена ревматоидната китка како "идеален кандидат". Притоа се покажува дека радиографските нарушувања во карпусот се поврзани со клиничките параметри (болка, функција, опсег на движење), а колку е траењето на РА пократко, толку се радиографските параметри поблиску до нормалните вредности. Ова покажува дека клиничките симптоми и траењето на болеста се директно правопропорционално поврзани со карпалните кинематски радиографски параметри. Авторката аргументирано покажува дека со редовно следење на кинематските радиографски параметри во китката можеме да ја следиме прогресијата на болеста и, што е најважно, да прогнозираме кај кои пациенти ќе напредува зафатеноста на китката кон карпална дисфункционалност (на пр. Карпален колапс или карпална нестабилност). Кај сите оперирани пациенти постои подобрување во клиничката слика. Тоа, смета авторката, се должи на позитивниот ефект од оперативниот третман. Кај неоперираните пациенти, од друга страна, дури и за ваков релативно краток период, влошувањето на вредностите на карпалните параметри заедно со влошувањето на функционалноста на китката укажува дека постои прогресија на РА на китката и таа може да се следи со оваа метода. Тоа е особено евидентно кога ќе се споредат резултатите на оперираните со неоперираните пациенти.

Конечно, во дискусијата е потенцирано дека е потребно да се продолжи со долгорочно следење на овие пациенти со стандардизираните методи од оваа студија. На тој начин ќе може да се утврди дали дорзалната артросиновектомија може долготрајно да ја забави прогресијата на РА во китката, како и да овозможи дологотрајно зачувување на функцијата и да ја намали болката. Истовремено, ќе се утврди потреба од евентуални понатамошни оперативни процедури.

Генерално земено, сега откако е стандардизиран методот на мерење на кинематски радиографски параметри на китката, тие можат да се користат и кај други патолошки состојби на китката, од лигаментарни повреди и скршеници до заболувања и артроза. Најголем успех на оваа студија би било воведувањето на овој метод во секојдневната клиничка практика.

- **Заклучоци:** Докторската дисертација објавува пет заклучоци, кои произлегуваат од истражувањето и кои одговараат на поставените цели. Имено, студијата покажува дека опишаните методи употребени кај здрава популација се репродуцибилни и вредностите претставуваат нормални референтни вредности кои можат да бидат користени во понатамошни кинематски студии на китката. Исто така, овие мерки можат да се употребат за одредување на степенот на кинематска дисфункција кај пациенти со нарушувања во китката (како што е на пример ревматоиден артрит) и при евалуација на кинематската ефективност за вистински и хипотетички модалитети на третман и така стануваат исклучително вредни за ортопедските хирурзи. Раното откривање на дестабилизирачки форми на ревматоиден артрит станува можно, што го прави изборот и тајмингот на хируршката интервенција полесен.

- **Литература:** Цитирани се 82 релевантни стручни труда и поглавја од специјализирани изданија од еминентни и релевантни научни работници од сферата на истражуваната проблематика. Хронолошки, може да се следат историјатот и почетоците на истражувањата, сѐ до најновите достигнувања од оваа проблематика.

3. Оцена на поднесената докторска дисертација

Врз основа на приложената докторска дисертација, Комисијата констатира дека се исполнети сите услови за нејзина одбрана и по меѓусебната консултација го донесува следниов заклучок:
Докторската дисертација покажа дека со квантитативна анализа на радиографските карпални параметри се стандардизира метод за проценка на нормалните и патолошките морфо-функционални состојби во карпусот. Се очекува овој метод особен придонес да покаже во секојдневната клиничка практика, како и при евалуација и изработка на студии кои ги анализираат повредите и заболувањата во карпусот. Кај пациентите со ревматоиден артрит на китка, предложената радиографска анализа во корелација со клинички преглед овозможува да се дијагностицира и квантифицира карпалната

дисфункционалност. Дорзалната артротеносиновектомија изведена кај овие пациенти ја забавува прогресијата на болеста, ја зачувува функцијата на китката и ја намалува болката.

Што се однесува до апликативниот придонес во секојдневната ортопедска практика, методите воведени со оваа докторска дисертација овозможуваат екзактна дијагноза на степенот на нарушување во карпусот, точно следење на неговата прогресијата, можност за поставување на индикација за соодветен оперативен третман, како и постоперативен follow-up. На тој начин се обезбедува полесна и правилна дијагностичка процедура при заболувања и повреди во пределот на китката, која истовремено е индикативно појасна во однос на модалитетите на клиничкиот третман, како и при евалуација на оперативните проведури и постоперативно следење. Ваквиот пристап е единствениот начин да се следи современиот светски тренд во решавање на проблемите на дисфункционалност и деформитети во китката.

Рецензентската комисија, во полн состав, едногласно му предлага на Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет во Скопје да ја процедурира во натамошна постапка докторската дисертација од д-р Марта Фотева, м-р сци, под наслов: **″Стандардизација на карпалните кинематски радиографски параметри и нивна примена кај оперативен третман на ревматоиден артрит на китката″** и да овозможи одбрана на дисертацијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Анастасика Попоска с.р.

2. Проф.д-р Јордан Чаловски с.р.

3. Проф. д-р Климе Ѓорески с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: ОСНОВИ НА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, АВТОРСКО ПРАВО И ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ВО ФАРМАЦЕВТСКИТЕ НАУКИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 17.2.2012 година, со решение бр. 02-87/11 од 17.2.2012 година, формираше Комисија за избор на еден насловен доцент по групата предмети: основи на право на интелектуална сопственост, авторско право и индустриска сопственост и право на интелектуална сопственост во фармацевтските науки, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска. Комисијата изврши преглед на доставената документација и констатира дека на објавениот конкурсот објавен во дневните весниците „Утрински весник" и „Факти" на 24.12. 2011 година, за избор на насловен доцент, се пријави еден кандидат, и тоа: д-р Катерина Анчевска Нетковска.

По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс, за избор на еден насловен доцент по групата предмети: основи на право на интелектуална сопственост, авторско право и индустриска сопственост и право на интелектуална сопственост во фармацевтските науки се пријавила д-р Катерина Анчевска Нетковска од Скопје. Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го констатира следново:

### *Биографски податоци*

Кандидатката д-р Катерина Анчевска Нетковска е родена на 26.3.1969 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1987 година. Во учебната 1987/88 година се запишала на Правниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет во 1993 година. По вработувањето на Фармацевтскиот факултет, своето образованието го продолжила на истиот факултет на постдипломските студии по граѓанско право. Магистерскиот труд под наслов „ Правен режим на патентот во фармацевтската

индустрија во Република Македонија,, го одбранила во 2006 година, со што се стекнала со звањето магистер на правни науки. Во 2007 година пријавува тема за изработка на докторски труд под наслов „Правата на индустриска сопственост и рекламирањето на фармацевтските производи во правото на Република Македонија и споредбеното право" која успешно ја одбранила во 2011 година, со што се стекнува со научниот степен доктор на правни науки.

### *Наставно-образовна дејност*

Од 2006 година, д-р Катерина Анчевска Нетковска е ангажирана во изведување на дел од теоретската настава од прв и втор циклус по предметот социјална фармација, како и во дел од теоретската настава на втор циклус студии на студиските програми по здравствен менаџмент и фармакоекономија и фармацевтска регулатива. Исто така, од особено значење е нејзиниот ангажман во изведувањето на здравствената едукација на дипломирани фармацевти и магистри по фармација согласно со предвидената програма за стекнување на лиценца за самостојно вршење на здравствена дејност.

### *Научноистражувачка дејност*

Како резултат на нејзината досегашна научна работа, како автор и коавтор, д-р Катерина Анчевска Нетковска има објавено 13 научни и стручни трудови, вклучувајќи ги магистерскиот и докторскиот труд.

Научноистражувачката дејност е насочена кон поврзување на правото на интелектуалната сопственост со делот од фармацевтската наука, и како резултат на тоа учествувала со свои трудови на конгреси и конференции од оваа област.

### *Стручно-апликативна дејност од поширок интерес*

Од вработувањето до денес, д-р Катерина Анчевска Нетковска активно е вклучена во стручно - апликативната работа. Во 1997 година го положила правосудниот испит, а во 2000 година го положила нотарскиот испит. Посетувала обука за медијатори во организација на Интернатионал Финананце Цоорпоратион која успешно ја завршила во 2007 година, со што се стекнува со право за вршење на оваа дејност. Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, во 2011 година ја избира како истакнат стручњак од практиката, со што активно е вклучена во наставата на Факултетот. Со решение издадено од министерот за здравство на РМ, учествувала како член во работна група за изготвување на:

- инструкција за регулирање на постапката за добивање на одобрение за ставање на лек во промет;

- изготвување на Водич за испитување на биолошка расположливост и биоеквиваленција на лековите;

- Правилник за податоците што треба да ги содржи упатството за употреба на лековите.

Во 2007 година остварила стручен престој на Фармацевтскиот факултет во Копенхаген, Данска, во рамките на ТЕМПУС - проектот „Реконструкција во фармацевтскта едукација во РМ". Кандидиатката редовно е ангажирана од Фармацевтската комора на РМ и учествува како член во Комисија за полагање на стручен испит на дипломирани фармацевти. За време на својот досегашен работен ангажман, учествувала на повеќе семинари, конференции и обуки.

Од посебно значење е организирањето на 1. и 2. „Конференција за економските вредности и значењето на правата од индустриска сопственост за фармацевтската индустрија" со поддршка на УСАИД и „Алкалоид" каде што кандидатката се јавува како претседател на организацискиот одбор и пленарен предавач, со што активно ја потврдува својата стручна и апликативна дејност во научната област во која се пријавува.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и постигнатите резултати на пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека д-р Катерина Анчевска Нетковска поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана за наставник во насловно звање - насловен доцент.

Како резултат на погоре наведеното, Комисијата имачест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет, кандидатката д-р Катерина Анчевска Нетковска да биде избрана во звањето насловен доцент по групата предмети: основи на право на интелектуална сопственост, авторско право и индустриска сопственост и право на интелектуална сопственост во фармацевтските науки,

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Борче Давитковски с.р
2. Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска с.р
3. Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска с.р

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Катерина Анчевска Нетковска**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Фармацевтски факултет**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: право на интелектуална сопственост**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава од прв циклус студии<br>Социјална фармација<br>Вкупно:90x0.04 = 3.6<br><br>Социјална фармација, **2006-2011**(90x0.04 = 3.6) | 3.6 |
| 2 | Одржување на настава од втор циклус студии<br>- Фармацевтски факултет: здравствен менаџмент и фармакоекономија =6,3 (**2006-2011**) | 7,35 |

| | | |
|---|---|---|
| | Здравствено законодавство (18x0,05=0,9)<br><br>Системи на здравствено осигурување (30x0,05=1,5)<br><br>Меѓународни организации (12x0.05=0,6)<br><br>Меѓународни договори и прописи на лекови (18x0,05=0,9)<br><br>Регистарции и лиценцирање (18x0,05=0,9)<br><br>Усогласување на националното законодавство со ЕУ директивите (30x0,05=1,5)<br><br>- Фармацевтски факултет: Фармацевтска регулатива =0,15 (**2011**)<br>Фармацевтски маркетинг (3x0,05=0,15)<br><br>- Правен факултет: права од интелектуална сопственост= 0,9 (**2006-2011**) | |
| 3 | Консултации со студент | 1 |
| 4 | Подготовка на нов предмет - предавања | 1 |
| | | |
| 5 | Едукатор на здравствена едукација, **2006-2011**<br><br>- 2006 -3x15x0.08 = 3,6<br>- 2007- 3x15x0.08 = 3,6<br>- 2008 -3x15x0.08 = 3,6<br>- 2009 -3x15x0.08 = 3,6<br>- 2010 -3x15x0.08 = 3,6<br>- 2011- 3x15x0.08 = 3,6<br>**Број на кандидати: 400 студенти** | 21,6 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **34,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Катерина Анчевска Нетковска**. Значењето на патентот како право на индустриска сопственост и фармацевтските производи, Универзитет Св. Кирил и Методи"Фармацевтски факултет, Зборник на Правниот факултет посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки, Скопје, 2006 | 2 |
| 2 | **Катерина Анцевска Нетковска**, Јадранка Дабовик Анастасовска. Тхе импортанце оф легал протецтион оф интеллецтуал проперт**s** ригхтс ин тхе пхармацеутицал индустр**s** ин тхе РМ, ИВ меѓународен конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, 26-30 септември 2007. | 1 |
| 3 | **Катерина Анчевска Нетковска** Значењето на трговската марка за фармацевтските производи, Петти конгрес на фармацијата на Македонија, 2011 | 1 |
| 4 | **Катерина Анчевска Нетковска**, Јадранка Дабовиќ Анастасовска. Карактеристики и значење на патентната заштита во фармацевтската индустрија, Копаоничка школа, 2007 година.<br>**Катерина Анчевска Нетковска** „Трипс договорот и фармацевтските пронајдоци" Македонски фармацевтски билтен, 2011 | 4<br>4 |
| 5 | Пленарно предавање на ИППИ **Катерина Анчевска Нетковска,** Јадранка Дабовиќ Анастасовска. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Патентирање во фармацевтската индустрија"-(предавање) 2. Конференција за интелектуална сопственост во фармацевтската индустрија, Скопје, 2010. | |
| 6 | **Катерина Анчевска Нетковска**. Патентирање на фармацевтските производи, Фармацевтски информатор, 2009. | 4 |
| 7 | **Катерина Анчевска Нетковска**. ТРИПС и заштита на пронајдувачкото право, Фармацевтски информатор, март 2009. | 4 |
| 8 | **Катерина Анчевска Нетковска**. Развој на пронајдувачкото право во РМ, Фармацевтски информатор, 2009. | 4 |
| 9 | **Катерина Анчевска Нетковска**, Јадранка Дабовиќ Анастасовска. Значењето на патентибилноста во менаџментот на фармацевтската индустрија, Меѓународна научна конференција „Знаењето - капитал на иднината"Охрид, 2009 година. | 4 |
| 10 | **Катерина Анчевска Нетковска**, Лиценцирање патената у фармацији - Архив за правне и друштвене науки | 4 |
| 11 | **Катерина Анчевска Нетковска**. Патентирање во фармацијата, Фармацевтски информатор, 2011 | 4 |
| | **Вкупно** | **38,00** |

# СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Учество во промотивни активности на Факултетот (0,5)<br>- Обука за медијатори во организација на Интернатионал Финанце Цоорпоратион;<br>- Обука за ефективна јавна набавка;<br>- избран стручњак од практиката;<br>- конференција „Индустриска сопственост и бизнис сектор";<br>- семинар „Заштита на правата од интелектуална сопственост" - Здружение на правници на РМ;<br>- ИВ меѓународен конгрес на фармацијата;<br>- конференција Ам Цхам Мацедониа Билатерал Интеллецтуал Пропертѕ Ригхтс (ИПР);<br>- Семинар за најдобри практики при промовирање на модел за интегриран универзитет ТЕМПУС ЈЕП 41019-2006;<br>- Регионален семинар за спроведување и комерцијализација на правата од интелектуална сопственост;<br>- работилница „Промовирање на модел за интегриран универзитет на државните универзитети во РМ";<br>- Работилница за подготовка на нов закон за здравствена заштита;<br>- меѓународна конференција „Цуррент Регулаторѕ Цхалленгес Регардинг Пхармацеутицалс,, , Хеиделберг, 2008;<br>- „Маппинг оф Ацадемиц Еџелленце ин тхе Цонтеџт оф Љуалитѕ Ассуранце" Марибор;<br>- „Њорксхоп он тхе промотион оф Индустриал Десигн протецтион"; Европска Комисија и Министерство за економија;<br>- Обука за примена на Законот за постапување по преставки и предлози организиран од Бритисх Ембассѕ Скопје/Бритисх Цоунцил;<br>- учество на ТЕМПУС ОПУС „ Отворање на Универзитетот кон општеството - поврзување на образованието-истражувањето-иновацијата - работилница под наслов „Интелектуална соптвеност и иновација";<br>- учество на Конференција за интелектуална | 8,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | сопственост во РМ, организирана од Американската комора на РМ. | |
| | | |
| | Член на комисија за изработка на подзаконски акт:<br>- Инструкција за регулирање на постапката за добивање на одобрение за ставање на лек во промет;<br>- Водич за испитување на биолошка расположливост и биоеквиваленција на лековите;<br>- Правилник за податоците што треба да ги содржу упатството за употреба на лековите. | 2<br>2<br>2 |
| | Уредувачки одбор на стручното списание „Правник" | 0,5 |
| | | |
| | Претседател на организациски одбор на меѓународен стручен собир за економски вредности и значењето на правата од индустриска сопственост за фармацевтската индустрија во Република Македонија во соработка со УСАИД и „Алкалоид" Скопје, 2008 год. | 2 |
| | Претседател на организациски одбор на стручен собер, ИППИ | 1 |
| | Студиски престој во странство до 3 месеци (Данска, Копенхаген- ТЕМПУС- проект) | 0,5 |
| | Раководител на внатрешна организациона единица | 3 |
| | Член на универзитетска комисија | 1 |
| | Член на факултетска комисија (0,5)<br>- Уредувачки одбор на монографијата Фармацевтски факултет 30 год;<br>- Комисија за изготвување на текст за пакет информации за студиска програма и услови за студирање;<br>- Етички комитет; | 2,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Комисија за нормативни акти. | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>- Комора на медијатори;<br>- Комисија за етички и правни прашања на Фармацевтската комора на РМ;<br>- Управен одбор на Здружението на правници на РМ. | 1<br>1<br>1 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 28,0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 34,5 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 38,0 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 28,0 |
| **Вкупно** | 101,0 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Борче Давидковски , претседател с.р
2. Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска , член с.р
3. Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, член с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **ИСКУСТВАТА НА СР ГЕРМАНИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО,** ОД **М-Р ПЕРО МОЦАН,** ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 24. 2. 2012 година, нè определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Перо Моцан** на тема: **ИСКУСТВАТА НА СР ГЕРМАНИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО.**

По опстојното прегледување на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно - научниот совет, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Перо Моцан содржи 281 страница основен текст и 10 страници користена литература. Во дисертацијата се поместени 27 табели, 5 графикони и 6 слики. Покрај вовед и заклучни согледувања, материјата во докторската дисертација е структурирана во четири глави, според следниов редослед:

***Прва глава*: ТРЕТМАНОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ГЕРМАНСКАТА ЕКОНОМСКА МИСЛА**

***Втора глава*: РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ГЕРМАНИЈА ВО ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД**

***Трета глава*: ПОЛИТИКИ И МЕРКИ НА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ГЕРМАНИЈА**

***Четврта глава*: РЕЛЕВАНТНИ ИСКУСТВА И ЛЕКЦИИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во **првата глава** на трудот, кандидатот м-р Перо Моцан солидно и успешно го елаборира третманот на малите и средните претпријатија (МСП) и на претприемништвото во германската економска мисла. На самиот почеток, тој укажува на специфичностите на германските термини - претприемач (Unternehmer) и претприемништво (Untrnehmertum), во однос на англосаксонската терминологија, потенцирајќи дека не се работи само за терминолошки, туку и за суштински разлики, кои треба да се имаат предвид во понатамошната анализа на материјата. Потоа, во првата глава на трудот, опстојно се анализирани суштинските карактеристики на Фрајбуршката економска школа, којашто ја одразува германската либерална традиција, позната како ордолиберализам, и која одигра битна улога во германското разбирање на претприемништвото, како израз на индивидуалните економски слободи и како генератор за реконструкција на претпријатијата и за економски прогрес. Во овој контекст, посебно се

анализирани основните принципи на Фрајбуршката школа (правото на сопственост, слободата на конкуренцијата, стабилноста на валутата и одговорноста за последиците од слободните одлуки), бидејќи тие се клучни за развој на она што денес се нарекува претприемнички амбиент. Кандидатот, во овој дел на трудот, потенцира дека германската економска политика, во периодот по Втората светска војна, цврсто се потпираше врз ордолибералната теорија и беше ориентирана на креирање на поволна рамка за развој на индивидуалните иницијативи, претприемништвото и флексибилнста на пазарите. Во продолжение е разработен и придонесот на германскиот модел на социјално-пазарна економија за третманот на МСП и претприемништвото во Германија. Овој модел израсна врз темелите на Фрајбуршката школа. Клучниот постулат на моделот на социјално - пазарна економија вели дека слободната конкуренција и нејзиното континуирано одржување низ антимонополската контрола, продуцира економска динамика, пораст на производството на добра и услуги, зголемена продуктивност и економска благосостојба што, од своја страна, е битен услов за водење на силна социјална политика и за осигурување на социјална праведност во општеството. Разработката на материјата во оваа глава продолжува со преглед на германската економска литература за претприемништвото во различни подпериоди по Втората светска војна - во периодот на педесеттите и шесеттите години на минатиот век, во периодот од 1970 до 2000 година и денес, за да се види како еволуирала и се менувала економската мисла за МСП и претприемништвото. Третманот на претприемништвото во современата германска мисла за економијата и бизнисот базира врз основите на модерната англосаксонска теорија за претприемништво, но во себе инкорпорира и бројни специфичности кои произлегуваат од германската традиција.

**Втората глава** на трудот носи наслов *Развој на МСП во Германија по Втората светска војна*. Анализата овде, исто така, е изведена за различни периоди: прво, од ослободувањето до 1974 година, второ, од 1974 година до обединувањето на земјата и трето, од обединувањето на земјата до денес. Ваквата поделба е направена за да се прикажат специфичностите, карактеристиките, резултатите, но и проблемите во развојот на МСП во различните временски периоди. Кандидатот констатира дека во првиот разгледуван период МСП имаа несоодветен третман (асоцираа на нешто што е мало, традиционално, па дури и "заостанато"), што резултираше во значајно намалување на бројот на МСП и особено на микропретпријатијата. Состојбата евидентно се подобри во периодот по 1974 година кога, под дејство на нафтените "шокови," дојде до нов бран на претприемничко преструктурирање во цела Западна Европа, а во тие рамки, и во Западна Германија. По обединувањето на земјата се случи нов силен бран на пораст на МСП во германската економија, заснован на реприватизацијата што се отвори во Источна Германија, на преструктурирањето на големите социјалистички претпријатија и на силниот трансфер на капитал во новите територии (околу 1.800 милијарди ДМ, односно 920 милиони евра). Овој процес овозможи во Источна Германија да се формира релативно богата популација на МСП и да се поттикне реструктурирањето на економијата на поранешната ДДР. Во овој дел на трудот, кандидатот м-р Перо Моцан

посебно се задржува на актуелната состојба на МСП во СР Германија, со подетална анализа на нивната бројност (според германската методологија на поделба на претпријатијата на мали, средни и големи и според критериумите на Европската комисија кои вклучуваат и посебно искажување на микропретпријатијата), нивната секторска структура и нивната регионална структура. Овде, кандидатот посебно го елаборира значењето на МСП за пазарот на трудот - во смисла на негово стабилизирање во кризни состојби, обука на кадри за потребите на германското стопанство и придонесот на МСП за вработеноста во германската економија во целина. Во оваа глава на трудот е користена богата и солидно средена статистичка документација, којашто, низ комбинација на релевантни индикатори, дава реална слика за динамиката на раст на МСП, нивната структура и нивната економска моќ.

**Третата глава** на докторската дисертација е посветена на политиките и мерките на поддршка на развојот на МСП и на претприемништвото во Германија, и таа има носечки карактер. Овде, кандидатот м-р Перо Моцан, користејќи релевантни показатели (од официјалната германска статистика) и студии и анализи од проминентни германски автори од областа, детално и опстојно ги разработува политиките на промоција на МСП и на претприемништвото во СР Германија. Притоа, елаборацијата не ги опфаќа само техничките аспекти на проблематиката, туку, напротив, таа е сосредоточена на квалитативните аспекти на политиките на промоција - од аспект на нивните основни принципи и од аспект на економската логика на нивната поставеност и функционирање. Во овој контекст, најпрвин се анализирани мерките на промоција на МСП и на претприемништвото на сојузната и на републичките влади (посебно компетенциите во осмислување и реализација на различни програми и проекти за МСП и претприемништво кои, во случајот на СР Германија, се проследени со користење на обилни финансиски, материјални и кадровски ресурси и од аспект на континуираниот напор за одржување на претприемничкиот амбиент). Анализата продолжува со испитување на улогата на антимонополската политика, како една од најефикасните во светот, и со посебното значење на Bundeskartellamt - от и на неговите основни компетенции и функции. Потоа, се испитува улогата на германските стопански комори во поддршката на МСП - нивната бројност, организација и поставеност и нивната голема инволвираност во давањето на совети и бројни консултантски услуги за потребите на МСП, бројни анализи за значајни прашања од нивни интерес, препораки до републичките влади и Сојузната влада за политиките за МСП и на претприемништвото итн. Во рамките на ова поглавје е изведена и студија на случај - активностите на Стопанската комора на Франкфурт. Посебно внимание во оваа глава му е обрнато на клучното значење на познатата KfW Bankengruppe, и во нејзини рамки на KfW банката за мали и средни претпријатија (KfW Mittelstandsbank), во финансирањето на МСП во Германија - обемот на кредити, условите, пристапите до кредити, начинот на операционализација на кредитите, советодавната улога на банката итн. Во рамките на делот за финансирањето на МСП, кратко е дебатирано и прашањето за значењето на народните банки и штедилници како специфичност на Германија и на германската

традиција. Соодветно внимание во овој дел на трудот кандидатот обрнува и на улогата на универзитетите и посебно на економската наука во понудата на претприемничко образование и напорите теоретската едукација да се комбинира со практична работа насочена кон оспособување на студентите за основање на сопствена егзистенција (формирање на сопствени мали бизниси), но и помош на постојните претприемачи за обнова на знаењата и за стекнување на нови претприемнички знаења. Во продолжение, кандидатот м-р Перо Моцан го анализира и ризичниот капитал во Германија (бизнис - ангелите и официјалните фондови), низ конкретно истражување, односно преку интервју на познати ризико - капиталисти во Германија. Оваа глава завршува со осврт за значењето на супконтракторството (малите и средните бизниси кои произведуваат за потребите на големите германски компании) за МСП, за големите компании и за државата во целина. Анализата на кандидатот во овој дел на трудот потврдува дека СР Германија влегува во редот на земјите кои изградиле комплексни политики на промоција (поддршка) на МСП и на претприемништвото, со широк опфат на мерки и инструменти на сите нивоа - европско, сојузно, републичко и локално, со програми кои се мерат во милјарди евра и со програми со висока ефикасност. Притоа, логиката на поставеност и функционирање на политиките се базира врз неколку принципи со висока релевантност: (1) популацијата на мали и средни претпријатија (Mittelstand) има големо значење за благосостојбата на средната класа како основа за стабилноста на општеството; (2) МСП имаат потреба од поддршка поради неколку резони - не користат економии од обем, имаат слаба финансиска моќ и имаат слаба атрактивна моќ (помалку се привлечни за квалификувана и високообразована работна сила); (3) МСП придонесуваат за зголемување на конкурентноста и ефикасноста на вкупната економија и даваат голем придонес во вработувањето, а со тоа и во јакнењето на социјалната кохезија на општеството, со што комплетно се вклопуваат во филозофијата на германскиот модел на социјално - пазарна економија; (4) мерките на поддршка на МСП и на претприемништвото треба да базираат на економска логика, да бидат неутрални (да избегнуваат директни плаќање и субвенции), т.е. да не предизвикуваат нарушувања на пазарниот механизам.

**Четвртата глава** на трудот носи наслов „Релевантни искуства и лекции за Република Македонија". Кандидатот м-р Перо Моцан, во почетокот, укажува дека дел од германските искуства во промоцијата (поддршката) на развојот на МСП и претприемништвото можат да бидат многу корисни за Република Македонија, којашто во периодот на транзиција направи значаен продор во областа на малите бизниси и претприемништвото и воспостави политики за нивна поддршка. Тој потенцира дека германските искуства не можат механички да се пренесат во Македонија (бидејќи се работи за економии со огромни разлики - од аспект на големината на земјите, силата на економиите, традициите, културата, економските системи итн.), но и дека богатото искуство на Германија во оваа област, широкиот опфат на мерки и инструменти на политиките на МСП и сл., како идеи се вредни за размислување и дел од нив, со нужни измени и приспособувања, можат да се применат и кај нас. Селекцијата на германските искуства кои можат

да се применат кај нас е успешно изведена и содржи бројни конкретни предлози и сугестии. Дел од предлозите и сугестиите се однесуваат на потребата централната влада и локалните влади во Република Македонија со поголема посветеност да работат на зголемување на ефикасноста на политиките на поддршка на МСП и на претприемништвото и да направат значаен продор во зголемувањето на ресурсите (финансиски, кадровски и материјални) за оваа намена. Зголемените алокации на ресурси за поддршка на МСП и на претприемништвото, како што покажува германското искуство, но и искуствата на другите развиени земји, се исплатливи уште на среден и особено на долг рок. Стопанските комори, според кандидатот, можат да одиграат значајна улога во поддршката на малите бизниси доколку кадровски зајакнат, со вработување или повремено ангажирање на млади високообразовани кадри (економисти, правници, кадри од техничките струки и сл.) кои располагаат со фонд на претприемничко знаење. И во овој случај се покажува дека ефектите од вработување на млади кадри брзо ги надминуваат трошоците за плати. Според кандидатот, регулаторните институции, доколку сакаат да ја зголемат нивната ефикасност, треба да добијат далеку поголема независност vis a vis извршната власт. Во доменот на антимониополското законодавство, неопходно е да се подобри позицијата на МСП при учеството во јавните набавки, како што е тоа случај во СР Германија. Во областа на финансирањето на МСП, кандидатот посебно го истакнува значењето на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), како единствена државна банка кај нас, организирана по примерот на германската KFW Mittelstandbank. Тој сугерира, Владата да пласира дополнителен капитал за да го зголеми нејзиниот кредитен потенцијал и да вработи нови млади кадри со неопходен фонд на знаење од областа на претприемништвото. Тој, исто така, дава корисни сугестии и за развојот на ризичниот капитал кај нас, т.е. се застапува за формирање на посебен сектор за официјален ризичен капитал во рамките на МБПР. Кандидатот дава низа корисни сугестии и предлози за подигање на квалитетот на претприемничката едукација, посебно во областа на високото образование, преку осмислување на наставни програми и содржини кои, покрај теоретски знаења, ќе понудат и практични знаења - оспособување на студентите за отворање на сопствени мали бизниси и едукација и обновување на знаењата на постојните претприемачи, понатаму, вмрежување на високообразовните институции со развиена претприемничка активност со други релевантни институции значајни за развој на претприемништвото - на пример, со Агенцијата за поддршка на претприемништвото, со регионалните центри, со бизнис - инкубаторите и сл, за можните пристапи за развој на супконтракторството кај нас итн.

## ОПШТА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Перо Моцан претставува опстојна и продлабочена студија за искуствата на СР Германија во развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото. Значењето и актуелноста на испитуваната проблематика произлегува од фактот што

СР Германија, како една од најразвиените земји во светот, изградила комплексни политики на промоција (поддршка) на МСП и на претприемништвото, со широк опфат на мерки и инструменти на сите нивоа - сојузно, републичко и локално, како и ниво коешто кореспондира со ЕУ, со програми кои се мерат во милјарди евра и со програми со висока ефикасност. Силата и стабилноста на германската економија, меѓу другото, произлегува и од силата на секторот на МСП, кој е одлично структуриран и добро вклопен во германската традиција на супконтракторство - мали и средни претпријатија кои произведуваат добра и услуги за потребите на големите германски претпријатија. Испитуваната проблематика има висока релевантност и за Република Македонија, којашто во периодот на транзиција разви релативно богата популација на МСП и воспостави политики (мерки, инструменти и институции) за поддршка на МСП и на претприемништвото. Иако германските искуства, во доменот на промоцијата на МСП и на претприемништвото не можат механички да се пренесат во Македонија (бидејќи се работи за економии со огромни разлики - од аспект на големината на земјите, силата на економиите, традициите, културата, економските системи итн.), неспорно е дека богатото искуство на Германија во оваа област, широкиот опфат на мерки и инструменти на политиките на МСП, нивната висока ефикасност и сл., како идеи се вредни за размислување и дел од нив, со нужни измени и приспособувања, можат да се применат и кај нас. Впрочем, тоа е и една од основните цели на докторската дисертација на кандидатот м-р Перо Моцан. Комисијата констатира дека кандидатот м-р Перо Моцан: **(1)** понудил солидна теоретска анализа за третманот на МСП и на претприемништвото во СР Германија и дека преку елаборација на основните принципи и постулати на Фрајбуршката економска школа и на германскиот модел на социјално - пазарна економија, успешно ја презентирал германската традиција во поимањето на МСП и на претприемништвото, како израз на индивидуално - капиталистичката иницијатива, слободната конкуренција, флексибилноста на пазарите и стабилноста на средната класа; **(2)** опстојно го прикажал развојот на МСП и на претприемништвото во СР Германија во периодот по Втората светска војна, користејќи изворни податоци од официјалната германска статистика, студии и анализи на познати германски автори од областа, анализи на GEM итн.; **(3)** со користење на изворна германска литература и сопствени истражувања (интервјуа), детално и опстојно ги разработил политиките на промоција на МСП и на претприемништвото во СР Германија, при што, елаборацијата не ги опфаќа само техничките аспекти на проблематиката, туку, напротив, таа е сосредоточена на квалитативните аспекти на политиките на промоција - од аспект на нивните основни принципи и од аспект на економската логика на нивната поставеност и функционирање; **(4)** успешно селектирал дел од широката "лепеза" мерки и инструменти на промоција на МСП и на претприемништвото во СР Германија, кои би можеле да се применат кај нас.

Комисијата посебно истакнува дека конкретните предлози и сугестии на кандидатот м-р Перо Моцан за надоградување на македонските политики на поддршка на МСП и на претприемништвото и за

зголемување на нивната ефикасност, врз основа на германските искуства, и посебно оние што се однесуваат на компетенциите на централната влада и на локалните влади (единиците на локалната самоуправа), на зголемувањето на ефикасноста на антимонополската контрола, на улогата на стопанските комори, на улогата на Македонската банка за поддршка на развојот, на улогата на универзитетот, на можните пристапи на развојот на ризичниот капитал и на развојот на субпконтракторството, претставуваат стручен и научен придонес на кандидатот во испитуваната материја. Во овој контекст треба да се потенцира и инсистирањето на кандидатот мерките на поддршка на МСП и на претприемништвото да базираат на економска логика, да бидат неутрални (да избегнуваат директни плаќање и субвенции), т.е. да не предизвикуваат нарушувања на пазарниот механизам. Овие сугестии и предлози, истовремено, можат да бидат корисни и за креаторите на економската политика во доменот на МСП и на претприемништвото во Република Македонија.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата е убедена дека станува збор за солидна и успешна докторска дисертација, поради што со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

***прво***, да го усвои Извештајот за докторската дисертација на тема: ***ИСКУСТВАТА НА СР ГЕРМАНИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО***, поднесена од кандидатот **м-р Перо Моцан;**

***второ***, да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, февруари 2012 год.

Членови на Комисијата

1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.
3. Проф. д-р Димитар Бојациоски с.р.
4. Акад. Гоце Петрески с.р.
5. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЧЕЛАРСТВО ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXVI седница одржана на 6.2. 2012 година, со решение бр.02-68/7, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Хрисула Кипријановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Алеш Грегорц, редовен професор од Кметијскиот институт во Љубљана и д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за оцена на пријавените кандидати на конкурсот за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област пчеларство.

По прегледот на доставената документација, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 20.1.2012 година и весникот „Коха" од 18.1.2012 година, за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област пчеларство се пријави еден кандидат, м-р Александар Узунов, асистент на група предмети на Катедрата за сточарство при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### Биографски податоци

Кандидатот м-р Александар Узунов е роден на 10.12.1975 во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Во 2002 година дипломирал на Земјоделскиот факултет во Скопје, на сточарската насока. Во 2007 година го одбранил магистерскиот труд под наслов "**Разновидност на медоносната пчела (Apis mellifera L.) на територијата на Република Македонија**", со што се стекнал со звањето магистер на земјоделски науки - група пчеларство при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во периодот 2001-2004 година, кандидатот м-р Александар Узунов работел како асистент на проектот „Германска техничка соработка" (ГТЗ), а од 7.12. 2004 до 11.11. 2008 работел како раководител на АПИЦЕНТАР -Тренинг и репроцентар за пчеларство. Освен постојаното вработување, од 1.8. 2004 до 1.5. 2008 бил ангажиран како координатор во Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (ИФАД).

Кандидатот м-р Александар Узунов во учебната 2007/2008 година бил ангажиран како демонстратор на предметот пчеларство, а на 1.1. 2009 година е избран за асистент на група предмети на Катедрата за сточарство при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на кое работно место се наоѓа и сега.

Во 2008 година пријавил тема за изработка на докторска дисертација на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје под наслов „Биолошки и производни карактеристики на автохтоната медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*) на територијата на Република Македонија".

М-р Александар Узунов активно се служи со англискиот јазик, има основни познавања на германскиот јазик, а исто така поседува и одлични информатички познавања (MS Office пакет, MS Project, Corel Draw, Photoshop).

**Наставно-педагошка активност**

М-р Александар Узунов успешно ги извршува образовните активности преку редовната практична настава по предметите пчеларство и основи на сточарско производство. Освен редовната практична настава, м-р Узунов и дополнително ги мотивира студентите за учество во воннаставни активности. Значаен дел од неговите студенти се вклучени во проектни и истражувачки активности поврзани со наставно-научната област пчеларство, како што се: Етологија на пчелните матици при спарувањето на островот Голем Град во Преспа, Одредување на интеракцијата на генотипот и животната средина во рамките на COST-акцијата COLOSS, Денови на македонскиот мед во Скопје и др.

**Научна и стручна дејност**

М-р Александар Узунов посветува големо внимание на своето усовршување во областа на пчеларството преку учество на повеќе обуки, семинари, работни групи и конгреси:

2009 - 4$^{th}$ COLOSS Conference (COST action), Загреб, Хрватска

2009 - Пчеларски Институт - Кирхајн, Германија (студиски престој)

2009 - 41$^{st}$ APIMONDIA-Светски конгрес за пчеларство, Монтпелие, Франција

2009 -5$^{th}$ COLOSS Conference (COST action), Монтпелие, Франција

2009 - COLOSS workshop, Кирхајн, Германија

2009 - COLOSS workshop, Уније, Хрватска

2009 - 1$^{st}$ Symposium for beekeeping, Душче, Турција

2010 - 2$^{nd}$ Symposium for beekeeping, Душче, Турција

2010 - COLOSS workshop, Атина, Грција

2010 - 6$^{th}$ COLOSS Conference (COST action), Анкара, Турција

2011 - 3$^{th}$ Convention of Italian professional beekeepers, Лече, Италија

2011 - COLOSS workshop, Пловдив, Бугарија

2011 - 6$^{th}$ COLOSS Conference (COST action), Белград, Србија

2011- Annual Breeding Seminar of German Beekeeping Association, Шехен, Германија

2012 - COLOSS workshop, Јокионинен, Финска.

populations as applied to European beekeeping. Journal of Apicultural Research, (DOI 10.3896/IBRA.1.50.1.06) **ISI Impact factor (2009) 0,694**

12. Andonov S., Vukovic V., **Uzunov, A.** 2010. Genetic parameters for reproductive traits and number of teats in pigs. 9th WCGALP, Leipzig, Germany.

13. **Uzunov A.**, Kiprijanovska H., Andonov S., Naumovski M., Gregorc A. 2009. Morphological diversity and racial determination of the honey bee (*Apis mellifera L.*) population in the Republic of Macedonia. Journal of Apicultural Research, (DOI 10.3896/IBRA.1.48.3.08). **ISI Impact factor (2007) 0,746**

**Стручни трудови:**

14. **Uzunov A.**, Kiprijanovska H., Andonov S. 2011. Makedonska medonosna pcela (*Apis mellifera macedonica*), Pčelarski zurnal, br. 9, Kragujevac, Srbija.

15. **Узунов А.**, Кипријановска Х.. 2010. Добра пчеларска практика, едукативно-техничка брошура, MAASP и ФЗНХ –Скопје (ISBN 978-9989-845-41-3).

16. **Uzunov A.**, Kiprijanovska H., Andonov S. 2010. Zajednički Evropski protocol za sprovođenje performans testa kod medonosnih pčela. Pčelarski zurnal, br. 7, Kragujevac, Srbija.

17. **Uzunov A.**, Andonov S., Kiprijanovska H. 2009. Les pertes de colonies dans la Republique de Macedoine, Buletin Technique Apicole, N° 146 Vol.36 (2).

18. **Узунов А.**, Кипријановска Х., Соколов Б. 2009. Потрошња хране у току зимског периода. Пчелар бр. 11, Белград, Србија.

**Апстракти од трудови презентирани на научни собири:**

19. **Uzunov A.**, Bienkowska M., Buchler R., Charistos L., Hatjina F., Kezic N., Panasiuk B. 2012. Analysis of honey bee ethology respond as a consequence

Кандидатот м-р Александар Узунов активно учествува и во реализација на повеќе научно-истражувачки и апликативни национални и меѓународни проекти:

2008-2009, Добра пчеларска практика, MAASP, национален едукационен проект (раководител);

2008-2009, Определување на најпогоден метод за зголемено производство на матичен млеч, национален развојно-истражувачки проект, МОН (учесник);

2011, Добра пчеларска практика, билатерален едукативен проект, IPSIA/CARITAS-Призрен, Косово (учесник);

2008-2012, Превенција од смртност кај пчелните семејства (COLOSS), COST-акција, Европска унија, меѓународен научноистражувачки проект (учесник).

Како резултат на неговото ангажирање во научноистражувачката дејност, како автор или коавтор до изборот во звањето асистент има објавено 9 труда кои се рецензирани во Билтен бр.953 од 1.12. 2008 година. За овој избор приложени се 4 научни труда, 5 стручни труда и 17 апстракти од трудови презентирани на научни собири.

**Научни трудови:**

10. Van der Zee R., Pisa L., Andonov S., Brodschneider R., D. Charriere J., Chlebo R., F. Coffey M., Dahle B., Gray A., M. Drazic M., Kauko L., Kence A., Kence M., Kezic N., Kiprijanovska H., Kralj J., Kristiansen P., Martin Hernandez R., Mutinelli F., Kim Nguyen B., Otten C., Özkırım A., Pernal S., Peterson M., Ramsay G., Santrac V., Soroker V., Topolska G., **Uzunov A.**, Vejsnæs F., Wei S., Wilkins S. 2012. Managed honey bee colony losses in Canada, China, Europe, Israel and Turkey, for the winters of 2008-2009 and 2009–2010. Journal of Apicultural Research, (DOI 10.3896/IBRA.1.51.1.12) **ISI Impact factor (2010) 1,028**

11. Bouga M., Alaux C. , Bienkowska M., Büchler R., Carreck N., Cauia E., Chlebo R., Dahle B., Dall'Olio R., De la Rúa P., Gregorc A., Ivanova E., Kence A., Kence M., Kezic N., Kiprijanovska H., Kozmus P., Kryger P., Le Conte Y., Lodesani M., Manuel Murilhas A., Siceanu A., Soland G., **Uzunov A.** and Wilde J. 2011. A review of methods for discrimination of honey bee

of genotype-environment interaction in the international experiment of COLOSS WG 4, Workshop WG4 "Bee Book and data analyses of GEI experiment" - Jokioinen, Finland.

20. Büchler R., Meixner D.M., Berg S., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Charistos L., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Pechhacker H., **Uzunov A.,** Wilde J. 2011. Preliminary results of the international genotype-environment interaction experiment of WG 4, 7$^{th}$ COLOSS (Prevention of honeybee COlony LOSSes ) Conference/MC meeting - Belgrade, Serbia.

21. Meixner M., Berg S., Bienkowska M., Bouga M., Büchler R., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Ivanova E., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Panasiuk B., Pechhacker H., Petrov P., **Uzunov A.**, Wilde J.2011. Effects of genotype and environment for disease relevance – preliminary results from the genotype-environment experiment of WG4, Workshop WG (2+4) "Diagnostic Surveys"- Belgrade, Serbia.

22. Büchler R., Berg S., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Charistos L., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Pechhacker H., **Uzunov A.,** Wilde J. 2011. First results of the international genotype-environment interaction experiment, COLOSS Workshop Honey bee vitality and diversity - status of the GEI experiment and the subspecies discrimination methods comparison - Plovdiv, Bulgaria.

23. **Uzunov A.**, Kiprijanovska H., Petrovski I., Dodevski I., Andonov S. 2011. Analysis of Varroa mite population development in relationship with brood area, bee population and initial infestation level in experimental honey bee colonies, COLOSS Workshop Honey bee vitality and diversity - status of the GEI experiment and the subspecies discrimination methods comparison - Plovdiv, Bulgaria.

24. **Uzunov A.,** Andonov S., Kiprijanovska H. 2010. Winter losses of honey bee colonies in Republic of Macedonia, 6$^{th}$ COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey.

25. Costa C., Büchler R., Meixner M., Bienkowska M., Panasiuk B., Hatjina F., Leonidas C., Michalis K., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Drazic M., Korpela S., **Uzunov A.**, Wilde J. 2010. Ongoing evaluations of the Coloss WG 4 genotype-environment interaction experiment, 6$^{th}$ COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey.

26. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S. 2010. Evaluation of honey bee colonies; survival rate according to their different level with Varroa destructor, 4th European conference of apidology, Ankara, Turkey.

27. Meixner D. M., Bouga M., Kryger P., **Uzunov A.,** Ivanova N. E. 2010. Assessing genetic variability of honey bee origins used in the GEI experiment, 6th COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey.

28. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S.2010. Relationship between Varroa mite Infestation levels and honey bee colonies survival rate, COLOSS Work Shop "Standardized protocols for honey bee vitality and diversity" Agricultural Univ. of Athens, Greece.

29. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S.. 2009. Assessment of the honey bee colony losses in Pepublic of Macedonia for the winter season 2007/2008. Apimondia, Montpellier, France.

30. Kiprijanovska H., **Uzunov A.,** Andonov S. 2009 Overwintering food consumption on the testing apiary in Republic of Macedonia. Apimondia, Montpellier, France.

31. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Gjurovski S. 2009. Establishment of the National beekeeping breeding program in Republic of Macedonia. Apimondia, Montpellier, France.

32. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H, Andonov S. 2009. Diversity of honey bees (*Apis mellifera L.*) on the territory of Republic of Macedonia, 5th COLOSS Conference –Montpellier, France.

33. Büchler R., Heidinger I., Meixner M., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Crauser D., Costa C., Hatjina F., Kence M., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Murilhas A., **Uzunov A.,** Wilde J.2009. European test on genotype - environment interactions, 5th COLOSS Conference, Montpellier, France.

34. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H, Andonov S. 2009. Testing and evaluation of biological and productive characteristics of the honey bee population in Republic of Macedonia, COLOSS Workshop Standardization of Methods for Vitality Test - Island of Unije, Croatia.

35. **Uzunov A.,** Andonov S., Kiprijanovska H. 2009. Colony losses in the Republic of Macedonia, 4th COLOSS Conference, Zagreb, Croatia.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените активности на пријавениот кандидат, Комисијата заклучува дека м-р Александар Узунов ги поседува потребните научни, педагошки, морални и формални квалитети според Законот за високото образование на Р. Македонија и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да го избере во звањето асистент во научната област пчеларство.

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. д-р Хрисула Кипријановска с.р.**
2. **Проф. д-р Алеш Грегорц с.р.**
3. **Проф. д-р Сретен Андонов с.р.**

# PAPER ON THE RE-ELECTION OF ASSISTANT IN THE SCIENTIFIC FIELD OF BEEKEEPING ON THE FACULTY OF AGRICULTURAL SCIENCES AND FOOD IN SKOPJE

On its 36th session, held on 6th February 2012, the Teaching and Scientific Council of the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje, created resolution no.02-68/7 and elected the Reviewing Commission consisting of the following members: PD Hrisula Kiprijanovska, Professor in ordinary on the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje, PhD Alesh Gregorc, Professor in ordinary on the Kmetian Institute in Ljubljana, and PhD Sreten Andonov, Professor in ordinary on the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje for the purpose of reviewing and marking the applicants for election of an associate with the title of Assistant in the Scientific Field of Beekeeping.

After a review of the presented documentation, the Commission presents the following

## REPORT

MSc Aleksandar Uzunov, Assistant of a Group of Subjects on the Department of Animal Breeding on the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje was the sole person to apply on the advertisement on re-election of an associate with the title of Assistant in the Scientific Field of Beekeeping, published in Nova Makedonija daily newspaper on 20th January 2012 and Koha newspaper on 18th January 2012.

Biography

Applicant MSc Aleksandar Uzunov was born on 10th December 1975 in Skopje, where he also completed his elementary and secondary education. In 2002, he graduated from the Faculty of Agriculture, majoring in stock breeding. In 2007, he presented his thesis titled ***Diversity of honey bees (Apis mellifera L.) in the Republic of Macedonia*** and acquired the title MSc in Agricultural Sciences, subgroup beekeeping on the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje.

Within the period of 2001 – 2004, MSc Aleksandar Uzunov served as an Assistant on the German GTZ (German technical Cooperation) project. Starting from 7th December 2004 until 11th November 2008 MSc Uzunov served as General Manager of APICENTAR - Training and breeding center for beekeeping. Along this full time involvement MSc Uzunov served as coordinator in the IFAD (International Fond for Agricultural Development) in the period between 1st August 2004 and 1st May 2008.

In the academic year of 2007/2008, applicant MSc Aleksandar Uzunov served as demonstrator in the subject of Beekeeping. On 1st January 2009 he was elected Assistant on group of subjects on the Department of Animal Breeding on the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje, which is the position he holds at present.

In 2008 Mr. Uzunov announced his PhD dissertation on the Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje, titled ***Biological and Production Characteristics of the Autochthonous Honey Bee (Apis mellifera macedonica) on the Territory of the Republic of Macedonia.***

MSc Aleksandar Uzunov has a very good command of the English language, possesses basic knowledge of the German language, and is skilled in computer work (MS Office package, MS Project, Corel Draw, Photoshop).

**Teaching – pedagogical activity**

MSc Aleksandar Uzunov is successful in completing his teaching tasks in the subjects of Beekeeping and Basics of Animal Breeding. By involving his students in extracurricular activities, MSc Uzunov provides his students with additional incentives to study. A significant part of his students are enrolled in project and research activities related to the teaching and science of Beekeeping, such as Ethology of the honey bee queens' mating on the island "Golem Grad" in Prespa, Macedonia, then Assessment of genotype – environment interaction within COST under the COLOSS activities, Honeybee fair in Skopje, etc.

**Scientific and expert activities**

MSc Aleksandar Uzunov dedicates a significant portion of his time on enhancing his skills and knowledge on the field of beekeeping by taking part in trainings, seminars, work groups, and congresses:

2009 – 4th COLOSS Conference (COST Action), Zagreb, Croatia

2009 – Beekeeping institute – Kirchhain, Germany (Research visit)

2009 - 41st APIMONDIA – Beekeeping World Congress, Montpellier, France

2009 -5th COLOSS Conference (COST Action), Montpellier, France

2009 - COLOSS workshop, Kirchhain, Germany

2009 - COLOSS workshop, Unije, Croatia

2009 - 1st Symposium for beekeeping, Duzce, Turkey

2010 - 2nd Symposium for beekeeping, Duzce, Turkey

2010 - COLOSS workshop, Athens, Greece

2010 - 6th COLOSS Conference (COST Action), Ankara, Turkey

2011 - 3th Convention of Italian professional beekeepers, Lecce, Italy

2011 - COLOSS workshop, Plovdiv, Bulgaria

2011 - 6th COLOSS Conference (COST Action), Belgrade, Serbia

2011- Annual Breeding Seminar of German Beekeeping Association, Schechen, Germany

2012 - COLOSS workshop, Jokioinen, Finland

Candidate MSc. Aleksandar Uzunov is taking an active part in the realization of many scientific researches and applied national and international projects:

2008-2009 Good Beekeeping Practice, MAASP, National educational project (Coordinator)

2008-2009 Determination of most suitable method for improvement of royal jelly production, National, National Developmental and Scientific project, MES (Participant)

2011 Good Beekeeping Practice, bilateral educational project, IPSIA/CARITAS – Prizren, Kosovo (Participant)

2008-2012 Prevention of honey bee colony losses (COLOSS) COST Action, European Union, International Scientific Research Project (Participant)

As a result of his engagement in the scientific and research activities, as author or coauthor until his election as an Assistant, MsC Uzunov has published nine papers that have been reviewed in the Bilten no.953, published on 1st December 2008. There have been four research papers, five expert papers and 17 paper abstracts presented on scientific assemblies presented for the purposes of the current election.

**Research papers:**

10. Van der Zee R., Pisa L., Andonov S., Brodschneider R., D. Charriere J., Chlebo R., F. Coffey M., Dahle B., Gray A., M. Drazic M., Kauko L., Kence A., Kence M., Kezic N., Kiprijanovska H., Kralj J., Kristiansen P., Martin Hernandez R., Mutinelli F., Kim Nguyen B., Otten C., Özkırım A., Pernal S., Peterson M., Ramsay G., Santrac V., Soroker V., Topolska G., **Uzunov A.,** Vejsnæs F., Wei S., Wilkins S. 2012. Managed honey bee colony losses in Canada, China, Europe, Israel and Turkey, for the winters of 2008-2009 and 2009–2010. Journal of Apicultural Research, (DOI 10.3896/IBRA.1.51.1.12) **ISI Impact factor (2010) 1,028**

11. Bouga M., Alaux C. , Bienkowska M., Büchler R., Carreck N., Cauia E., Chlebo R., Dahle B., Dall'Olio R., De la Rúa P., Gregorc A., Ivanova E., Kence A., Kence M., Kezic N., Kiprijanovska H., Kozmus P., Kryger P., Le Conte Y., Lodesani M., Manuel Murilhas A., Siceanu A., Soland G., **Uzunov A.** and Wilde J. 2011. A review of methods for discrimination of honey bee populations as applied to European beekeeping. Journal of Apicultural Research, (DOI 10.3896/IBRA.1.50.1.06) **ISI Impact factor (2009) 0,694**

12. Andonov S., Vukovic V., **Uzunov, A.** 2010. Genetic parameters for reproductive traits and number of teats in pigs. 9th WCGALP, Leipzig, Germany.

13. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S., Naumovski M., Gregorc A. 2009. Morphological diversity and racial determination of the honey bee (*Apis mellifera L.*) population in the Republic of Macedonia. Journal of Apicultural Research, (DOI 10.3896/IBRA.1.48.3.08). **ISI Impact factor (2007) 0,746**

**Expert papers:**

14. **Uzunov A.**, Kiprijanovska H., Andonov S. 2011 Macedonian honey bee (*Apis mellifera macedonica*), Pčelarski zurnal, No. 9, Kragujevac, Serbia. Original title: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S. 2011. Makedonska medonosna pcela (*Apis mellifera macedonica*), Pčelarski zurnal, No. 9, Kragujevac, Serbia.

15. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H.. 2010 Good Beekeeping Practice, educational manual, MAAS – FASF – Skopje (ISBN 978-9989-845-41-3).
Original title: **Узунов А.,** Кипријановска Х.. 2010. Добра пчеларска практика, едукативно-техничка брошура, MAASP и ФЗНХ –Скопје (ISBN 978-9989-845-41-3).

16. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S. 2010. Common European Protocol for implementation of performance testing of honey bee populations. Pčelarski zurnal, No. 7, Kragujevac, Serbia.
Original title: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S. 2010. Zajednički Evropski protocol za sprovođenje performans testa kod medonosnih pčela. Pčelarski zurnal, br. 7, Kragujevac, Srbija.

17. **Uzunov A.,** Andonov S., Kiprijanovska H. 2009. Les pertes de colonies dans la Republique de Macedoine, Buletin Technique Apicole, N° 146 Vol.36 (2).

18. **Uzunov A., Kiprijanovska H., Sokolov B. 2009 Overwintering food consumption.** Пчелар No. 11, Belgrade, Serbia.
Original title: **Узунов А.,** Кипријановска Х., Соколов Б. 2009. Потрошња хране у току зимског периода. Пчелар бр. 11, Белград, Србија.

**Paper abstracts presented on scientific assemblies:**

19. **Uzunov A.**, Bienkowska M., Buchler R., Charistos L., Hatjina F., Kezic N., Panasiuk B. 2012. Analysis of honey bee ethology respond as a consequence of genotype-environment interaction in the international experiment of COLOSS WG 4, Workshop WG4 "Bee Book and data analyses of GEI experiment" - Jokioinen, Finland.

20. Büchler R., Meixner D.M., Berg S., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Charistos L., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Pechhacker H., **Uzunov A.,** Wilde J. 2011. Preliminary results of the international genotype-environment interaction experiment of WG 4, 7$^{th}$ COLOSS (Prevention of honeybee COlony LOSSes ) Conference/MC meeting - Belgrade, Serbia.

21. Meixner M., Berg S., Bienkowska M., Bouga M., Büchler R., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Ivanova E., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Panasiuk B., Pechhacker H., Petrov P., **Uzunov A.**, Wilde J.2011. Effects of genotype and environment for disease relevance – preliminary results from the genotype-environment experiment of WG4, Workshop WG (2+4) "Diagnostic Surveys"- Belgrade, Serbia.

22. Büchler R., Berg S., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Charistos L., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Pechhacker H., **Uzunov A.,** Wilde J. 2011. First results of the international genotype-environment interaction experiment, COLOSS Workshop Honey bee vitality and diversity - status of the GEI experiment and the subspecies discrimination methods comparison - Plovdiv, Bulgaria.

23. **Uzunov A.**, Kiprijanovska H., Petrovski I., Dodevski I., Andonov S. 2011. Analysis of Varroa mite population development in relationship with brood area, bee population and initial infestation level in experimental honey bee colonies, COLOSS Workshop Honey bee vitality and diversity - status of the GEI experiment and the subspecies discrimination methods comparison - Plovdiv, Bulgaria.

24. **Uzunov A.,** Andonov S., Kiprijanovska H. 2010. Winter losses of honey bee colonies in Republic of Macedonia, 6$^{th}$ COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey.

25. Costa C., Büchler R., Meixner M., Bienkowska M., Panasiuk B., Hatjina F., Leonidas C., Michalis K., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Drazic M., Korpela S., **Uzunov A.,** Wilde J. 2010. Ongoing evaluations of the Coloss WG 4 genotype-environment interaction experiment, 6$^{th}$ COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey.

26. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S. 2010. Evaluation of honey bee colonies; survival rate according to their different level with Varroa destructor, 4th European conference of apidology, Ankara, Turkey.

27. Meixner D. M., Bouga M., Kryger P., **Uzunov A.**, Ivanova N. E. 2010. Assessing genetic variability of honey bee origins used in the GEI experiment, 6th COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey.

28. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S.2010. Relationship between Varroa mite Infestation levels and honey bee colonies survival rate, COLOSS Work Shop "Standardized protocols for honey bee vitality and diversity" Agricultural Univ. of Athens, Greece.

29. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S.. 2009. Assessment of the honey bee colony losses in Pepublic of Macedonia for the winter season 2007/2008. Apimondia, Montpellier, France.

30. Kiprijanovska H., **Uzunov A.,** Andonov S. 2009 Overwintering food consumption on the testing apiary in Republic of Macedonia. Apimondia, Montpellier, France.

31. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Gjurovski S. 2009. Establishment of the National beekeeping breeding program in Republic of Macedonia. Apimondia, Montpellier, France.

32. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H, Andonov S. 2009. Diversity of honey bees (*Apis mellifera L.*) on the territory of Republic of Macedonia, 5th COLOSS Conference –Montpellier, France.

33. Büchler R., Heidinger I., Meixner M., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Crauser D., Costa C., Hatjina F., Kence M., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Murilhas A., **Uzunov A.,** Wilde J.2009. European test on genotype - environment interactions, 5th COLOSS Conference, Montpellier, France.

34. **Uzunov A.,** Kiprijanovska H, Andonov S. 2009. Testing and evaluation of biological and productive characteristics of the honey bee population in Republic of Macedonia, COLOSS Workshop Standardization of Methods for Vitality Test - Island of Unije, Croatia.

35. **Uzunov A.,** Andonov S., Kiprijanovska H. 2009. Colony losses in the Republic of Macedonia, 4th COLOSS Conference, Zagreb, Croatia.

**Conclusion and Proposal**

Based on the aforementioned activities of the candidate, the Commission has come to the conclusion that according to the Law on Higher Education of the Republic of Macedonia and the Statutes of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje and the Faculty of Agricultural Science and Food in Skopje, MSc Aleksandar Uzunov possesses the necessary scientific, pedagogical, moral, and formal qualities. The Commission also has the privilege to make the proposal to the Teaching and Scientific Council of the Faculty of Agricultural Science and Food in Skopje that the candidate be elected for the position of Assistant in the field of apiculture.

**Reviewing Commission**

1. **Prof. Hrisula Kiprijanovska, PhD**

2. **Prof. Alesh Gregorc, PhD**

3. **Prof. Sreten Andonov, PhD**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXVI седница одржана на 6. 2. 2012 година, со решение бр. 02-68/7, избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и проф. Д-р Драги Димитриевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за оцена на пријавените кандидати на конкурсот за повторен избор на соработник во звањето асистент во научната област економика на земјоделството и развој.

По прегледот на доставената пријава и приложените документи, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весниците „Коха" од 18.1.2012 година и „Нова Македонија" од 20.1.2012 година, за повторен избор на соработник во соработничкото звање асистент во научната област економика на земјоделството и развој се пријави еден кандидат, м-р Ана Симоновска, асистент на група предмети на Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**Биографски податоци**

Кандидатката м-р Ана Симоновска е родена на 6. 8. 1982 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Високото образование го стекнала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на агроекономската насока, каде што дипломирала во 2006 година по јавната одбрана на дипломската работа. Преку проектот „Градење капацитети за формулирање на македонската политика и економска анализа во однос на земјоделскиот сектор", имплементиран од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој, се здобила со стипендија за постдипломски студии на англиски јазик на Шведскиот универзитет за земјоделски науки (СЛУ) во Упсала, каде што студирала во периодот од 2006 до 2008 година на Катедрата за економика, на насоката бизнис-администрација. Во март 2008 година се стекнала со звањето магистер на науки по бизнис-администрација, по јавната одбрана на магистерскиот труд на Шведскиот универзитет за земјоделски науки (СЛУ) во Упсала.

Од април 2008 година и тековно, кандидатката работи како секретар на компонентата за организирање на меѓународни постдипломски студии по агробизнис со двојна диплома коишто се организирани од страна на Институтот за агроекономика на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Катедрата за економика при Шведскиот универзитет за земјоделски науки (СЛУ), во рамките на проектот Градење капацитети за формулирање на Македонската политика и економска анализа во однос на земјоделскиот сектор, финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

На 19. 12. 2008 година, кандидатката м-р Ана Симоновска е избрана за асистент на група предмети на Катедрата за економика и организација на земјоделството при Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, а од 1. 1. 2009 година стапила во редовен работен однос.

На 24. 6. 2009 година, кандидатката м-р Ана Симоновска пријавила тема за изработка на докторска дисертација на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, под наслов „Оценување на капацитетот за инвестирање на земјоделските претпријатија", а на 25. 8. 2009 година добила позитивен извештај од Стручната комисија за оцена на подобност на кандидатот и темата на докторската дисертација.

Кандидатката поседува солидни познавања од областа на информатиката и активно се служи со англискиот јазик.

**Наставно-педагошка активност**

М-р Ана Симоновска успешно ги извршува наставните активности преку редовната настава на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, по предметите финансиски менаџмент во земјоделството, статистика и математичко-статистички методи. Кандидатката има стекнато уште поголемо искуство во наставата преку ангажманот секретар на меѓународните студии по агробизнис со двојна диплома, организирани од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и Шведскиот универзитет за земјоделски науки (СЛУ) преку проектот „Градење капацитети за формулирање на македонската политика и економска анализа во однос на земјоделскиот сектор". Во зимските семестри 2010/2011 и 2011/2012 година, кандидатката беше ангажирана и во наставата по предметот квантитативни финансии – теорија и апликативност (15 ЕКТС) на меѓународните постдипломски студии по Агробизнис заедно со проф. д-р Драган Ѓошевски, д-р Моника Кампос и д-р Лука Ди Корато.

**Научна и стручна дејност**

М-р Ана Симоновска посветува големо внимание на своето усовршување во областа на економиката на земјоделството и развојот преку активно учество во повеќе научноистражувачки проекти, како и на различни работилници, семинари, конференции и конгреси. Како резултат на нејзиното ангажирање во научноистражувачката дејност, кандидатката е автор или коавтор на повеќе домашни и меѓународни научни и стручни трудови и публикации. Во Билтенот број 953 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 1. 12. 2008 година, објавен е рефератот од Рецензентската комисија за избор на соработник во звањето асистент на група предмети на Катедрата за економика и организација на земјоделството на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, каде што кандидатката приложила 1 научен и 4 стручни труда. За повторен избор во звањето асистент во научната област економика на земјоделството и развој при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката приложила 8 научни труда, од коишто еден е со фактор на влијание и 5 стручни труда.

**Научни трудови:**

6. **Крстевска Ана**, Георгиев Н., Нилсон Ј., Чунгурски Д. 2008. Анализа на трошоците на трансакција кај млекопроизводителите. *Годишен зборник, вол. 53, 137-144.* Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Скопје.

7. Чунгурски Д., **Крстевска Ана**. 2008. Придонес кон методолошката постапка во оценување на инвестиционите програми на „ИПАРД". *Годишен зборник, вол. 53, 145-155.* Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Скопје.
8. **Krstevska Ana**, Jerker N. 2009. *Conditions for structural change in the Macedonian dairy sector – the dairy farmers' choice of processors.* Paper presented at the fourth international conference on Economics and Management of Networks. Sarajevo.
9. Krstevska Ana. 2009. *An analysis of international indicators of trade: The case of Macedonian apple trade.* III Interdepartmental Meeting of Agricultural Economists. Ohrid.
10. **Simonovska Ana,** Gjosevski D. 2010. *The level of systematic risk in the period of economic crisis.* IV Interdepartmental Meeting of Agricultural Economists. Bar.
11. Dimitrievski D., Georgiev N., **Simonovska Ana**, Martinovska-Stojceska A., Kotevska A. 2010. Chapter 6: Review of agriculture and agrivultural policy in FYR Macedonia. *In: Volk T. Agriculture in the Western Balkan Countries. IAMO, Vol. 57, 145-164.*
12. Pesevski M., Georgiev N., **Simonovska Ana**. 2011. *Wheat balance of the markets in the Republic of Macedonia. Proceedings.* 46th Croatian & 6th International Symposium on Agriculture. Opatija. Croatia, 328-332.
13. **Simonovska Ana**, Nilsson J. 2011. Conditions for structural change in the Macedonian dairy industry– the dairy farmers' choice of processors. *Post-communist Economies, Vol. 23:4, 539-551.* (2010 Impact factor of **0.362**).

**Стручни трудови:**

14. **Krstevska Ana**, Nacka M., Janeska I., Georgiev N. 2009. *An assessment of the competitiveness of the dairy food chain in the Republic of Macedonia.* European Comission under the framework of FP7.
15. **Krstevska Ana**, Nacka M., Volk T. 2009. *Agricultural statistics database – Survey on data and methodology in the Republic of Macedonia.* European Comission under the framework of FP7.
16. Gjosevski D., **Krstevska Ana**, Nacka M. 2009. Agricultural statistics database: FYR Macedonia. European Comission under the framework of FP7.
17. Георгиев Н.,....., **Симоновска Ана**, ... 2009. *Анализа на малопродажните цени на земјоделските производи на пазарите во Република Македонија.* Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Скопје.
18. Мартиновска-Стојческа А.,......., **Симоновска Ана**, ... 2009. *Цена на чинење на земјоделските производи во 2008 година во Република Македонија.* Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Скопје.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените активности на пријавената кандидатка, може да се констатира следново: м-р Ана Симоновска присуствувала на повеќе стручни усовршувања, објавила научни и стручни трудови, ја совладала струката, успешно користи научноистражувачки методи и успешно ја спроведува наставата од областа на економиката на земјоделството и развојот.

Поради тоа, Комисијата смета дека м-р Ана Симоновска поседува стручна и научна подготвеност, како и педагошки, морални и формални квалитети според Законот за високото образование на Р. Македонија и Актите на Универзитот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Со оглед на резимираното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да ја избере кандидатката во звањето асистент во научната област економика на земјоделството и развој.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Драган Ѓошевски, с.р.

Проф. д-р Миле Пешевски, с.р.

Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ

## "ОРТОДОНТСКО МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА И ДИЈАГНОСТИКА"

### ОД ПРОФ. Д-Р ЈУЛИЈАНА ЃОРГОВА, НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ЛИДИЈА КАНУРКОВА, АС. Д-Р БИЛЈАНА ЏИПУНОВА И АС. Д-Р НАТАША ТОШЕСКА-СПАСОВА

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата редовна 14 седница одржана на 28.3.2011, едногласно донесе одлука за утврдување на потреба од издавање учебно помагало по предметот ортодонција со наслов "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика" од авторите проф. д-р Јулијана Ѓоргова д-р сци, насл.доц. д-р Лидија Канурковa д-р сци, ас. д-р Билјана Џипунова д-р сци, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова д-р сци. Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата 22 редовна седница одржана на 22.2.2012 година, едногласно избра Рецензентска комисија во состав проф. д-р. Надежда Бајрактарова Ѓорчулеска и проф. д-р Драгољуб Велески. Откако секој рецензент одделно го разгледа приложениот ракопис, на Наставно-научниот совет му го поднесувам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**Рецензија за учебно помагало:**

-"Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика" од авторите Ѓоргова Јулијана, Канурковa Лидија, Џипунова Билјана и Тошеска-Спасова Наташа.

**Наслов:**

- "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика".

**Автори:**

-Ѓоргова Јулијана, Канурковa Лидија, Џипунова Билјана и Тошеска-Спасова Наташа.

**Студиска програма:**

доктори по дентална медицина.

**Предметна програма:**

ортодонција I и ортодонција II.

**Покриеност на наставниот материјал**

Во учебното помагало се опфатени дел од предвидените наставни содржини за теоретската и практичната настава по предметите ортодонција I и ортодонција II

| Семестар | Доктори по дентална медицина | IV год. (VII и VIII семестар) |
|---|---|---|
| Ортодонција I | | Код 4113 |
| Ортодонција II | | Код 4113 |

**Фонд на часови и ЕКТС - кредити**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доктори по дентална медицина | Теоретска настава 45 + 15 | Практична настава 30 + 30 | 6 + 6 ЕКТС |

**Усогласеност со наставата:**

-содржината на учебното помагало одговара со наставната програма.

**Време и акт на назначување на рецензенти**

Одлука бр. 09-108 од 22 редовна седница одржана на ден 22.2.2012 година на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

**Издание:**

-прво издание.

**Ревидирани сегменти од претходното издание:**

-нема.

**Општи податоци за учебникот**

Учебното помагало "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика" содржи 180 страници во Б5 - формат, со респективен број на шеми и илустрации.

Претставува современо учебно помагало од областа на ортодонцијата, во кое систематично се опфатени најновите сознанија од областа на растот и развитокот на нормалната оклузија, клиничкото испитување на пациентот, функционалните испитувања, гнатометриската дијагностика, рендген-дијагностиката, и класификацијата на ортодонтските неправилности на одделни заби, на денталните лакови и неправилностите во сагитала, трансверзала и вертикала.

**Содржина**

**Заглавие 1. РАСТ И РАЗВОЈ НА НОРМАЛНА ОКЛУЗИЈА**

ПРВ СТАДИУМ

ВТОР СТАДИУМ

ТРЕТ СТАДИУМ

ЧЕТВРТИ СТАДИУМ

ПЕТТИ СТАДИУМ

КЛУЧЕВИ НА НОРМАЛНА ОКЛУЗИЈА

**Заглавие 2. КЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА**

ИСТОРИЈА НА ПАЦИЕНТОТ

АНАМНЕСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Тек на бременост и породување

Начин на исхрана

Евидентирање на лоши навики

ОДРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА РЕСПИРАЦИЈА

ОДРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ТМЗ

КЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА

Проценка на морфолошкиот тип на лице и глава

Проценка на трансверзалните, сагиталните и вертикалните пропорции на лицето

Проценка на alae nasi и големината на носот

Проценка на поставеноста на усните и на естетската линија

Проценка на мускулниот тип на лицето и типот на голтањето

Проценка на состојбата на забите и оклузијата

Проценка на положбата на јазикот и говорот

Проценка на конфигурацијата на палатумот

Проценка на френулумите

Проценка на состојбата на гингивата и оралната хигиена

**Заглавие 3. ФУНКЦИОНАЛНИ ИСПИТУВАЊА**

ДИШЕЊЕ

ЦИЦАЊЕ И ГОЛТАЊЕ

ГОВОР

ОСНОВНИ ПОЛОЖБИ И ДВИЖЕЊА НА МАНДИБУЛАТА

**Заглавие 4. ГНАТОМЕТРИСКА ДИЈАГНОСТИКА**

ПРИСТАП И ПОСТАПКА НА МОРФОЛОШКАТА АНАЛИЗА НА СТУДИСКИ ОРТОДОНТСКИ МОДЕЛИ

МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА ВО ТРАНСВЕРЗАЛЕН ПРАВЕЦ

МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА ВО САГИТАЛЕН ПРАВЕЦ

МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА ВО ВЕРТИКАЛЕН ПРАВЕЦ

АНАЛИЗА НА ОКЛУЗИЈАТА

АНАЛИЗА НА СИМЕТРИЧНОСТА НА ДЕНТАЛНИТЕ ЛАКОВИ

АНАЛИЗА НА ПРОСТОРОТ

**Заглавие 5. РЕНДГЕН - ДИЈАГНОСТИКА**

ИНТРАОРАЛНИ РЕНДГЕНОГРАФИИ

ЕКСТРАОРАЛНИ РЕНТГЕНОГРАФИИ

ТЕЛЕРЕНДГЕНОГРАФИЈА

КЕФАЛОМЕТРИСКИ ТОЧКИ И ЛИНИИ

РЕНДГЕНОГРАФИЈА НА ШАКА

**Заглавие 6. КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОРТОДОНТСКИТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ**

НЕПРАВИЛНОСТИ НА ОДДЕЛНИ ЗАБИ

НЕПРАВИЛНОСТИ НА ДЕНТАЛНИТЕ ЛАКОВИ

САГИТАЛНИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ОКЛУЗИЈАТА

ТРАНСВЕРЗАЛНИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ОКЛУЗИЈАТА

ВЕРТИКАЛНИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ОКЛУЗИЈАТА

**Предлози за корекција**

Учебното помагало, според содржинскиот концепт, целосно ги покрива потребите за голем дел од теоретските и практичните знаења на студентите по студиската програма за доктори по дентална медицина. Сметам дека нема потреба од дополнување и корекции на одделни делови од текстот.

**Категорија:**

-учебно помагало.

**Општа педагошка оцена**

Учебното помагало "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика", според обработените методски единици, во целост ги задоволува потребите за реализирање на соодветните теоретски предавања и практични вежби за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје, за докторите по стоматологија и специјализантите по предметот ортодонција. По својата содржина и обем е во согласност со програмите подготвени од Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Ракописот е оригинален, дидактички издржан и со јасен концепциски пристап во презентирањето на материјата, илустриран со бројни слики, рендгенографии и шеми, и е со добро обмислена и јасна композиција на реченците.

Општата педагошка оцена за ова учебно помагало е дека наполно задоволува за едукација на студентите.

**Заклучок**

Според концептот, обемот и содржината на материјалот, ова учебно помагало целосно одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Со својата специфична оригиналност, претставува современо и модерно учебно помагало во кое се изнесени

голем дел од теоретските и практичните сознанија, неопходно потребни за успешно совладување на ортодонтската морфолошка анализа и дијагностика, разрешување на пошироката проблематика и извлекување на критички заклучоци.

Со задоволство констатирам дека со него ќе се пополни празнината во стручната и наставната литература. Значењето на овој ракопис ќе биде големо за студентите по стоматологија, докторите на стоматологија, специјализантите и антрополозите, за клиничката и научноистражувачката работа.

Чест и задоволство ми е да бидам рецензент на ова дело, кое во македонската стручна и научна литература ќе има значење за апликативната, но и за фундаменталната стоматологија.

Мојот заклучок е дека ова учебно помагало заслужува да биде позитивно рецензирано и предлагам да биде објавено на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" како "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика".

Рецензент

Проф. д-р. Надежда Бајрактарова Ѓорчулеска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ

## "ОРТОДОНТСКО МОРФОЛОШКА АНАЛИЗА И ДИЈАГНОСТИКА"

## ОД ПРОФ.Д-Р ЈУЛИЈАНА ЃОРГОВА, НАСЛ.ДОЦ.Д-Р ЛИДИЈА КАНУРКОВА, АС.Д-Р БИЛЈАНА ЏИПУНОВА И АС.Д-Р НАТАША ТОШЕСКА-СПАСОВА

Учебното помагало со наслов "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика" од авторите проф. д-р Јулијана Ѓоргова д-р сци, насл.доц. д-р Лидија Кануркова д-р сци, ас. д-р Билјана Џипунова д-р сци, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова д-р сци, се однесува на предметната програма ортодонција.

Според содржината, ова учебно помагало е наменето за студиската програма доктори по дентална медицина.

Вкупниот фонд на часови за ортодонција I и ортодонција II изнесува 120, од кои 60 теоретски и 60 практични вежби. Според ЕКТ - системот, предметот е вреднуван со 6 кредити.

Од приложената содржина јасно е дека доставениот ракопис за рецензија е во согласност со предметната програма. Ова е прво издание на учебното помагало со наслов "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика", кое е богато илустрирано со квалитетни фотографии и илустрации.

Од содржината, посебно би сакал да го истакнам правилниот хронолошки редослед на изнесувањето на проблематиката од областа на ортодонтската морфолошка анализа и дијагностика.

Учебното помагало започнува со осврт на растот и развитокот на нормалната оклузија и стадиумите на развој. Потоа следува опис на клиничките испитувања со проценка на морфолошкиот тип на лице и глава, проценка на трансверзалните, сагиталните и вертикалните пропорции на лицето, проценка на носот, усните, јазикот, френулумите, гингивата, палатумот, забите и оклузијата, како и проценка на голтањето и мускулниот тип.

Во третиот дел, авторите го обработуваат влијанието на мускулите врз околните дентални и коскени структури и даваат опис на нормалните функции. Објаснети се и клиничките методи за испитување на поединечните орални функции.

Во четвртиот дел детално се изнесени пристапот и постапката на гнатометриската дијагностика, како и морфолошките анализи на студиските ортодонтски модели во трансверзален, сагитален и вертикален правец. Особено внимание е посветено на анализата на оклузијата и просторот според повеќе автори, како и анализа на симетричноста на денталните лакови.

Петтиот дел ја опфаќа рендген-дијагностиката. Претставени се интраоралните рендгенографии (ретроалвеоларни, оклузални, ретрокоронарни) и најчесто употребуваните екстраорални рендгенографии во ортодонцијата. Посебно е обработена анализата на телерендгенографиите, кефалометриските анализи и параметри. Даден е осврт и на рендгенографијата на шака.

Во последното, шесто заглавие, авторите детално ги опишуваат ортодонтските неправилности класифицирани според Марковиќ. Објаснети и богато илустрирани се неправилностите на одделните заби (во положба, број, облик, големина, структура). Опишани се неправилностите на денталните лакови во големина и облик, со посебен осврт на збиеност и растреситост. Во продолжение следува сликовит опис на сагиталните, трансверзалните и вертикалните неправилности на оклузијата.

Во однос на одредени корекции, сметам дека содржината и начинот на прикажување на текстот и илустрациите е сосема доволен и нема потреба од дополнителни корекции.

**Заклучок**

По разгледувањето на доставениот ракопис "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика", може да се заклучи дека според обемот и содржината на материјалот ова учебно помагало во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет, и целосно ја покрива потребата од теоретски и практични сознанија на студентите.

Мартеријалот е изложен по хронолошки редослед, со што се добива целосен увид во ортодонтската морфолошка анализа и дијагностика.

Чест и задоволство ми е да бидам рецензент на овој ракопис, кој целосно одговара на својата намена, и затоа сметам дека учебното помагало "Ортодонтско морфолошка анализа и дијагностика", од авторите проф. д-р Јулијана Ѓоргова д-р сци, насл. доц. д-р Лидија Кануркова д-р сци, ас. д-р Билјана Ципунова д-р сци, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова д-р сци, заслужува да биде позитивно рецензиран и предлагам да биде објавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Рецензент

Проф. д-р Драгољуб Велески с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

***ПЛАНИРАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА,***

**ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р НАТАША РИСТОВСКА,**

**ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-219/2 од 3.2.2012 година, на седницата одржана на 27.1.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ***ПЛАНИРАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА,*** поднесена од кандидатката м-р Наташа Ристовска. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација содржи вкупно 312 страници, од кои 8 страници отпаѓаат на вовед, 10 страници на заклучок, 12 страници на користена литература (206 библиографски единици) и 22 страници на прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилог, е структурирана во пет глави, логично систематизирани, и тоа:

Апстракт (од I-VIII стр.)

Вовед (од 1-7 стр.)

Глава I Феноменот на глобализација и глобалните предизвици( 8-58 стр.)

Глава II Карактеристики на глобалните претпријатија( 59-120 стр.)

Глава III Глобалните аспекти на деловното планирање ( 121-189 стр.)

Глава IV Стратегиското планирање во глобалните претпријатија( 190-241 стр.)

Глава V Улогата и значењето на процесот на планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија( 242-257 стр.)

Заклучок ( 258-267 стр.)

Литература ( 268-281 стр.)

Прилози (од 282-304 страна)

Во ***воведот*** е објаснета актуелноста на проблематиката на планирање во глобалните претпријатија, определени се предметот и целта на истражувањето, утврдени се резултатите и научниот придонес, презентиран е планот на истражување, и определена е методологијата на истражувањето.

Во првата глава на докторската дисертација под наслов ***Феноменот на глобализација и глобалните предизвици,*** истражувањето се фокусира на глобализацијата, антиглобализацијата и глобалните притисоци, предностите и недостатоците на трендот на глобализација, фазите на процесот на глобализација, факторите кои ја поттикнуваат глобализацијата, глобализацијата на пазарите и развојот на глобалниот бизнис, придобивките од глобализацијата наспроти користите од локализацијата, како и глобалната интеграција наспроти локалната одговорност. Во продолжение се објаснети општествените ефектите на пазарната глобализација и ефектите на глобализацијата на ниво на претпријатие. На крајот се елаборирани глобалните предизвици, можните сценарија за иднината и иднината на глобалните претпријатија.

Во втората глава на докторската дисертација со наслов ***Карактеристики на глобалните претпријатија,*** определени се учесниците во глобалниот бизнис (глобални претпријатија, мали и средни претпријатија и новосоздадени глобални претпријатија), како и причините и ризиците од спроведувањето на глобална експанзија на активностите на претпријатијата. Понатаму, се истражува дизајнирањето на глобалната стратегија, а во тие рамки посебно се елаборира: улогата на стратегијата во глобалниот бизнис, националната наспроти глобалната стратегија, стратегиите за глобализација на

претпријатијата, структурата на глобалната стратегиија, значењето на стратегијата и создавањето на глобална организациска структура. Исто така, се потенцира потребата од создавање и одржување на глобална конкурентска предност кај глобалните претпријатија на глобалниот пазар, како и значењето на примената на концептот на општествена одговорност во дејствувањето на глобалните претпријатија.

Третата глава на докторската дисертација со наслов ***Глобалните аспекти на деловното планирање*** се однесува на интегрираното деловно планирање како врска помеѓу стратегиското, оперативното и финансиското планирање, како и дизајнирањето на глобални бизнис-планови. Во овие рамки, посебен акцент е ставен на истражувањето на глобалното маркетинг-планирање, планирањето на глобалните производствени активности, глобалното финансиско планирање и планирањето на човечките ресурси во глобалните претпријатија. Понатаму се разработуваат корпоративните методи и техники за глобално деловно планирање. Исто така, се обработуваат и современите системи и софтвери за планирање како основа за успешно планирање.

Во четвртата глава на докторската дисертација под наслов ***Стратегиското планирање во глобалните претпријатија,*** истражувањето се фокусира на стратегиски фокусираното деловно планирање во глобалните претпријатија, природата на системот на глобално стратегиско планирање, стратегиското планирање и контролата во глобалните претпријатија, глобалното стратегиско планирање и методите на предвидување. Исто така, се анализира поврзаноста на глобалното стратегиско планирање и процесот на стратегиско размислување, карактеристиките на стратегиското размислување и разликите помеѓу стратегиското планирање и стратегиското размислување во глобалните претпријатија.

Петтата глава на докторската дисертација, насловена ***Улогата и значењето на процесот на планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија,*** е посветена на анализата на странските глобални претпријатија и инвестирањето во Република Македонија, процесот на планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија, како и анализа на податоците од емпириското истражување кое се фокусира на процесот на планирање во пет глобални претпријатија во Република Македонија.

Интегрален дел на дисертацијата претставува и ***заклучокот*** во кој се систематизирани најзначајните сознанија од проблематиката на планирање во глобалните претпријатија, предизвиците, проблемите, факторите и причините за примена на различните аспекти на деловното планирање, како и значењето на планирањето за остварување на целите и создавање на конкурентската предност кај глобалните претпријатија.

На крајот на докторската дисертација е приложена ***литература*** во која се наведени 206 библиографски единици, 142 книги од странски автори, 48 статии, 16 извори од интернет, а 78 од нив се објавени по 2000 година.

***Прилогот*** содржи список на анкетирани глобални претпријатија во Република Македонија и анкетен прашалник.

## Оцена на трудот

Секое претпријатие кое има за цел успешно претставување на меѓународниот пазар треба да посвети поголемо внимание на процесот на истражување на меѓународниот пазар и процесот на планирање на глобалните активности како една од најзначајните функции на глобалниот менаџмент. Планирањето е процес на поставување на организациските цели и процес на детерминирање на начините за остварување на тие цели. Стратегиското планирање го проектира патот кој претпријатието треба да го следи поврзувајќи ги своите ресурси и организациски можности со антиципираните промени во окружувањето во насока на остварување на целите на претпријатието.

Глобалните претпријатија имаат специфични карактеристики кои ги издвојуваат од другите видови претпријатија. Разликата помеѓу процесот на планирање во домашните и глобалните претпријатија се должи на комплексноста и неизвесноста на глобалното окружување. Сложеноста и неизвесноста на глобалниот менаџмент произлегува од влијанието на бројни и разновидни економски, социолошки, демографски, технолошки, правни и културолошки фактори. Поттикнувачи на процесот на глобализација се следниве фактори: намалување на бариерите во трговијата и инвестициите на глобално ниво,

либерализација на пазарите и создавање на слободни пазари, индустријализација, економски развој и модернизација, интеграција на светските финансиски пазари и напредокот во технологијата.

Глобалните трендови, констатира кандидатката м-р Наташа Ристовска, имаат ефект врз глобалниот стратегиски менаџмент на претпријатијата и врз проектирањето на идните сценарија. Тие трендови се следниве: демографија, асиметричен развој, брзорастечки економии, регионални блокови, етничка и културна поделба, глобализација на криминални активности, природни ресурси и животна средина и технолошки развој. Успешното глобалното планирање во голема мера зависи од следниве сценарија: глобални трендови 2015, глобални пеелиминарни сценарија, глобални сценарија 1998-2020 и which world? сценарија за 21 век. Оттука, постојат два модела за иднината на глобалните претпријатија и нивната мрежна организациска форма: модел на индивидуализирано претпријатие, кој е фокусиран на портфолио на следниве три клучни процеси, и тоа: претприемачки процес, процес на интеграција и процес на обновување; модел на метанационално претпријатие, кој е фокусиран на конкурентската предност.

Процесот на планирање е изложен на сè поголеми предизвици доколку ситуациите и средината се покомплексни и брзо менливи. Сложеноста и неизвесноста на глобалниот менаџмент произлегуваат од влијанието на бројни и разновидни фактори кои доминираат во глобалното бизнис окружување. Тие влијанија се предизвикани од економските, демографските, културолошките, технолошките, политичките, правните фактори, како и од влијанијата на владината политика во земјата-домаќин, флуктуациите на девизните курсеви, конкуренцијата на локалниот бизнис, како и од културните варијации помеѓу нациите.

Во овие услови, глобалното претпријатие прво треба да ја идентификува пазарната средина за своите производи и услуги, а потоа да ја оцени сопствената способност и конкурентска предност за да го освои пазарот. Според тоа, планирањето во глобалните претпријатија е значајно за опстанок, заради освојување на нови пазари и пазарни сегменти, или пак за зголемување на профитабилноста. Денес, за претпријатијата е важно добро да ги поставaт целите, плановите и стратегиите во согласност со трендовите и

промените во глобалното окружување за да остварат одржлива конкурентска предност и успех, како и опстанок во работењето.

Нагласената актуелност на процесот на планирање во глобалните претпријатија произлегува од фактот што глобалните претпријатија дејствуваат во комплексно и променливо окружување, така што претпријатијата кои нема да успеат да се приспособат на новите услови, неминовно ќе бидат надминати од конкурентите. Значајно е дека во едно такво конкурентско окружување веќе не е доволно претпријатијата само да се решат за проширување на активностите туку потребно е соодветно планирање, истражување, оценување, избор на соодветни стратегии и поставување на остварливи цели, со што претпријатијата успешно ќе се издвојуваат од останатите на пазарот креирајќи одржлива конкурентска предност.

Трудот на кандидатката м-р Наташа Ристовска на тема ***ПЛАНИРАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА*** претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на планирањето во глобалните претпријатија и различните аспекти на глобалното деловно планирање, со посебен осврт на улогата, значењето, примената и потребата од планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија.

Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување во периодот од мај до септември 2011 година, при што се опфатени пет глобални претпријатија присутни на македонскиот пазар. Истражувањето кандидатката го реализирала со детален анкетен прашалник составен од 56 прашања, групирани во следниве групи: општи податоци за претпријатието (9 прашања), прашања за стратегијата на претпријатијата (11 прашања), прашања за планирањето во глобалните претпријатија (26 прашања) и прашања за корелацијата помеѓу глобалното планирање и неговите ефекти (10 прашања), на македонски и англиски јазик, доставени лично и по пат на електронска пошта, и преку интервју со менаџерите во глобалните претпријатија во Република Македонија.

Податоците од спроведеното емпириско истражување на проблематиката на планирањето во глобалните претпријатија на кандидатката м-р Наташа Ристовска укажуваат на фактот дека:

- Половина од анкетираните глобални претпријатија во Република Македонија дејствуваат во автомобилската индустрија. Тие се генерално акционерски друштва во странска сопственост, кои примениле стратегии на мерџери и аквизиции или старт од нула инвестиција при влез на македонскиот пазар.
- Во врска со причините за глобализација на активностите на претпријатијата, резултатите од истражувањето укажуваат на најголемо значење на пазарната диверзификација или освојувањето на нови пазари. Како главна причина, пак, за влез на македонскиот пазар, глобалните претпријатија ги определуваат даночните погодности.
- 90% од претпријатијата ги применуваат сите аспекти на планирање. Интересен е заклучокот дека само 60% од претпријатијата применуваат IT-решение (софтвер или систем) за планирање.
- Најголемо влијание врз планирањето од екстерните фактори имаат економските фактори и конкуренцијата, додека од интерните фактори, тоа се информациите за пазарот, потрошувачите и конкуренцијата, како и финансиските средства.
- Кај глобалните претпријатија во Република Македонија најзастапени се стратегиските планови на врвно ниво, при што доминира среднорочното планирање за период 1-5 години, а во однос на функциските подрачја на планирање, најголема важност претпријатијата му придаваат на финансиското планирање.
- Најзастапени методи на планирање кои глобалните претпријатија најредовно ги користат се следниве: финансиската анализа, методот на најдобра практика, менаџментот по пат на цели, методите на предвидување и анализата на јазот.
- Глобалните претпријатија се генерално задоволни од примената на деловното планирање, а најчестиот проблем во процесот на планирање е комплексноста на глобалното окружување (разликите во правните, економските, пазарните, технолошките и културните услови).
- Планирањето најчесто е децентрализирано и постои автономност во планирањето кај националното претпријатие или деловната единица во странство.

либерализација на пазарите и создавање на слободни пазари, индустријализација, економски развој и модернизација, интеграција на светските финансиски пазари и напредокот во технологијата.

Глобалните трендови, констатира кандидатката м-р Наташа Ристовска, имаат ефект врз глобалниот стратегиски менаџмент на претпријатијата и врз проектирањето на идните сценарија. Тие трендови се следниве: демографија, асиметричен развој, брзорастечки економии, регионални блокови, етничка и културна поделба, глобализација на криминални активности, природни ресурси и животна средина и технолошки развој. Успешното глобалното планирање во голема мера зависи од следниве сценарија: глобални трендови 2015, глобални пеелиминарни сценарија, глобални сценарија 1998-2020 и which world? сценарија за 21 век. Оттука, постојат два модела за иднината на глобалните претпријатија и нивната мрежна организациска форма: модел на индивидуализирано претпријатие, кој е фокусиран на портфолио на следниве три клучни процеси, и тоа: претприемачки процес, процес на интеграција и процес на обновување; модел на метанационално претпријатие, кој е фокусиран на конкурентската предност.

Процесот на планирање е изложен на сè поголеми предизвици доколку ситуациите и средината се покомплексни и брзо менливи. Сложеноста и неизвесноста на глобалниот менаџмент произлегуваат од влијанието на бројни и разновидни фактори кои доминираат во глобалното бизнис окружување. Тие влијанија се предизвикани од економските, демографските, културолошките, технолошките, политичките, правните фактори, како и од влијанијата на владината политика во земјата-домаќин, флуктуациите на девизните курсеви, конкуренцијата на локалниот бизнис, како и од културните варијации помеѓу нациите.

Во овие услови, глобалното претпријатие прво треба да ја идентификува пазарната средина за своите производи и услуги, а потоа да ја оцени сопствената способност и конкурентска предност за да го освои пазарот. Според тоа, планирањето во глобалните претпријатија е значајно за опстанок, заради освојување на нови пазари и пазарни сегменти, или пак за зголемување на профитабилноста. Денес, за претпријатијата е важно добро да ги поставaт целите, плановите и стратегиите во согласност со трендовите и

промените во глобалното окружување за да остварат одржлива конкурентска предност и успех, како и опстанок во работењето.

Нагласената актуелност на процесот на планирање во глобалните претпријатија произлегува од фактот што глобалните претпријатија дејствуваат во комплексно и променливо окружување, така што претпријатијата кои нема да успеат да се приспособат на новите услови, неминовно ќе бидат надминати од конкурентите. Значајно е дека во едно такво конкурентско окружување веќе не е доволно претпријатијата само да се решат за проширување на активностите туку потребно е соодветно планирање, истражување, оценување, избор на соодветни стратегии и поставување на остварливи цели, со што претпријатијата успешно ќе се издвојуваат од останатите на пазарот креирајќи одржлива конкурентска предност.

Трудот на кандидатката м-р Наташа Ристовска на тема ***ПЛАНИРАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА*** претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на планирањето во глобалните претпријатија и различните аспекти на глобалното деловно планирање, со посебен осврт на улогата, значењето, примената и потребата од планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија.

Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување во периодот од мај до септември 2011 година, при што се опфатени пет глобални претпријатија присутни на македонскиот пазар. Истражувањето кандидатката го реализирала со детален анкетен прашалник составен од 56 прашања, групирани во следниве групи: општи податоци за претпријатието (9 прашања), прашања за стратегијата на претпријатијата (11 прашања), прашања за планирањето во глобалните претпријатија (26 прашања) и прашања за корелацијата помеѓу глобалното планирање и неговите ефекти (10 прашања), на македонски и англиски јазик, доставени лично и по пат на електронска пошта, и преку интервју со менаџерите во глобалните претпријатија во Република Македонија.

Податоците од спроведеното емпириско истражување на проблематиката на планирањето во глобалните претпријатија на кандидатката м-р Наташа Ристовска укажуваат на фактот дека:

- Половина од анкетираните глобални претпријатија во Република Македонија дејствуваат во автомобилската индустрија. Тие се генерално акционерски друштва во странска сопственост, кои примениле стратегии на мерџери и аквизиции или старт од нула инвестиција при влез на македонскиот пазар.
- Во врска со причините за глобализација на активностите на претпријатијата, резултатите од истражувањето укажуваат на најголемо значење на пазарната диверзификација или освојувањето на нови пазари. Како главна причина, пак, за влез на македонскиот пазар, глобалните претпријатија ги определуваат даночните погодности.
- 90% од претпријатијата ги применуваат сите аспекти на планирање. Интересен е заклучокот дека само 60% од претпријатијата применуваат IT-решение (софтвер или систем) за планирање.
- Најголемо влијание врз планирањето од екстерните фактори имаат економските фактори и конкуренцијата, додека од интерните фактори, тоа се информациите за пазарот, потрошувачите и конкуренцијата, како и финансиските средства.
- Кај глобалните претпријатија во Република Македонија најзастапени се стратегиските планови на врвно ниво, при што доминира среднорочното планирање за период 1-5 години, а во однос на функциските подрачја на планирање, најголема важност претпријатијата му придаваат на финансиското планирање.
- Најзастапени методи на планирање кои глобалните претпријатија најредовно ги користат се следниве: финансиската анализа, методот на најдобра практика, менаџментот по пат на цели, методите на предвидување и анализата на јазот.
- Глобалните претпријатија се генерално задоволни од примената на деловното планирање, а најчестиот проблем во процесот на планирање е комплексноста на глобалното окружување (разликите во правните, економските, пазарните, технолошките и културните услови).
- Планирањето најчесто е децентрализирано и постои автономност во планирањето кај националното претпријатие или деловната единица во странство.

Интересен е заклучокот дека специјализираните кадри-планери се недоволно застапени кај овие претпријатија наспроти очекувањето.

- Претпријатијата најчесто избираат една оптимална локација на производство или концентрација на производството. Во врска со маркетинг-програмата (производ, цена, промоција и дистрибуција), глобалните претпријатија генерално вршат адаптација на производите и услугите на локалните барања на потрошувачите во земјите, и спроведуваат нестандардизирано рекламирање.
- Во однос на човечките ресурси, глобалните претпријатија применуваат геоцентрична кадровска политика, менаџерите се избираат независно од националната припадност, додека пак, финансирањето го реализираат интракорпорациски.

Резултатите од истражувањето, според кандидатката, упатуваат на потврдување на теоретските сознанија за значењето на планирањето и на заклучокот дека користите од планирањето ги надминуваат трошоците за планирање. Резултатите овозможуваат разбирање на потребата од планирање, правилно формулирање и реализирање на корпоративните цели, политики, планови и стратегии заради постигнување на глобален успех. Со истражувањето се овозможува комплетна слика на процесот на планирање во глобалното променливо конкурентско окружување во кое претпријатијата бараат и користат профитни можности.

Исто така, заслужува да се истакне научниот и стручниот придонес на кандидатката, која, преку теоретските и емпириските истражувања на одделни клучни прашања од областа на глобалното планирање во претпријатијата, успешно ги систематизирала и ги елаборирала основните карактеристики на глобалните претпријатија во процесот на планирање наспроти планирањето во националните претпријатија.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатката м-р Наташа Ристовска успешно ги истражувала клучните прашања сврзани со карактеристиките на планирањето во глобалните претпријатија заедно со основниот концепт, функционалните подрачја на планирање и стратегиското планирање. Со резултатите од истражувањето се потврдува користа и потребата од планирање во глобалните претпријатија и стратегиско управување со тековните и идните активности

поради брзите и непредвидливи промени во глобалното окружување и заради создавање на глобална конкурентска предност.

Техничкото оформување на докторската дисертација е на највисоко можно ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемна поврзаност на деловите, табелите, сликите и графиконите) е јасна. Содржината на докторската дисертација е соодветна на усвоените тези. Текстот во докторската дисертацијата е солидно компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија од највисок квалитет. Текстот во дисертацијата е целосно во боја.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата констатира дека целта и задачите што кандидатката ги формулирала во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се утврди состојбата на планирањето во глобалните претпријатија во Република Македонија, потребата и ограничувањата на планирањето, видовите планови кои овие претпријатија ги применуваат, начинот на организирање на планирањето, факторите кои влијаат на примената на планирањето, како и методите за ефикасно планирање, нагласувајќи ја и позитивната врска помеѓу планирањето и перформансите на глобалните претпријатија.

На трудот можат да му се стават и забелешки, како на пример: недоволно застапениот критички приод при разработката на глобалните функциски планови, недоволно застапената компаративна анализа на процесот на планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија и глобалните претпријатија во другите земји, како и малата репрезентативност на истражувањето, кои немаат позначајно влијание врз високиот квалитет на дисертацијата.

## Предлог

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво,*** да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Ристовска на тема: ***ПЛАНИРАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА*** е успешно изработена;

- ***второ,*** да определи ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 12.3.2012 година

Комисија за оцена и одбрана

на докторската дисертација

1. Проф. д-р Бобек Шуклев,с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.
3. Акад. проф. д-р Таки Фити,с.р.
4. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски,с.р.
5. Доц. д-р Стојан Дебарлиев,с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Архитектонскиот факултет

| р.бр | кандидат | тема | Комисија |
|---|---|---|---|
| 1 | Папастеревски м-р Димитар | **„Модел на консеквентно развивање и управување со архитектонски проект-методи за генерирање на архитектонски детал низ проектниот процес“** | - Д-р Тихомир Стојков, ред. проф.- претседател<br>- Д-р Страхиња Трпевски, доцент-член<br>- Д-р Бранко Трпковски, ред.проф. - член |
| 2 | Милованчев м-р Наташа | **„ Апстракцијата и емпатијата како концептуални модели за генерирање на просторот во визуелните уметности-морфолошки аналогии во сликарството, скулптурата и архитектурата во периодот помеѓу 1910 и 1930 година“** | - Д-р Јасмина Хаџиева-Алексиевска, ред. проф.-претседател<br>- Д-р Мартин Гулевски, ред.проф. (во пензија) – член<br>- Д-р Митко Хаџи-Пуља, вон. проф. -член |
| 3 | Николовски м-р Добре | **“Сенката и засенувањето како фактор при архитектонското проектирањеметоди на дефинирање и примена”** | - Д-р Бранко Трпковски, редовен професор – претседател,<br>- Д-р Тамара Теофиловска - Бојаџиева, редовен професор (во пензија) – член<br>- Д-р Митко Хаџи-Пуља, вонреден професор – член |
| 4 | Ферати м-р Армир | **„Чаршијата во просторната конфигурација на градовите во Македонија“** | - Д-р Влатко Коробар, редовен професор – претседател<br>- Д-р Јасмина Сиљаноска, вонреден професор – член<br>- Д-р Јасмина Алексиевска, редовен професор – член |
| 5 | Асимов м-р Џанер | **„ Архитектура и утопија во визијата на научно фантастичниот филм на XX век“** | - Д-р Минас Бакалчев, редовен професор – претседател<br>- Д-р Митко Хаџи-Пуља, вонреден професор – член<br>- Д-р Мирослав Грчев, редовен професор – член |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ

## КРЕИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИ ЗА ИЗВОЗ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ

## ОД М-Р КАТЕРИНА БОЈКОВСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Катерина Бојковска под наслов: КРЕИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИ ЗА ИЗВОЗ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 72. седница одржана на 3.2.2012 година, со Одлука бр. 02-263/2 од 8.2.2012, нè именува за членови на Комисијата за одбрана и оцена на дисертацијата.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи напомени

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Бојковска КРЕИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИ ЗА ИЗВОЗ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ, обработува современа и мошне актуелна проблематика од областа на меѓународниот маркетинг.

Во рамките на развојот на македонската економија, млекопреработувачката индустрија како интегрален дел на агрокомплексот, има значајно место во развојот на целокупното стопанство на државата и се смета за особено значаен сектор за подобрување на макроекономските показатели, а посебно во поглед на зголемување на извозот, замена на увозните производи и на тој начин намалување на трговскиот дефицит, како и создавање на нови работни места. Млекото и млечните производи, исто така, се значаен дел од секојдневната исхрана на населението, па затоа се смета дека како важен приоритет од стратешко значење на секоја држава, всушност е развојот на овој сектор. Со оглед на тоа, на развитокот на млекарската индустрија треба да ѝ се даде првенствено значење како би можеле да се задоволат сè поголемите потреби на купувачите како по квантитет и квалитет, така и по асортиман на производи не само на домашниот, туку и на странските пазари.

Со цел извлекување на максимумот од оваа индустрија, потребно е нејзино преструктурирање кон современи трендови и перманентно унапредување преку

воведување на современи органски технологии популарно наречени know – how технологии. Капацитетите треба максимално да се искористуваат, опремата постојано да се обновува и да се следат современите трендови, да се изнајде оптимален обем и структура на производите од млеко, континуирано да се едуцираат кадри од областа на млекарската индустрија, воведување на ISO-стандарди и HACCP-систем, балансирање помеѓу цената на готовите производи и цената на суровото млеко итн. На тој начин не само што ќе се овозможи континуирано задоволување на потребите на домашниот пазар, туку и зголемување на учеството на млекото и млечните производи во надворешнотрговската размена на Република Македонија.

Основната цел на истражувањата во трудот е да се укаже на значењето на меѓународните маркетинг-стратегии за успешен настап на стопанските субјекти од млекарската индустрија на странските пазари. Покрај основната цел, трудот ги има и следниве цели: да се утврди актуелната состојба во млекарската индустрија во Република Македонија, особено улогата на стопанските субјекти – производители на млеко и млечни производи во надворешнотрговската размена на Република Македонија, да се оцени маркетиншката компонента на деловното работење на субјектите од млекарската индустрија и да се понудат решенија за креирање на соодветни меѓународни маркетинг-стратегии кои ќе овозможат зголемување на учеството на македонските млекопреработувачки капацитети во меѓународната размена.

Со цел да се обезбеди поголема систематичност и научна фундираност на трудот при неговата изработка, применети се повеќе методи на работа кои вообичаено се користат при економските анализи кои резултираа како во теоретските, така и во практичните сознанија. Методолошкиот приод во анализата на состојбата во млекарската индустрија во Република Македонија, како и состојбата за учеството на стопанските субјекти од овој сектор во надворешнотрговската размена на Република Македонија се базира на примена на дескриптиваната или описна метода врз основа на секундарни податоци добиени од релевантни институции или податоци добиени од терен. Статистичката и компаративната метода исто така се применети за анализа на временски низи на податоци.

За истражување на состојбата со примената на меѓународните маркетинг-стратегии во поголемите млекопреработувачки капацитети од Република Македонија, применет е методот на испитување. Испитувањето се изврши преку примена на емпириските техники на анкета и лично интервјуирање, со претходно структуриран анкетен прашалник.

Управувањето со меѓународните маркетинг-активности и успешното оптимализирање на инструментите на меѓународниот маркетинг-микс е многу значајно за развојот на млекопреработувачката индустрија и зголемување на нејзиното учество во надворешнотрговските текови. За таа цел, неопходно е сите учесници во производството, преработката и продажбата на млеко и млечни производи да се вклучат во примената на меѓународните маркетинг-активности и во дизајнирањето на значајни меѓународни маркетинг-стратегии за успешен настап на стопанските субјекти – производители на млеко и млечни производи на странските пазари.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов КРЕИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИ ЗА ИЗВОЗ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ, на м-р Катерина Бојковска, има 340 страници, во рамките на кои се вклучени 19 табели, 10 слики и 16 графикони. Во библиографијата се наведени 156 библиографски единици, од кои: 105 книги, 4 часописи, 11 статии, 36 извештаи и други извори. Содржината на дисертацијата е поделена во пет глави (делови), вовед и заклучок, а на крајот има прилози (2).

Во ***воведот*** се образложени актуелноста и значењето на проблематиката којашто е предмет на истражувањата во трудот, целта и предметот на истражувањата и применетата методологија.

Во првата глава на трудот (***Теоретски аспекти на меѓународниот маркетинг***) се обработени некои од теоретските аспекти на меѓународниот маркетинг како есенцијална компонента на современиот менаџмент со чија примена, од една страна, на најсоодветен начин се задоволуваат потребите и барањата на потрошувачите на странските пазари, а од друга страна, се постигнуваат најдобри ефекти во развојот и дејствувањето на стопанските субјекти на странските пазари. Исто така се разработени и детерминантите и носителите на меѓународните маркетинг-активности значајни за стратешкото однесување на стопанските субјекти при настап на странските пазари.

Посебен акцент е ставен на значењето на меѓународниот маркетинг за фирмите од млекарската индустрија при настап на странските пазари. Имено, за негова ефективна примена, производителите на млеко и млечни производи треба добро да го разберат окружувањето на целниот пазар, да спроведат соодветно маркетинг-истражување на пазарните сегменти и идентификување на пазарниот потенцијал, како и желбите и потребите на странските потрошувачи на млеко и млечни производи и да донесат одлуки кои се однесуваат на инструментите на меѓународниот маркетинг-микс (дизајн на производите, одредување на цените, дистрибуција и промоција на меѓународниот пазар).

Во втората глава (***Видови меѓународни маркетинг-стратегии за настап на странски пазари***) најнапред се обработени факторите (пазарот и купувачите, географските фактори, конкуренцијата и целите на компанијата и културата) кои го условуваат развојот на меѓународните маркетинг-стратегии. Понатаму се разработува процесот на развивање на маркетинг-стратегии значајни за координирање на одделните маркетинг-активности на светскиот пазар, кој се одвива во три фази, и тоа: фаза на анализа, фаза на развој на стратегијата и фаза на имплементација на маркетинг-стратегијата. Особено значајно за меѓународниот маркетинг е оваа структура, истакнува кандидатката, да се дополни со процесот на евалуација и контрола бидејќи на тој начин би се обезбедила поголема сигурност во реализацијата на плановите и резултатите во практиката. Информациите за имплементацијата, евалуацијата и контролата претставуваат значаен feed back за глобалниот маркетинг-информативен систем (МИС), кој, исто така, овозможува успешни анализи и планирање на иднината.

Стопанските субјекти кои се ориентирани на меѓународниот пазар мораат да создаваат меѓународна маркетинг-стратегија која ќе им овозможи рационален пристап на поединечните сегменти на пазарот. За таа цел во ова поглавје се разработени и алтернативните меѓународни маркетинг-стратегии, како и стратешките маркетинг-можности и модалитети кои им стојат на располагање на стопанските субјекти од млекарската индустрија за остварување на деловен успех на целните пазарни сегменти. Од аспект на меѓународниот маркетинг, основниот критериум при разграничувањето и групирањето на алтернативните стратегии за влез и дејствување на компаниите на странските пазари произлегува од процесот на интернационализација како сè поактуелна стратегија за раст и развој на претпријатијата. Поаѓајќи од тој критериум се идентификуваат три основни стратегиски производно–деловни односи на претпријатието кон меѓународниот пазар, и тоа: извозни варијанти на стратегијата за влез на меѓународен пазар, кооперативни варијанти на стратегијата за влез на меѓународен пазар и инвестициони варијанти на стратегијата за влез на меѓународен пазар.

Видовите на меѓународни маркетинг-стратегии кои им стојат на располагање на стопанските субјекти - производители на млеко и млечни производи за пласман на нивните производи на странските пазари се елаборирани во третата глава (***Креирање на меѓународни маркетинг-стратегии за извоз на млеко и млечни производи***).

На почетокот на оваа глава (*точка 1. Стратегија на производ за меѓународниот пазар*) најнапред станува збор за значењето и улогата на производот како еден од најдинамичните инструменти на меѓународниот маркетинг-микс, кој е особено значаен бидејќи претставува начин на кој претпријатието ги усогласува своите производни можности со потребите и барањата на потрошувачите на целните странски пазари. Исто така се елаборирани карактеристиките на млечните производи во поглед на нивните специфичности, состав и својства, асортиман, пакување и слично, кои претставуваат значајни конкурентски елементи за диференцирање на производите на одредено претпријатие од производите на конкуренцијата. Посебен акцент е ставен на брендирањето како и на соодветното и привлечно пакување и етикетирање на млекото и млечните производи кои добиваат сè поголемо значење во современите услови на стопанисување. Потоа, кандидатката Катерина Бојковска укажува на значењето на квалитетот и стандардизацијата во производството на млеко и млечни производи, бидејќи системите за управување со квалитетот и сигурноста на храната и сертификатите кои ги следат, сè повеќе стануваат значајни елементи на опстанокот на претпријатијата од млекарската индустрија на глобалниот пазар. За да можат во целост да одговорат на барањата за квалитет и сигурност, компаниите во светот воспоставуваат низа норми и системи за осигурување на квалитетот и сигурноста на храната.

На крајот од овој дел, фокусот е ставен на управувањето и развојот на новите производи од млекарската индустрија и стратегиите на животниот циклус на производот на странските пазари како двигатели на подинамичниот раст. Притоа, се истакнува дека производителите на млеко и млечни производи треба да се насочат кон зголемување на извозната структура, во смисла на проширување на асортиманот на производи преку воведување на нови производи што претставува основа за постигнување на висока конкурентност и лидерство, особено на конкурентните сегменти на современиот меѓународен пазар.

Во вториот дел од оваа глава (*точка 2. Стратегија на цени за меѓународниот пазар*), најпрво е објаснето значењето на цената која како инструмент на меѓународниот маркетинг-микс непосредно влијае врз финансиските ефекти од работењето на стопанските субјекти. Таа претставува значајна економска категорија за претпријатијата, но и за реализација на економската политика на секоја земја. Потоа, се елаборирани стратегиските алтернативи кои се битни при одредувањето на меѓународните цени, а во насока на остварување на поставените цели, и тоа: проширување или етноцентрична политика, адаптација или полицентрична политика и инвенција или геоцентрична политика за одредување на цените. Кандидатката заклучува дека од наведените стратегии, стратегијата на адаптација или полицентричната стратегија се смета како најзначајна при формирање на извозните цени на млекото и млечните производи имајќи го предвид фактот што оваа стратегија овозможува максимизирање на приходите. Всушност, ваквиот пристап им овозможува на компаниите да формираат цени кои ќе одговараат на конкурентните и пазарните услови на секој национален пазар на кој ги пласираат нивните производи.

Посебен акцент е ставен на видовите на цени и специфичностите на цените на производите од млекарската индустрија на странските пазари, како и на карактерот и интензитетот на факторите кои влијаат на формирањето на цените на производите од млекарската индустрија на странските пазари. На крајот на овој дел се разработени методите за формирање на цените, и тоа: методите за формирање на цените засновани на трошоците и методите за формирање на цените засновани на пазарот. Производителите на млеко и млечни производи при креирањето на својата политика на цени на меѓународниот пазар треба да користат такви методи за формирање на цените кои го имаат предвид значењето на сите фактори кои влијаат на формирањето на цените на странските пазари. Тоа што е заедничко за сите методи е доминантната улога на пазарните сили (понудата и побарувачката).

*Стратегијата на дистрибуција на меѓународниот пазар* (*точка 3.*) е предмет на обработка во третиот дел од оваа глава на трудот. Кандидатката Катерина Бојковска најнапред се задржува на значењето и специфичностите на современата организација на прометот на млекото и млечните производи, која треба да овозможи производите во најкраток можен рок и по најкраток пат да стигнат од производителот до потрошувачот, а притоа во целост да се зачува квалитетот на производите во прометот, како и другите карактеристични особини на млекото и млечните производи (боја, мирис, вкус и друго). Потоа се елаборирани видовите и структурата на каналите на дистрибуција кои најчесто се користат за воспоставување на контакти помеѓу производителите и потрошувачите на млеко и млечни производи. Се истакнува дека неопходен е развој на современи дистрибутивни канали кои ќе овозможат постојана присутност на млекото и млечните производи во меѓународната трговска мрежа и нивна лесна достапност до потрошувачите, а притоа трошоците на дистрибуција да бидат на ниво на кое нема премногу да го оптоварат производителот или производот.

На крајот на овој дел се укажува на значењето на меѓународната маркетинг-логистика која на пазарот треба да обезбеди три аспекти на услуги на потрошувачите, и тоа: расположливост, благовременост и квалитет, и сето тоа по најниски трошоци и сè помало оптоварување на цената на чинење на производот. Управувањето со меѓународната маркетинг-логистика се состои од неколку посебни, но меѓусебно поврзани активности: управување со транспортот, контрола

на залихите, обработка на нарачките, ракување со материјалите и складирање и управување со локациите на фиксните капацитети.

Во последниот дел од оваа глава (*точка 4. Промотивни стратегии за меѓународниот пазар*) прво се укажува на значењето и улогата на промоцијата како инструмент на меѓународниот маркетинг-микс. Потоа се обработени основните инструменти на промотивниот микс: економска пропаганда, унапредување на продажбата, лична продажба, публицитет и односи со јавноста и директен маркетинг. Се укажува и на неопходноста од примена на комбинирана промотивна стратегија која овозможува остварување на ефикасен систем на комуницирање и брзо и лесно приспособување на потребите на потрошувачите што влијае на процесот на донесувањето на одлуки за купување. Таквото комбинирање на промотивните облици во теоријата на меѓународниот маркетинг е познато како меѓународен промоционен микс.

Од спроведеното проучување, кандидатката констатира дека за промовирање на производите од млекарската индустрија најпогодни се економската пропаганда, унапредувањето на продажбата и публицитетот и односите со јавноста. Млекото и млечните производи имаат свои определени карактеристики значајни за нивната економска пропаганда, и тоа: нивната релативно ниска цена, брзото консумирање од страна на потрошувачите, фреквентната потрошувачка од продавници за самопослужување и слично. Облиците на унапредување на продажбата се значајни за промовирање на млекото и млечните производи и поради тоа треба сè почесто да бидат застапени во промотивните кампањи на претпријатијата – производители на млеко и млечни производи, како дел од нивниот оптимален промотивен микс, насочен кон остварување на стратегиските цели на нивното работење. Ефикасноста на публицитетот, за разлика од другите облици на промоција, се огледа и во тоа што за претпријатието и производите се изјаснуваат други, така што силината на пораката е поголема бидејќи, всушност станува збор за објективни, а не за субјективни оцени. Успешноста на публицитетот, во голема мера, зависи и од веродостојноста на фактите кои се изнесуваат.

Четвртата глава на трудот е насловена ***Карактеристики на македонската млекарска индустрија и нејзината улога во надворешно-трговската размена на Република Македонија***. Овој дел, всушност, е и најобемен дел од трудот. На почетокот на четвртата глава од докторската дисертација е направена статистичка анализа на состојбата во млекарската индустрија во Република Македонија, прикажана преку анализа на пазарот на млеко и млечни производи со неговите компоненти, односно анализа на производството и понудата на млеко и млечни производи, движењето на цените и карактеристиките на побарувачката и движењето на потрошувачката на млекото и млечните производи.

Притоа, направена е и анализа на учеството на млекопреработувачките капацитети во надворешнотрговската размена. Прикажани се и начините за регулирање на меѓународната трговија со млеко и млечни производи преку одредбите и спогодбите на меѓународните организации кои се основани за регулирање на меѓународниот пазар, како и влијанието на трговските реформи и либерализацијата на пазарот на млеко и млечни производи. Од анализата на увозот и извозот на млеко и млечни производи утврден е надворешнотрговскиот биланс во областа на млекарската индустрија во Република Македонија кој влијае врз вкупниот надворешнотрговски биланс на земјата.

На крајот на оваа глава е прикажана состојбата со прифаќањето и примената на меѓународните маркетинг-активности во млекопреработувачките капацитети преку анкетирање на поголемите млекопреработувачки капацитети кои својата дејност ја вршат на подрачјето на Република Македонија. Резултатите од спроведеното емпириско истражување укажуваат на бројни фактори (недостиг на сурово млеко, нестандардизирано сурово млеко, релативно ниската откупна цена на суровото млеко, недостиг на обртен капитал и неможност за пристап до изворите на финансирање, недоволен број на млечни производи кои носат повисок доход за производителите, неконтролиран увоз на различни млечни производи, низа системски проблеми, немање на соодветна меѓународна маркетинг-стратегија и други) кои го ограничуваат извозот на млеко и млечни производи. Се смета дека сите овие фактори влијаат на македонските производители на млеко и млечни производи повеќе да се ориентираат кон домашниот пазар и мало внимание да посветуваат на промените кои доаѓаат од глобалниот пазар, како што е појавата на нови производи, нов стил на нови потреби или нови пазарни сегменти, нови потреби на потрошувачите, појава на нови конкуренти итн., кои го отежнуваат правилното спроведување на меѓународната маркетинг-стратегија.

Во последната глава (***Некои насоки за креирање на успешна меѓународна маркетинг-стратегија за извоз на млеко и млечни производи***) се прикажани стратегиските опции значајни за вклучување на македонските млекопреработувачки капацитети во меѓународната размена, како и клучните точки на стратегијата за експанзија на извозот на млеко и млечни производи.

Притоа, дадени се и одредени насоки за креирање на успешна меѓународна маркетинг-микс стратегија за извоз на млеко и млечни производи преку соодветни препораки за креирање на успешна производна, ценовна, дистрибутивна и промотивна стратегија, како и можностите за креирање на конзистентна меѓународна маркетинг-стратегија преку оптимализација на инструментите на меѓународниот маркетинг-микс во согласност со потребите на пазарот и можностите на компаниите, а во функција на постигнување конкурентска предност на меѓународниот пазар. На тој начин ќе се овозможи решавање на проблемите со кои се среќаваат субјектите во процесот на производство и промет со млеко и млечни производи и зголемување на нивното учество во надворешно-трговската размена. Покрај класичниот извоз, истакнува кандидатката, на производителите на млеко и млечни производи им стојат на располагање и други модели кои би им овозможиле успешен влез на странските пазари. Тоа се: лиценцирање на производи, франшиза на производ, заедничко вложување, подружници во целосна сопственост итн. Производителите на млеко и млечни производи треба да размислуваат и за директни инвестиции или заеднички вложувања во други земји, што во голема мера ќе го зголеми пласманот на млекото и млечните производи на странските пазари.
На крајот на ова поглавје се елаборирани програмите за поддршка на извозот кои имаат круцијално значење за зголемување на учеството на млекопреработувачките капацитети во меѓународната размена.

Во ***заклучните согледувања*** се прикажани резултатите од истражувањето и се изнесени заклучоците кои произлегуваат од трудот.

### 3. Оцена и предлог

Членовите на Комисијата внимателно ја проучија поднесената докторска дисертација на кандидатката м-р Катерина Бојковска под наслов *КРЕИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИ ЗА ИЗВОЗ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ* и сметаат дека дисертацијата се заснова на оригинален пристап и е исклучително содржаен и комплексен труд. Имено, кандидатката м-р Катерина Бојковска обработува една многу актуелна и значајна проблематика, која досега во Република Македонија е многу малку истражувана, па следствено на тоа, многу е мал бројот на објавени научни и стручни трудови од оваа област.

М-р Катерина Бојковска, при дефинирањето на својата докторска дисертација, за основна цел си поставила да укаже на значењето на меѓународните маркетинг-стратегии за успешен настап на стопанските субјекти од млекарската индустрија на странските пазари. Своите истражувања кандидатката ги насочила кон утврдување на фактичката состојба во млекарската индустрија во Република Македонија, состојбата за учеството на поголемите млекопреработувачките капацитети од Република Македонија во надворешнотрговската размена, како и состојбата во поглед на примената на маркетинг-концепцијата и застапеноста на меѓународните маркетинг-стратегии.

Придонесот на кандидатката со изработката на оваа докторска дисертација се огледа во успешниот трансфер на современите научни достигнувања во доменот на креирање на меѓународни маркетинг-стратегии, трансферот на практичните искуства од оваа област од земјите со развиено пазарно стопанство и во посочувањето на некои насоки за креирање на успешна меѓународна маркетинг-стратегија за успешно управување со инструментите на меѓународниот маркетинг-микс. Презентираните сознанија во дисертацијата претставуваат солидна основа за креирање на конкретни решенија во секој стопански субјект од областа на млекопреработувачката индустрија во земјата, а со тоа и за унапредување на работењето не само на наведените субјекти, туку и на целото стопанство, како и за задоволување на потребите на потрошувачите на едно многу повисоко ниво од постојното, како на домашниот, а уште повеќе на странските пазари.

При изработката на докторската дисертација, кандидатката применува коректна методолошка постапка, приспособена на предметот и карактерот на истражувањето. Таа користела: богата и компетентна за предметната проблематика домашна и странска литература, извори на секундарни објавени и необјавени податоци на официјални и други институции, а освен тоа спровела и сопствено истражување, поточно анкетирање на поголемите млекопреработувачки капацитети во Република Македонија во однос на третираната проблематика. Резултатите од истражувањата во дисертацијата се презентирани по еден логичен редослед и композицијата на трудот се одликува со хармоничност и со соодветна на проблематиката поврзаност на одделните делови и поглавја. Текстот е илустриран со голем број табели, слики и графикони.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата за оцена и одбрана беше едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Катерина Бојковска, во својата докторска дисертација под наслов КРЕИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИ ЗА ИЗВОЗ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ, целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражувањето, и му предлага на Советот на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација и
2. на кандидатката м-р Катерина Бојковска да и се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје 5.3.2012

Членови на Комисијата

1. Д-р Татјана Петковска с.р.
2. Д-р Татјана Петковска Мирчевска с.р.
3. Д-р Христо Кусакатов с.р.
4. Д-р Силвана Мојсовска с.р.
5. Д-р Наташа Данилоска с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈАИ ПСИХОЛОГИЈА НА СОВЕТУВАЊЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXIV-та редовна седница одржана на 16.II 2012 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија по пријава на м-р Катерина Наумова за избор на асистент за научните области клиничка психологија и психологија на советување.

Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 10.1.2012 година, за работното место на Филозофскиот факултет во Скопје за асистент за научните области: клиничка психологија и психологија на советување се пријави кандидатката м-р Катерина Наумова.

### 1. Биографија и стручно-научен развој

**Катерина Наумова** е родена на 19.3.1977 г. во Скопје. Во 1995 година со одличен успех го завршила средното образование во гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. На Институтот за психологија се запишала во учебната 1995/96, а дипломирала во 2000 со просечен успех 9,26. Од потесната група предмети за кои е распишан конкурсот, просечниот успех ѝ изнесува 9,75. Во учебната 2001/2002 е примена на постдипломски студии на Институтот за психологија, на насоката за клиничка психологија, каде што сите предвидени испити на магистерските студии ги положи со просечна оценка 10 и во 2008 година се стекна со научниот степен магистер по психологија, одбранувајќи го на Филозофскиот факултет во Скопје магистерскиот труд насловен „Трауматските искуства, менталното здравје и квалитетот на живот кај лицата кои доживеале воени стресови". М-р Катерина Наумова од 2009 година е докторанд на Институтот за психологија, Универзитет "Св. Кирил и Методиј". Таа е во фаза на завршување на изработката на докторската дисертација под наслов "Лонгитудинална процена на менталното здравје и клавитетот на живот кај лица со долготраен посттрауматски стрес".

М-р Катерина Наумова од март 2002 е вработена како помлад асистент при Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје за предметите клиничка психологија и ментално здравје и психолошко советување, и за предметот психологија (за студентите од Институтот за филозофија). Од 2009 година, таа е ангажирана како

асистент по предметите клиничка психологија 1 и 2 и психолошко советување на Институтот за психологија, Филозофски факултет - Скопје.

Од активностите кои се поврзани со дејноста на Институтот за психологија во кои учествувала Наумова, меѓу другото, ќе ги наведеме учеството во изработката на *Прирачник за советување родители на ученици во основни и во средни училишта* на барање на Министерството за образование и наука на Република Македонија (2011), подготовка на Етички кодекс на психолозите на Република Македонија (2006), подготовка на Собирот по повод 30 години Институт за психологија (2004), како и на Зборникот на трудови соопштени на овој Собир, подготовка на студиската програма на додипломските студии според кредит-трансфер систем (2003) и самопроценката на додипломските студии на Институтот за психологија (2002).

На Клиниката за психијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, како волонтер неколку години почнувајќи од 2001 година, ги усовршувала вештините за психодијагностичко испитување (задавање и интерпретација на батерија дијагностички инструменти, водење клиничко интервју, пишување психолошки наод и мислење).

М-р Катерина Наумова е член на активниот наставен кадар при Јога-сојузот на Македонија. Во последните 16 години таа континуирано се едуцира во областа на јогата. Јогата за неа примарно претставува систем за личен и духовен развој, но и комплементарен метод за унапредување на здравјето и на квалитетот на живот. Освен тоа, тринаесет години следи едукација и активно работи како наставник по јога во својство на постар инструктор. Таа ги истражува како релациите меѓу јогата и науката, така и оние меѓу источните и западните модели на ментално здравје и на психотерапија. Автор е и на повеќе популарни текстови за релацијата на јогата со психологијата. Нејзиниот дипломски труд, јавно одбранет во 2000 година, беше придонес кон развојот на умешноста за владеење со стрес преку практикување јога.

Според приложените документи за познавање странски јазици, м-р Катерина Наумова одлично го владее англискиот јазик и е оспособена за симултан превод од англиски на македонски јазик и обратно. Покрај тоа, наведува дека може да се служи и со германскиот јазик. Таа ги има добро совладано комјутерските вештини потребни за професионалните активности (SPSS: SPAD).

## 2. Научно-стручни трудови

Кандидатката Наумова, освен одбранетиот магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје, ги има објавено, како автор или како коавтор, подолу наведените трудови:

1. Наумова, К. (2011). Психолошка процена на посттрауматски стрес. *Годишен зборник*, Скопје: Филозофски факултет.
2. Наумова, К. (2010). Посттрауматски стрес: теоретски модели, типологија и етнокултурни аспекти. *Годишен зборник*, Скопје: Филозофски факултет.
3. Наумова, К. (2009). Од траума до посттрауматско стресно растројство. *Годишен зборник*, Скопје: Филозофски факултет.

4. Поповски, М. и Наумова, К. (2009). Стигматизација на лица болни од шизофренија и на зависници од дрога и алкохол. *Ревија за социјална политика*, 2(3), 231-244.

5. Поповски, М. и Наумова, К. (2008). Долготраен посттрауматски стрес и квалитет на живот кај внатрешно раселени лица во Македонија. *Годишен зборник*, Скопје: Филозофски факултет.

6. Popovski, M. & Naumova, K. (2008). Trauma and posttraumatic stress in war IDPs in Macedonia. Psihijatrija Danas, 40(1), 15-29.

7. Наумова, К., Фрицханд, А. и Блажевска, Б. (2004). Себепочитувањето и мотивот за постигнување. Зборник на трудови *30 години Институт за психологија*, Скопје: Филозофски факултет

8. Наумова, К. (2002). Ментално и емоционално здравје на младите. Во: Зборник на текстови *Децата и нивната добросостојба*. Скопје: Центар за психосоцијална и кризна акција

9. Ѓориќ, А., Ќостарова-Унковска, Л. и Наумова, К. (2002). Младите и "ризичното однесување", причина и(ли) последица. Во: Зборник на текстови *Децата и нивната добросостојба*. Скопје: Центар за психосоцијална и кризна акција.

М-р Катерина Наумова во 2009 учествувала на два меѓународни научни собира: Современи трендови во психологијата во Србија и 11. Европска конференција за трауматски стрес во Норвешка. Приложени се апстрактите од зборниците и трудовите во целост кои Наумова ги изложила (во коавторство), насловени: „Стигматизација и близина на контакти со болни од шизофренија, зависници од дрога и зависници од алкохол" („Stigma and familiarity with schizophrenia, drug addiction and alcohol addiction"), односно „Долготраен посттрауматски стрес кај внатрешно раселени лица во Македонија" („Long-term posttraumatic stress in internally displaced persons in Macedonia").

Во 2007 година, Наумова учествувала и на 10. Европска конференција за трауматски стрес одржана во Норвешка, за што приложува и апстракт, како и трудот во целост, насловен „Трауматски искуства, миграциски стресори и посттрауматски стрес кај внатрешно раселени лица поради воениот конфликт во Македонија четири години по раселувањето" („Traumatic experiences, migration stressors and posttraumatic stress in war IDPs in Macedonia four years after the displacement"), презентиран во коавторство.

Во октомври 2004, Наумова во Охрид има учествувано на Третиот конгрес на психијатрите на Република Македонија, кој имал меѓународен карактер. Приложен е апстракт од зборникот од овој Конгрес според кој Наумова (во коавторство) го изложила трудот насловен како „Посттрауматски стресни реакции кај внатрешно раселени лица" .

Наумова во документацијата приложува и апстракт за трудот во коавторство насловен „Рехабилитациона групна терапија на пациентките со рак на дојката", кој е презентиран на 12. Светски конгрес по психијатрија одржан во август 2002 во Јокохама, Јапонија.

Во приложените трудови и апстракти видливо е дека Наумова покажува научноистражувачки способноси во научните области клиничка психологија и психологија на советување, и тоа како при изборот на релевантни проблеми, така и во примената на коректни

истражувачки постапки и обработка и толкување на податоците. Овие способности особено доаѓаат до израз во нејзиниот магистерски труд под наслов *Трауматските искуства, менталното здравје и квалитетот на живот кај лицата кои доживеале воени стресови*. Станува збор за прво истражување со цел да се идентификуваат доживеаните трауматски стресови кај лицата кои беа директно изложени на стресови поврзани со воениот конфликт во 2001 година во Македонија, како и да се утврдат долготрајните последици од доживеаните трауми врз менталното здравје и квалитетот на животот. Според наодите од ова истражување, зголемената изложеност на трауматски настани за време на воениот конфликт во Република Македонија во 2001 година кај голем дел од испитаниците е проследена со долготрајни негативни последици врз нивното ментално здравје. Постојаното соочување со секојдневни егзистенцијални проблеми придонело до усложнување на процесот на закрепнување и до нарушување на квалитетот на живот. Високата стапка на присуство на посттрауматско стресно растројство и на други психопатолошки симптоми сугерира потреба од структурирана психолошка помош за голем дел од општата популација што била зафатена од конфликтот.

## 3. Учество во научноистражувачки проекти

Почнувајќи од 1999 година (како студент) до денес, м-р Катерина Наумова има стекнато богато истражувачко искуство. Најнапред таа беше вклучена во истражувањата при Центарот за психосоцијална и кризна акција кој работеше во рамките на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во рамките на овој Центар учествувала во изготвување и целосно спроведување на два истражувачки проекта за подобрување на менталното здравје во училиштата. Работела и во други проекти, и тоа во фаза на изготвување на проектите, при теренска работа за собирање на податоци, при статистичка обработка и анализа на податоци и при пишување извештаи. Била и проценувач на програми, како и член и координатор на истражувачки тимови.

М-р Катерина Наумова во текот на 2002/03 година учествувала во меѓународниот проект CLIPSEE (Клиничка психологија на универзитетите во југо-источна Европа – мрежа за развој на капацитетите). Преку овој проект се подобри комуникацијата меѓу институтите за психологија во регионот и се овозможи размена на искуства и на материјали во научната област клиничка психологија. Така се збогати квалитетот на студиите по предметот клиничка психологија.

Од 2004 до 2008 беше асистент-истражувач на проектот од Европската унија, насловен CONNECT (Компоненти, организација, трошоци и исходи од здравствената заштита и социјалните интервенции за лицата кои доживеале посттрауматски стрес како последица на војните и конфликтите на Балканот). Станува збор за меѓународен проект од Европската комисија (INCO-CT-2004-509175), за процена на посттрауматски стрес, ментално здравје и квалитет на живот по доживеани воени стресови.

## 4. Учество на конгреси, семинари и работилници

Уште како студент и по вработувањето, Наумова учествувала на поголем број меѓународни семинари и работилници и имала обуки за кризни ситуации и справување со трауматски искуства, разрешување конфликти, теорија на атрибуција, подобрување на менталното здравје во училиштата, развој на вештини за комуникација, за антисуицидален договор во психотерапија на суицидални адолесценти, контакт и дијалог во психотерапијата, развој на критичко мислење, развој на емоционална писменост, за трансакциона и когнитивно-бихејвиорална психотерапија и за тренери за психотраума.

Наумова во 2012 била член на работна група од Институтот за психологија што ја презентирала *Програмата за советување родители на ученици во основни и во средни училишта* на соработниците во стручните служби од сите основни и средни училишта во Република Македонија, а во организација на Министерството за образование и наука.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на разгледаната документација од пријавата на конкурсот, Комисијата изготви реферат за м-р Катерина Наумова од кој се гледа дека таа има стручно-научни печатени трудови и изложувани трудови на меѓународни собири, има докажани способности за научно-истражувачка работа преку учество во научни проекти и е со признато од студентите и од колегите педагошко искуство.

Комисијата со задоволство предлага м-р Катерина Наумова да биде избрана за асистент за научните области: клиничка психологија и психологија на советување.

28. 2. 2012 Рецензентска комисија

Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, с.р.

Проф. д-р Благоја Јанаков, с.р.

Проф. д-р Виолета Петроска-Бешка, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **1) М-р Наташа Срезоска** | **Родовата еднаквост во полицијата на Република Македонија: помеѓу социјалните и функционалните императиви** | 1.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>2.Проф. д-р Оливер Бакрески<br>3.Проф. д-р Слободанка Марковска |
| **2) М-р Луан Јонузи** | **Специфичноста на менаџирањето со човечки ресурси на полицијата во Република Македонија** | 1.Проф. д-р Оливер Бакрески<br>2.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>3.Проф. д-р Ванчо Кенков |
| **3) М-р Даниела Ѓорѓиева** | **Јован Скилица како извор за Самоиловата држава** | 1.Проф. д-р Александар Атанасовски<br>2.Проф. д-р Бобан Петровски<br>3.Доц. д-р Тони Филиповски |
| **4) М-р Абдилкерим Исени** | **Онтолошките и гносеолошките идеи на мутезилитската школа во исламската филозофија** | 1.Проф. д-р Вера Георгиева<br>2.Проф. д-р Љубомир Цуцуловски<br>3.Доц. д-р Ристо Солунчев |
| **5) М-р Јасмина Трошанска** | **Проблеми во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам** | 1.Проф. д-р Владимир Трајковски<br>2.Проф. д-р Ристо Петров<br>3.Проф. д-р Николина Кениг |
| **6) М-р Калина Сотироска** | **Перципирање на квалитетот на односот помеѓу лидерот и следбеникот кај вработени со различни стилови на следбеништво** | 1.Проф. д-р Елисавета Сарџоска<br>2.Проф. д-р Михајло Поповски<br>3.Проф. д-р Николина Кениг |
| **7)М-р Гарип Картал** | **Стратегии и техники за градење на позитивна дисциплина во основното образование** | 1. Проф. д-р Снежана Адамческа<br>2.Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ<br>3.Проф. д-р Анета Баракоска |
| **8)М-р Валерија Анастасова** | **Развојни компоненти за обезбедување квалитетно образование во основните училишта** | 1.Проф. д-р Зоран Велковски<br>2.Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова<br>3.Проф. д-р Вера Стојановска |
| **9)М-р Даниела Коцева** | **Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонскиот контекст** | 1.Проф. д-р Марија Ташева<br>2.Проф. д-р Зоран Матевски<br>3.Проф. д-р Константин Миноски |
| **10)М-р Кочан Исмет** | **Андартскиот терор во Македонија низ османлиските извори (1904-1908)** | 1.Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев<br>2.Проф. д-р Кочо Сидовски<br>3.Проф. д-р Далибор Јовановски |
| **11)М-р Горица Поповска** | **Етичките основи на наставата** | 1.Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова<br>2.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>3.Проф. д-р Анета Баракоска |
| **12)М-р Борјан Ѓорѓиев** | **Менаџментот на знаење како фактор за развој на човечките ресурси во економија базирана на** | 1.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>2.Проф. д-р Зоран Велковски<br>3.Проф. д-р Наташа Ангелоска |

| | | |
|---|---|---|
| | знаење | Галевска |
| 13)М-р Перо Јосифовски | Монетите и нивната циркулација на територијата на Р.Македонија во римскиот републикански период | 1.Акад. д-р Вера Битракова Грозданова<br>2.Проф. д-р Виктор Лилчиќ<br>3.Доц. д-р Марјан Јованов |
| 14)М-р Благоја Гешовски | Антропометриски карактеристики кај децата од основните училишта | 1.Проф. д-р Ристо Петров<br>2.Доц. д-р Наташа Чичевска Јованова<br>3.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| 15)М-р Катерина Митевска Петрушева | Иницијалното образование на наставниците во функција на воспитната работа во училиштето | 1.Проф. д-р Анета Баракоска<br>2.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>3.Проф. д-р Вера Стојановска |
| 16)М-р Александра Папазовска Санев | Рано железно време во Р.Македонија | 1.Проф. д-р Драги Митревски<br>2.Проф. д-р Елица Манева<br>3.Доц. д-р Марјан Јованов |
| 17)М-р Љиљана Шаламанов Коробар | Палеолитот во Р.Македонија на Централниот Балкан | 1.Проф. д-р Драги Митревски<br>2.Проф. д-р Елица Манева<br>3.Доц. д-р Марјан Јованов |
| 18)М-р Мартин Поповски | Структурата и епистемолошката вредност на научното познание во современата филозофија на науката | 1.Проф. д-р Мирко Ѓошевски<br>2.Проф. д-р Виолета Панзова<br>3.Проф. д-р Ана Димишковска |
| 19)М-р Дуња Иванова | Рецепцијата на музичкото дело во естетичките теории на дваесеттиот век | 1.Проф. д-р Иван Џепароски<br>2.Проф. д-р Денко Скаловски<br>3.Доц. д-р Ристо Солунчев |
| 20)М-р Маја Тимовска | Планирање и реализација на мерки и активности за заштита и спасување во основното училиште | 1.Проф. д-р Вера Стојановска<br>2.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>3.Проф. д-р Анета Баракоска |
| 21)М-р Горан Стојанов | Линеарните теории во филозофијата на историјата | 1.Проф. д-р Иван Џепароски<br>2.Проф. д-р Љубомир Цуцуловски<br>3.Проф. д-р Денко Скаловски |
| 22)М-р Сузи Тенева | Гадамеровата херменевтика во естетиката на 20 век | 1.Проф. д-р Иван Џепароски<br>2.Проф. д-р Денко Скаловски<br>3.Доц. д-р Ристо Солунчев |
| 23)М-р Соња Стефановиќ | Улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија | 1.Проф. д-р Оливер Бакрески<br>2.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>3.Доц. д-р Рина Киркова |
| 24)М-р Ромео Дробаров | Развојот на политиката и ефикасноста на Европол во соработката со земјите членки на ЕУ и Република Македонија при превенција и справување со организираниот криминал | 1.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Проф. д-р Билјана Ванковска |
| 25)М-р Дејан Трајков | Развој на односите на ООН, НАТО и ЕУ во креирањето и употребата на механизмот за кризен менаџмент и нивното влијание врз Република Македонија | 1.Проф. д-р Марина Митревска<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Проф. д-р Митко Котовчевски |
| 26)М-р Дарко Здравески | Стратегија за внатрешна безбедност на ЕУ и соработката со | 1.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>2.Проф. д-р Весна Димитриевска |

| | | |
|---|---|---|
| | **Р.Македонија во справувањето со трговија со луѓе за трудова експлоатација** | 3.Проф. д-р Аница Драговиќ |
| **27)М-р Ѓорѓе Тодоров** | **Системски и функционални пристапи во воспитно образовниот третман на осудени лица кои издржуваат казна затвор** | 1.Проф. д-р Зоран Велковски<br>2.Проф. д-р Снежана Адамческа<br>3.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| **28)М-р Љупчо Тошев** | **Андрагошки аспекти на руралниот развој** | 1.Проф. д-р Зоран Велковски<br>2.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>3.Проф. д-р Трајан Гоцевски |
| **29)М-р Лидија Размоска** | **Концептот на образовна инклузија во основните училишта-менаџирање на макро и микро ниво** | 1.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>2.Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ<br>3.Проф. д-р Сузана Миовска Спасева |
| **30)М-р Емилија Симоновска Јаначковска** | **Повеќе генерациска репродукција на култура на сиромаштија кај корисници на социјална парична помош** | 1.Проф. д-р Мариа Доневска<br>2.Проф. д-р Јован Пејковски<br>3.Проф. д-р Маја Геровска Митев |
| **31)М-р Амел Куртиши** | **Социолошки аспекти на (де)секуларизацијата во македонското општество** | 1.Проф. д-р Зоран Матевски<br>2.Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски<br>3.Проф. д-р Аница Драговиќ |
| **32)М-р Ѕала Бојковска** | **Дисфункционалноста на семејството причина за појава на пореметено однесување кај адолесцентите** | 1.Доц. д-р Иван Трајков<br>2.Проф. д-р Сузана Борнарова<br>3.Доц. д-р Светлана Трбојевиќ |
| **33)М-р Златко Кузманов** | **Обука и усовршување на воениот и цивилниот персонал во системот за одбрана на Р.Македонија** | 1.Проф. д-р Зоран Нацев<br>2.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>3.Проф. д-р Ванчо Кенков |
| **34)М-р Назиф Џафери** | **Европската унија и САД: влијанието на мултикултурализмот врз соработката и справувањетосо заканите за мирот и безбедноста по 11 септември** | 1.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>2.Проф. д-р Зоран Матевски<br>3.Проф. д-р Билјана Ванковска |
| **35)М-р Кристина Богевска Малинка** | **Европската соседска политика и источното партнерство: можности и ограничувања за европеизација на соседството** | 1.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>2.Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски<br>3.Проф. д-р Зоран Матевски |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОРКЕСТАРСКО ДИРИГИРАЊЕ, ОРКЕСТАР, СВИРЕЊЕ ОРКЕСТАРСКИ ПАРТИТУРИ И ОПЕРСКО СТУДИО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ, БЕЗ ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на својата седница одржана на 28.12.2011 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. Фимчо Муратовски, проф. Живојин Глишиќ и проф. м-р Саша Николовски. На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставните предмети оркестарско диригирање, оркестар, свирење оркестарски партитури и оперско студио на Факултетот за музичка уметност-Скопје, без засновање работен однос, објавен во дневните весници „Дневник" и „Koha" на 23.12.2011 година, се пријави единствено кандидатот вонр. проф. м-р Борјан Цанев.

Врз основа на доставените материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Борјан Цанев (1973) дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје кај проф. Фимчо Муратовски, а магистрирал на Државната музичка академија во Софија, Р. Бугарија, кај проф. Васил Казанџиев. Од 1999 година е редовен диригент на Македонската филхармонија, а во 2001 година специјализирал на Кралскиот музички колеџ во Лондон, В.Британија. Посетувал мајсторски курсеви и практика кај диригентите сер Сајмон Ратл, Даниеле Гати и Јанош Фурст, а подоцна му асистирал на сер Колин Дејвис во Моцартовата опера "Дон Џовани", во продукција на Кралската оперска школа. Добитник е на наградата "Аугуст Ман" за најдобар диригент на Кралскиот музички колеџ, а настапувал и со Лондонскиот симфониски оркестар во рамките на мајсторскиот курс на сер Колин Дејвис. Од 1999 година до денес, Цанев остварува бројни концерти со камерниот оркестар на Македонската филхармонија во Македонија и во странство (Рим, Париз, Истанбул, Прага, турнеја во Полска и др.). Во меѓувреме дејствува и како главен диригент на камерниот оркестар "Скопски солисти". Неговото успешно деби со Софиската

филхармонија во 2004 година му носи низа концерти со најреномираниот бугарски симфониски оркестар, а од 2006 година е назначен за редовен гостин-диригент на овој оркестар. Диригира и со ансамблот на Македонската опера и балет кадешто ја поставува премиерата на Моцартовата опера "Волшебната флејта". Покрај овие ансамбли, Цанев настапува и со други симфониски и камерни оркестри. Учествувал на голем број реномирани фестивали во земјава и во странство, соработувајќи со реномирани солисти како Дејвид Герет, Јоханес Мозер, Готје Капусон, Иља Гринголтс, Кристоф Барати, Алексеј Огринчук, Раби Абу Калил, Моника Лесковар, Гзавие Филипс, Кристиан Фрон, Питер Лукаш-Граф, Бранимир Слокар, Серџо Тиемпо, Благој Нацоски, Ана Дурловски, Ана и Олег Кондартенко и др.

Борјан Цанев има остварено гостувања во Англија, Италија, Франција, Хрватска, Србија, Бугарија, Турција, Чешка, Полска, а воедно има направено и трајни снимки за Македонската радио-телевизија, Бугарското национално радио и "F.A.M.E'S - Macedonia".

Борјан Цанев е вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во 2010, Сојузот на композиторите на Македонија му ја доделува наградата "Георги Божиков" за најдобра изведба на дела од македонски автори за 2009 година.

## Наставно-образовна дејност

Во периодот од 2007 до 2012 година, вонр. проф. м-р Борјан Цанев активно им го пренесува своето знаење и искуство на студентите од одделите за диригирање, композиција, музикологија и музичка теорија и педагогија, по предметите свирење оркестарски партитури (2007-2012), свирење хорски партитури (2007-2010), оркестрација (во учебната 2007/2008 година) и оркестарско диригирање - главен предмет (во учебната 2011/2012 година.). Истовремено тој е дел од сите комисии на Одделот за диригирање.

## Стручно-уметничка дејност

Концертната активност на вонр. проф. м-р Борјан Цанев во периодот 2007-2012 година е навистина исклучителна. Тој, како диригент на Македонската филхармонија, секоја сезона одржува голем број на концерти со својот матичен оркестар. Забележителна е и неговата активност со Камерниот оркестар на Македонската филхармонија во и надвор од Македонија - концерт во Прага, Чешка, турнеја во Полска, концерт во Каен, Франција и др. Во исто време активно настапува и надвор од Македонија со други симфониски и камерни оркестри, што дополнително го збогатува неговото искуство, презентирајќи ја Македонија и македонските композитори надвор од нашите граници. Од странските оркестри со

кои настапува би ги издвоиле: Софиската филхармонија (од 2006 г. е нејзин редовен гостин-диригент), Црногорскиот симфониски оркестар, „Симфониета“ - Софија, Хрватскиот камерен оркестар, Задарскиот камерен оркестар и др. Во исто време со овие ансамбли настапува и на реномирани фестивали како: Охридско лето, Скопско лето, Денови на македонската музика, Варненско лето, Задарски летни вечери, Риечки летни ноќи и др. Многу од солистите со кои настапува во овој период, се едни од најбараните во светот, на пр: Дејвид Герет, Јоханес Мозер, Готје Капусон, Иља Гринголтс, Кристоф Барати, Алексеј Огринчук и др. Концертира и со скоро сите позначајни македонски солисти во земјава и во странство. Репертоарот кој вонр .проф. м-р Борјан Цанев со сите овие ансамбли го има остварено е огромен и вклучува голем број капитални симфониски и камерни дела од светската и домашната литература, меѓу кои многу светски премиери и први изведби во Македонија. Од нив би издвоиле неколку: А.Брукнер-Симфонија бр.7 (прва изведба во Македонија), Р.Штраус - Смрт и преобразба, Г.Холст - Планетите, Б.Бритн - Четири морски интерлудии од операта “Питер Грајмс“ (прва изведба во Македонија), Б.Барток - Концерт за оркестар (прва изведба во Македонија), В.Лутославски - Симфонија бр.3 (прва изведба во Македонија), М. Равел - Дафне и Клое, суита бр.2, С.Прокофјев - Симфонија кончертанте (прва изведба во Македонија),Б.Барток - Концерт за виола и оркестар (прва изведба во Македонија), В.Лутославски - Концерт за виолончело и оркестар (прва изведба во Македонија), Г.Форе - Реквием, В.А.Моцарт - Волшебната флејта (изведена комплетно во МОБ после 55 години) и др. Тој дава особен придонес во изведба на македонските автори. Од нив би издвоиле само неколку: П.Шахов - Прелудиум 2 (светска премиера) и Con Forza (светска премиера); Г.Коларовски - Концерт за оркестар; Т.Манчев - Егзодус 2001; С.Петровски - Зодијак; (светска премиера); А.Пејовски - Оо Паа И Ха (светска премиера); М.Трандафиловски - Концерт за виолина и гудачи (прва изведба во Македонија); Д.Бужаровски - Техносимф и др.

## Стручно-апликативна дејност

Вонр. проф. м-р Борјан Цанев, покрај ангажманите на концертниот подиум и педагошката дејност, забележителна е и неговата општествена активност од областа на културата. Имено, покрај учеството во комисиите врзани со Факултетот за музичка уметност, тој е активен и како член на одборите за доделување на државните награди „11 Октомври “ и „Св. Климент Охридски“. Во два мандата е член на Управниот одбор на Македонската филхармонија. Исто така, активен е и како потпретседател на Советот за култура при Министерството за култура на Република Македонија. Во 2010, Сојузот на композиторите на Македонија му ја доделува наградата „Георги Божиков“ за најдобра изведба на дело од македонски автор.

**Заклучок**

Врз основа на поднесениот материјал и личното познавање на кандидатот, како и на неговата педагошка и пред сѐ музичко-исполнителска дејност, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на ФМУ да го избере м-р Борјан Цанев за наставник по наставните предмети оркестарско диригирање, оркестар, свирење оркестарски партитури и оперско студио, во звањето редовен професор, без засновање работен однос.

**Рецензентска комисија**

Проф. Фимчо Муратовски с.р.

Проф. Живојин Глишиќ с.р.

Проф. м-р Саша Николовски с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Вонр. проф. м-р Борјан Цанев
**Институција:** Факултет за музичка уметност - Скопје
**Научна област:** диригирање

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус студии | |
| | Учебна година: 2006/2007 - втор семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури.<br>вкупен број на часови неделно: 11 | 6,6 |
| | Учебна година: 2007/2008 - прв семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури;<br>- оркестрација.<br>вкупен број на часови неделно: 8 | 4,8 |
| | Учебна година: 2007/2008 - втор семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури;<br>- оркестрација.<br>вкупен број на часови неделно: 8 | 4,8 |
| | Учебна година: 2008/2009 - прв семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури.<br>вкупен број на часови неделно: 8 | 4,8 |
| | Учебна година: 2008/2009 - втор семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури.<br>вкупен број на часови неделно: 8 | 4,8 |
| | Учебна година: 2009/20010 - прв семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури.<br>вкупен број на часови неделно: 5 | 3 |
| | Учебна година: 2009/20010 - втор семестар<br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>- свирење хорски партитури.<br>вкупен број на часови неделно: 8 | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | <u>Учебна година: 2010/2011 - прв семестар</u><br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>вкупен број на часови неделно: 6 | 3,6 |
| | <u>Учебна година: 2010/2011 - втор семестар</u><br>предмети: - свирење оркестарски партитури;<br>вкупен број на часови неделно: 6 | 3,6 |
| | <u>Учебна година: 2011/2012 - прв семестар</u><br>предмети: - оркестарско диригирање;<br>- свирење оркестарски партитури;<br>вкупен број на часови неделно: 11 | 6,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 47,4 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Диригирање со симфониски, оперски и балетски оркестар (целовечерен концерт)** | |
| | 25.1.2007/Македонска филхармонија, Скопје | 8 |
| | сол: Јовчо Крушев, пијано | |
| | 8.2.2007/Софиска филхармонија, Софија-Р.Бугарија | 8 |
| | сол: Кристијан Фрон, виола | |
| | 8.3.2007/Македонска филхармонија, Скопје | 8 |
| | сол: Марија Ѓошевска, пијано | |
| | 26.4.2007/Македонска филхармонија, Скопје | 8 |
| | сол: Јанош Балинт, флејта | |
| | 7.6.2007/Македонска филхармонија,Скопје | 8 |
| | сол. Ана Гацева | |
| | 21.6.2007/Македонска филхармонија (Скопско лето) | 8 |
| | солисти на Македонската филхармонија | |
| | 29.6.2007/Софиска филхармонија, Варна-Р.Бугарија | 8 |
| | сол: Ангелина Абаџиева, виолина (Варненско лето) | |
| | 4.8.2007/Македонска филхармонија, Охрид (Охридско лето) | 8 |
| | сол: Ана и Игор Дурловски, Благој Нацоски | |
| | 4.10.2007/Македонска филхармонија и хор на МКЦ , Скопје | 8 |
| | 22.11.2007/Македонска филхармонија, Скопје (63г. МФ) | 8 |
| | 13.12.2007/Софиска филхармонија, Софија-Р.Бугарија | 8 |
| | 29.12.2007/Македонска филхармонија, Скопје (гала-концерт) | 8 |
| | сол: Ана Дурловски, сопран | |
| | 27.3.2008/Македонска филхармонија, Скопје (ДММ) | |
| | 17.4.2008/Македонска филхармонија,Скопје | 8 |
| | сол: Дејвид Герет, виолина | 8 |
| | 19.4.2008/Македонска филхармонија, Нови Сад- Р.Србија | |
| | сол: Дејвид Герет, виолина (НОМУС) | 8 |
| | 12.6.2008/Македонска филхармонија, Скопје (А сега уметност) | |
| | 26.6.2008/Македонска филхармонија, Скопје (Скопско лето) | 8 |
| | 17.10.2008/Македонска филхармонија, Скопје (СЦФ) | 8 |
| | сол: Раби Абу Калил, уд | 8 |
| | 6.11.2008/Македонска филхармонија, Скопје | |
| | сол: Ана Кондратенко, виолина | 8 |
| | 27.11.2008/Софиска филхармонија, Софија-Р.Бугарија | |
| | сол: Георги Спасов, Кремена Ачева - флејти | 8 |
| | 18.12.2008/Македонска филхармонија, Скопје | |

| | | |
|---|---|---|
| | сол.Иља Гринголц, виолина | 8 |
| | 19.2.2009/Македонска филхармонија, Скопје | |
| | сол.Антонио Јанковиќ, тромбон | 8 |
| | 19.3.2009/Македонска филхармонија, Скопје (ДММ) | |
| | 30.7.2009/Македонска филхармонија, Охрид (Охридско лето) | 8 |
| | сол: Ратимир Мартиновиќ, пијано | 8 |
| | Серио Тиемпо, пијано | |
| | 12.11.2009/Македонска филхармонија, Скопје | |
| | сол: Кристијан Фрон, виола | 8 |
| | 24.12.2009/ Македонска филхармонија, Скопје (гала-концерт) | |
| | 25.2.2010/ Македонска филхармонија, Скопје | 8 |
| | сол: Јоханес Мозер, виолончело | 8 |
| | 1.4.2010/ Македонска филхармонија и | |
| | Нов Лондонски камерен хор, Скопје | 8 |
| | 17.6.2010/ Македонска филхармонија, Скопје (А сега уметност) | |
| | 28.10.2010/ Македонска филхармонија, Скопје | 8 |
| | сол: Марија Ѓошевска, пијано | 8 |
| | 25.11.2010/ Македонска филхармонија, Скопје (66г. МФ) | |
| | 27.12.2010/ Македонска филхармонија, Скопје (гала-концерт) | 8 |
| | 27.1.2011/ Македонска филхармонија, Скопје | 8 |
| | сол: Стјепан Хаузер, виолончело | 8 |
| | 16.2.2011/Црногорски симфониски оркестар, Подгорица-Ц.Гора | |
| | сол: Љубиша Јовановиќ, флејта | 8 |
| | 31.3.2011/ Македонска филхармонија, Скопје | |
| | сол: Тине Тинг Хелсет, труба | 8 |
| | 13.10.2011/ Македонска филхармонија, Скопје | |
| | сол: Кристоф Барати, виолина | 8 |
| | 1.12.2011/ Македонска филхармонија, Скопје | |
| | сол: Алексеј Огринчук, обоа | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Диригирање со камерен оркестар (целовечерен концерт)**<br>5.5.2008/Камерен оркестар на МФ, Скопје<br>сол. Михајло и Момчило Куфојанакис, виолини<br>12.3.2009/Камерен оркестар на МФ, Скопје<br>сол: Паскал Краповски, виолончело<br>18.5.2009/Камерен на оркестар МФ, Прага-Р.Чешка<br>25.5.2009/Задарски камерен оркестар, Задар-Р.Хрватска<br>Сол. Моника Лесковар, виолончело<br>4.7.2009/Камерен на оркестар МФ, Илава-Р.Полска<br>5.7.2009/Камерен на оркестар МФ, Елк-Р.Полска (реприза)<br>6.7.2009/Камерен на оркестар МФ, Олштин-Р.Полска (реприза)<br>28.4.2010/Камерен оркестар на МФ, Каен- Франција<br>2.7.2010/Хрватски камерен оркестар, Риека-Р.Хрватска<br>сол: Марко Грацијани, виолина<br>Стјепан Хаузер, виолончело | 4<br><br>4<br><br>4<br>4<br><br>4<br>0,8<br>0,8<br>4<br>4 |
| | **Вкупно** | 325,6 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>• член на комисија при Министерството за култура на РМ - манифестација "Град на културата 2007";<br>• 2007-2011, член на Управниот одбор на Македонската филхармонија;<br>• 2008-2012, потпретседател на Советот за култура при Министерeството за култура на РМ;<br>• 2008-2009, член на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври";<br>• 2010-2011, член на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски";<br>• 2011-2015, член на Управниот одбор на Македонската филхармонија. | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 2. | Награда за научни постигнувања од струкова организација<br>• 2010/ СОКОМ - награда "Георги Божиков" за најдобра изведба на дела од македонски автори за 2009 година. | 3 |
| | **Вкупно** | 9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 47,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | ----- |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 325,6 |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 9 |
| **Вкупно** | **382** |

**Рецензентска комисија**

Проф. Фимчо Муратовски с.р

Проф. Живојин Глишиќ с.р.

Проф. м-р Саша Николовски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ДОКАЗНАТА ВРЕДНОСТ НА КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ВЕШТАЧЕЊА“ ОД М-Р ЕМИЛИО ФРИШЧИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, на седницата одржана на 24.2.2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Емилио Фришчиќ под наслов **Фактори кои влијаат врз доказната вредност на криминалистичките вештачења,** во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Гордана Бужаровска, проф. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Слнчомил Велјанов и доц. д-р Лазар Нанев. Комисијата ја прочита и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I.

## Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатот м-р Емилио Фришчиќ е труд сочинет од шест дела, во кои се применети правно-догматскиот, историскиот и компаративниот метод, како и анализа на законски решенија и решенија од судската практика.

Првиот дел, **Теоретско методолошки пристап кон темата,** почнува со дефинирање на појдовните основи на истражувањето и научната оправданост на трудот (казненопроцесна, криминалистичка, институционална и превентивна), предметот на истражување – криминалистичките вештачења и целта на истражувањето, која се состои во откривање, разјаснување и спречување на криминалитетот по пат на примена на

научни и технички достигнувања, односно ориентацијата кон примена на научни методи во борба против криминалитетот. Во овој дел, дефинирана е прецизна методолошка рамка на истражувањето, покрај општата, утврдена е и посебната цел на истражувањето, поставена е хипотеза, формирани се статистички единици (судски списи), а определен е и начинот на собирање на податоци, нивната обработка и анализа. Првиот дел завршува со објаснување на општите и посебните методи кои ќе бидат употребени за реализација на предметните цели во ова истражување.

Во вториот дел, **Вештачењето како кривично процесен институт,** кандидатот го анализира историскиот развој на вештачењето, поимот на вештачење, доказот, доказното средство и доказниот извор, правната природа на вештачењата и нивната класификација, вештачењето во новиот Закон за кривична постапка, кривично процесните принципи на вештачењето, субјектите, предметот и објектот на вештачењето, наодот и мислењето на вештакот, процесниот ред во изведувањето на вештачењата и основните теоретски и практични проблеми на вештачењата во кривичната постапка и оцената на наодот и мислењето на вештакот. Вториот дел завршува со објаснувањето на етичките принципи на вештачењата како што се објективноста, совесноста, чесноста, стручноста, независноста и чувањето на тајна, кои истовремено се и процесни принципи.

Посебно внимание во третата глава, со наслов **Местото и улогата на криминалистичките вештачења во докажувањето на кривичните дела и кривичната одговорност,** е посветено на системот и начелата на организација на криминалистичките вештачења во нашата Република, нивните цели, видови и задачи, школувањето на криминалистичките вештаци и систематското унапредување на методите на криминалистичките вештачења, согледувањата на одредени процесуални прашања во применување на доказот од областа на криминалистичките вештачења, изборот на криминалистичкиот вештак, раководењето со вештачењето, формата и содржината на криминалистичките вештачења, тимските комплексни вештачења и критичката оцена на доказот со вештачење.

За целосна опфатеност на проблематиката, кандидатот во четвртиот дел, **Фактори кои влијаат врз доказната вредност на криминалистичките вештачења,** ги анализира постојните фактори кои влијаат врз доказната вредност на

криминалистичките вештачења почнувајќи со увидот, опремата за вршење на увид, документирањето (фиксирањето) на место на настанот, техниките на собирање (обезбедување) на траги, ракувањето, чувањето, на физичкиот интегритет на трагите (доказниот материјал) и контролираниот пристап до него во лабораториски услови, изборот на методата и нејзините задачи во постапката на криминалистичките вештачења, комуникациски вештини (способности) на криминалистичкиот вештак, завршувајќи со обезбедувањето на систем на квалитет и акредитација на криминалистичките лаборатории.

Петтиот дел, **Доказната вредност на криминалистичките вештачења**, содржи истражување на судски списи, спроведено во Основен суд Скопје I, Скопје, за временскиот период од 2005 до 2011 година, а кое истражување се состои од три дела. Првиот дел од истражувањето се однесува на добивање сознанија за стадиумите на кривичната постапка, во кои се преземаат криминалистичките вештачења, во Република Македонија. Вториот дел од истражувањето се однесува на утврдување на типот на применетото вештачење, видот на вклучената криминалистичка лабораторија и видот на кривичното дело, за кривични предмети за кои Основен суд Скопје I Скопје, доставил покани, до криминалистичките вештаци од Одделот за криминалистичка техника при МВР на РМ, за учество на главен претрес. Последниот, односно третиот дел од истражувањето се однесува на (не)прифатливоста на криминалистичките вештачења како доказно средство, од страна на Основен суд Скопје I, Скопје, како резултат на проучување на записникот од вештачење и исказот на вештакот даден на записник на главниот претрес при неговото сослушување, и видот на донесената пресуда.

Во шестиот дел, кандидатот опсежно ги презентира **заклучоците и предлозите** до кои дошол при неговата подготовка и изработка.

# II.
## Оцена на трудот

1. Докторската дисертација на кандидатот **м-р Емилио Фришчиќ** претставува самостоен труд на авторот, кој обработува една мошне значајна тема од областа на казненото процесно право и криминалистиката и има особен научен придонес. Предмет на истражување на докторската дисертација претставува анализа и проучување на вештачењето како казненопроцесен институт, а кандидатот посебно се задржува на местото и улогата на криминалистичките вештачења во докажувањето на кривичните дела и кривичната одговорност, како и на факторите кои влијаат врз доказната вредност на криминалистичките вештачења. Трудот е од една страна, теоретски, во таа смисла што кандидатот гради рамка за успешен теоретско - методолошки пристап кон темата и ги дефинира најважните прашања и поими од оваа област, а од друга страна, тој е и емпириски бидејќи обезбедува подобро разбирање за тоа како ова прашање се третира во практиката преку спроведените истражувања и анализи за доказната вредност на криминалистичките вештачења. Во објаснувањето на општите и научно – теоретски проблеми, авторот се користи со богата домашна и странска литература со што на читателот му овозможува да дојде до значајни информации.

Докторската дисертација на м-р Емилио Фришчиќ претставува збогатување на нашата литература, имајќи предвид дека изработката на трудот се карактеризира со јасност и систематичност во претставувањето на проблемите и ставовите, предлозите и заклучоците. Трудот е пишуван со стил што е читлив и разбирлив, со јасна мисла, достапен и за обичниот читател.

2. Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Емилио Фришчиќ заклучува дека таа одговара на основните методолошки барања за подготовка на докторски труд и дека со анализата на предметот на истражувањето и заклучните согледувања и предлози, таа претставува издржан и сериозен научен труд, кој е придонес кон развивањето на криминалистиката и казненото процесно право во сфера која досега кај нас не е постудиозно истражувана.

Врз основа на изложената оцена, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на м-р Емилио Фришчиќ, му предлага на Наставно – научниот совет на

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Емилио Фрищчиќ под наслов **Фактори кои влијаат врз доказната вредност на криминалистичките вештачења.**

Скопје, 1.3.2012

**Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација**

1. **Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.**

______________________

2. **Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.**

______________________

3. **Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.**

______________________

4. **Проф. д-р Слнчомил Велјанов с.р.**

______________________

5. **Доц. д-р Лазар Нанев с.р.**

______________________

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-68/1 на Советот на ИНИ бевме избрани за членови во Комисија за предвремен избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор на доц. д-р Наташа Котлар – Трајкова, во состав: проф. д-р Марија Пандевска, проф. д-р Катерина Тодороска и проф. д-р Вера Гошева. По прегледувањето на сите доставени материјали, кон пријавата на конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински весник" на 28.1.2012 година за избор во звање виш научен соработник/вонреден професор, до Советот на ИНИ го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Научниот соработник доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова својата научноистражувачка дејност ја остварува во Институтот за национална историја кадешто во 1993 година (по завршувањето на студиите на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при УКИМ) се вработила како помлад асистент. По завршените магистерски студии, магистерската теза со наслов: *Односот на Бугарското Кнежевство кон македонското националноослободително движење (1878-1895)* ја има одбрането на Институтот за историја (2000 г.), додека со академскиот степен доктор на историски науки се стекнала во Институтот за национална историја по успешно одбранетата докторска дисертација (2009 г.) со наслов: *Животниот пат и дело на Никола Петров Чукарски - Русински (1875-1943)*. Нејзиниот научноистражувачки интерес претставува еден широк дијапазон на историографски аспекти кои го опфаќаат скоро целиот македонски 19 век. Во фокусот на нејзиниот научноистражувачки интерес може да се забележи дека македонско-бугарските односи во овој историски период сепак преовладуваат. Следењето на фазите на развојот на македонскиот идентитет во периодот на скоро цел еден век исто така претставува карактеристика на нејзината научноистражувачка работа. Па така, со магистреската теза, доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова ги има истражувачки зафатено македонско-бугарските односи во две круцијални децении - балканските историски настани од крајот на Големата источна криза (1875-1881) до првата развојна фаза на Македонската револуционерна организација (1893-1908). Од друга страна, нејзината докторска дисертација во целост ја има посветено на револуционерниот период на македонското ослободително движење. Оттука и монографскиот труд *Војводата Русински - македонски револуционер и општественик*, иако припаѓа на биографските историски теми, во својата суштина одблиску ги разгледува фазите Б и В (според теоријата на Мирослав Хрох) во развојот на македонското националноослободително движење. Имено, овој монографски труд на доц. на д-р Наташа Котлар - Трајкова претставува сеопфатен историјат на една човечка судбина која ја следи и историјата на националното формирање на македонската нација од крајот на 19 и првата половина на минатиот век, со сите Сцили и Харибди кои биле поставени на тој пат. Никола Петров Русински е исклучително проминентна фигура во тој процес и преку неговата дејност, а многу повеќе и преку неговите автентични размисли, доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова вешто успеала да го претстави централниот лик на книгата во сета негова величина на македонски револуционер и општественик од времето на националноослободителните борби на македонскиот народ. Умешноста на авторката се гледа и преку лесниот наративен стил во раскажувањето, при што таа сепак успева да му одолее на стилот на раскажувачот - Никола Петров Русински и во вака поставената

нарација да вметне проницливи анализи на определените состојби и појави на македонската општествена сцена во односниот период. Во делови од трудот доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова врши и компаративни анализи на изворното градиво и дел од актуелните теории за формирањето на нациите. Монографскиот труд најмногу е базиран врз изворна граѓа и необјавена и објавена, што ја зацврстува тежината на историската нарација. Оваа книга претставува заокружена наративна и аналитичка целина на биографијата на еден од истакнатите македонски национални дејци кој во својот долг животен век ги спојува националноослободителните борби на македонскиот народ од крајот на 19 век, па без малку до Првото заседание на АСНОМ. При изработката на книгата, доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова успешно го искористила сето свое историографско и истражувачко искуство за да го обликува текстот и научно фудирано да ја претстави животната врвица на еден импозантен лик од македонската национална галерија. За жал, и оваа, како и многу други дела на наши колеги, сè уште очекува државна поддршка за да биде објавена и да ѝ стане достапна не само на научната, туку и на пошироката јавност.

Она што паѓа в очи, од приложената документација за избор на доц. д-р Наташа Котлар – Трајкова, е исто така и нејзиниот интерес свртен кон различните аспекти на македонските идентитетски прашања, при што таа се обидува совладаната и сложена фактографија да ја разгледува низ призмата на актуелните теоретичари на нациите и национализмите. Сето ова доведува кај доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова да се изгради еден повисок стил на научно презентирање и пишување на трудовите: *Документирана биографија за Никола Петров Русински (1912 - 1934)*, ГИНИ, 53/1-2, Скопје, 2009, 23-35; *Антиегзархиската борба како афирмација на македонскиот идентитет (1878 - 1893)*, зборник, Македонскиот идентитет низ историјата, ИНИ, Скопје, 2010, 177 - 189; *Димитар Миладинов и македонско-српските културни релации*, Зборник од меѓународниот научен собир одржан во Битола, 2010, Битола, 2011, 295 - 300; *Прилог кон документираната биографија на Никола Петров Русински*, ГИНИ, г.54, бр. 1-2, Скопје, 2010, 129 – 138; *Ѓорче Петров и Врховниот македонски комитет (1895-1903)*, Зборник на трудови: Ѓорче Петров (1865 – 1921), општина Ѓорче Петров, ИНИ, Скопје, 2011, 83 - 94; *Македонското прашање во балканскиот контекст (1856 - 1875)*, „Спектар", меѓународно списание за литературна наука, Скопје, г.XXIX, кн.I, 57, Скопје, 2011, 168 - 177. Таа се појавува и како коавтор во изданието на Институтот за национална историја: *Сведоштва за македонскиот идентитет (XVIII - XX)*, ИНИ, Скопје, 2010.

Во целокупната активност на доц. д-р Наташа Котлар – Трајкова, во периодот што е предмет на оваа рецензија се истакнува нејзиното учество со реферати на мноштво научни собири во земјата: *Порече низ историјата*, 5 - 6 септември 2009 г., Самоков; *Јосиф Ковачев и неговото време*, УГД- Штип, 29 октомври 2010, Штип; *„VI меѓународна македонско-полска конференција, Историја, култура, јазик, литература, фолклор*, ИНИ-УГД, Скопје-Штип, 1-3 јуни 2011; *Меѓународниот научен собир одржан во Битола, 2010*;Научен симпозиум: *Браќата Миладиновци и времето на македонската преродба од XIX век*, НУ Музеј „Др. Никола Незлобински" – Струга, Струга, 16-17 септември, 2011 година; *Меѓународен македонистички собир - Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура* (Скопје, 7 – 8 септември 2011); Меѓународен научен собир: *Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Република Македонија и Република Србија*, Битола, 21-22 октомври, 2011; Меѓународна научна конференција: *Македонија низ вековите*, УКИМ,ФФ, ИИ, Скопје, 11 – 12 ноември, 2011; Меѓународен научен собир: *Блаже Конески – македонскиот јазик, литература и култура*, Филолошки факултет, Скопје, 15 – 16 декември, 2011; Научна трибина одржана на 1.4.2011 година во Скопје по

повод *90 години од смртта, 146 години од раѓањето на револуционерот Ѓорче Петров и 95 години од формирањето на населбата Ѓорче Петров.*

Познавањето активно на англискиот и пасивно германскиот јазик, во многушто на доц. д-р Наташа Котлар – Трајкова ѝ ги отвора вратите, како за учество на научни конгреси во странство, така и за развој на комунакациските простори со европски институции. Така, таа свои трудови презентирала на меѓународни научни собири: „*Myths of the Other in the Balkans: Representation, social practices and performances*",University of Macedonia, Department of Balkan Slavic and Oriental Studies – Thessaloniki, Greece, Via Egnatia Foundation, 24-26 February 2011 – „Perception of the Other in History Textbooks in the Republic of Macedonia",како и на: *International Symposium on History: „Turkish-Italian War (1911-1912) and Balkan Wars in the Disintegration Process of the Ottoman Empire"*, Ege University Faculty of Letters, Izmir (Turkey), 16-18 May 2011–„The Trade Exchange Of Austria-Hungary With The European Part Of Turkey During The Turkish-Italian War And The First Balkan War".

Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на полето на македонската историска наука, не само што е богата со референци, туку е и разновидна по својот состав. Нејзините динамично изразени организациски способности се препознаени и почитувани во македонската академска средина, а позитивната енергија на поттикнување прогресивни промени е евидентна во секој нејзин проект. Во текот на овој период, доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова активно учествувала и како соработник на два национални проекта и во наставната дејност на магистерските и докторските студии во Институтот за национална историја.

Од сето приложено неизоставно следува заклучокот дека доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова во овие години има израснато во научно фундиран истражувач подготвен да ги прифати сите нови предизици во развојот на историската мисла, активен иницијатор на иновативност во организационата поставеност на историјата кон општеството и затоа на Советот на Институтот за национална историја со задоволство му предлагаме да ја избере во звањето виш научен соработник/вонреден професор.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Марија Пандевска с.р.
Проф. д-р Катерина Тодороска с.р.
Проф. д-р Вера Гошева с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Наташа Иван Котлар-Трајкова

**Институција:** Институт за национална историја - Скопје

**Научна област:** историја

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)**
**НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија или научна книга | 8 |
| 2. | Дел од монографија | 4 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание | 18 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир | 3 |
| 5. | Апстракт во зборник од научна конференција | 0,5 |
| 6. | Апстракт во зборник од научна конференција во странство | 2 |
| 7. | Учесник во научен проект | 4 |
| 8. | Учество на научни собири | 20,5 |
| 9. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 2 |
| 10. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 1.2 |
| | **Вкупно (НИ+НН)** | **63,2** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на редакциски одбор | 1 |
| 2. | Член на организациониот одбор | 2 |
| 3. | Член на рецензентска комисија за избор во звање | 0.8 |
| 4. | Национален координатор на меѓународна научна конференција | 6 |
| 5. | Учество на научна или на стручна трибина | 4 |
| 6. | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| 7. | Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество | 4 |
| 8. | Членства во научни и во стручни тела | 5 |
| 9. | Предавање одржано на покана на научна институција | 2 |
| 10. | Рецензии на монографии и статии | 2 |
| 11. | Јавни настапи | 5 |
| | **Вкупно (СА+ОР)** | 32,8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | 63.2 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 32.8 |
| **Вкупно** | 96.0 |

**ПРЕГЛЕД**
**на одобрени теми за изработка на магистерски тези на Технолошко-металуршки факултет во Скопје**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Билјана Велеска Чепрагоска, дипл.инж. | „Добивање на биодизел со еднофазна реакција во присуство на ко-растворувач„ | Проф.д-р Славчо Алексовски |
| Виктор Глигоров, дипл.инж. | „ Прочистување на биодизел со адсорбенси„ | Проф.д-р Славчо Алексовски |

**ПРЕГЛЕД**
на пријавени теми за изработка на докторски дисертации,
прифатени од Наставно-научниот совет на Факултетот
за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,
на седницата одржана на 7.3.2012 година

| Кандидат | Тема | Комисија за оценка | Ментор |
|---|---|---|---|
| М-р Глигорчо Радински | Истражување на некои фактори во процесот на режење на дрвото со кружна пила<br>Research of some factores of circular saw cutting process | Проф. д-р Зоран Трпоски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје<br><br>Проф. д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје<br><br>Проф. д-р Владимир Коњозов, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје | Проф. д-р Зоран Трпоски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје |

**ПРЕГЛЕД**

на пријавени теми за изработка на магистерски труд, прифатени од Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, на седницата одржана на 7.3.2012 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Марија Илиевска, дипл. инж. | Одредување на јакоста на свиткување на крајни аголни монтажно-демонтажни состави од OSB-плочи<br>Determination the strenght of bending for corner angle montage-demontage conections, made of OSB-panels | Проф. д-р Нацко Симакоски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје |
| Ивана Антовска, дипл. инж. | Одредување на јакост на свиткување на крајни аголни монтажно-демонтажни состави од облагородени плочи од дрвни иверки во конструкција на елемент ноќна масичка<br>Determination the strenght of bending for corner angle montage-demontage conections, made of laminated particle boards for constraction furniture element night table | Проф. д-р Нацко Симакоски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ЗА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р НЕДА БАКЕВСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 76 редовна седница одржана на 18. 11. 2011 година, по предлог на Наставно-научниот колегиум, со одлука бр. 12-185/21 од 24. 11. 2011 година формира Комисија за утврдување подобност на темата на докторската дисертација **„Влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници: реконструирање на идентитетите во процесот на блогирање"** и оспособеност на кандидатката м-р Неда Бакевска за научна работа. Комисијата е во состав:

- проф. д-р Мишел Павловски
- проф. д-р Ганка Цветанова и
- проф. д-р Лорета Георгиевска Јаковлева.

Комисијата ја разгледа пријавата за изработка на докторската дисертација и доставените материјали од кандидатката м-р Неда Бакевска и врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј
за оспособеност на кандидатката м-р Неда Бакевска за научна работа

Кандидатката м-р Неда Бакевска достави до Советот на Институтот за македонска литература уредна документација за образованието и за професионалните и стручни активности. Според приложената документација јасно се гледа дека кандидатката ги исполнува предвидените услови за пријавување на докторска дисертација согласно со Законот за високото образование.
М-р Неда Бакевска е родена во Скопје, на 5 октомври 1974 година, каде што го завршила средното образование и дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на групата македонска и јужнословенска книжевност (1997) со англиски јазик и книжевност под Б и француски јазик. Во 1998 година се запишала на постдипломските студии по комуникологија на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Магистерскиот труд со наслов „Пренесувањето на значењето на културното наследство на локалитетот

Кокино преку документарните телевизиски програми" успешно го одбрани во 2011 година.
Од август 2001 до јуни 2002 година има остварено студиски престој во САД на програмата за професионален развој на новинари. Неда Бакевска од 1998 до 2000 година работела како соработник во редакцијата на Издавачкото претпријатие „Култура", каде што учествувала во подготовката и изработката на книги во различни фази, превод од англиски јазик, коректура, лектура и графички дизајн. Од март 2000 година до денес работи во Телевизија „Телма" како новинар-коментатор во Редакцијата за култура и уметност. Неда Бакевска учествувала на мониторинг на претседателските избори, организиран од Советот за радиодифузија, на теренско истражување за потребите на изработката на првата Медиумска мапа во Македонија, спроведено од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, како и на проект за истражување на издаваштвото во Македонија, финансиран од Фондацијата Отворено општество Сорос. Научниот интерес на м-р Неда Бакевска се фокусира околу прашањата за културолошките истражувања, медиумската култура, компјутерската комуникација и литературата. Од англиски на македонски јазик ги има преведено книгите „Малиот остров" од Андреа Ливи, „Гилеад" од Мерилин Робинсон, „Што е глобализација" од Улрих Бек, во издание на „Тера магика". Објавени научни трудови: *Хийерйексй*, Современост, 2010/3; *Виршуелна кулшура*, Современост, 2009/1; *Влијанието на шелевизијаша врз најмладише*, Современост, 2009/4.

## Образложение за научната оправданост на темата на докторската дисертација

### *Образложение на шемаша на докшорскаша дисершација*

Предложениот докторски труд со наслов „Влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници: реконструирање на идентитетите во процесот на блогирање", поаѓа од **тезата** дека компјутерски посредуваната комуникација (преку примери од користењето на блогот, како еден вид на таква комуникација, која егзистира во киберпросторот, и е облик на киберкултура) генерира виртуелни заедници во кои се реконструираат идентитетите.

**Предмет** на овој докторски труд е киберпросторот, односно влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници и реконструирањето на идентитетите во рамките на тие виртуелни заедници.

Овој докторски труд има за **цел** да го согледа влијанието на блогот во процесот со кој се реконструираат идентитетите, а преку тоа да направи и споредба со киберзаедниците и заедниците во т.н. реален свет.

**Теми** со кои ќе се занимава овој докторски труд се киберпросторот, киберкултурата, виртуелните заедници, новите комуникациски технологии, компјутерски посредуваната комуникација, блогот во Република Македонија и идентитетите.

### *Цели на предложената докторска дисертација и очекувани резултати*

По завршувањето на истражувањето се очекува да се добие појасна слика за конструирањето на идентитетите во виртуелните заедници, за правилата и процесите кои се одвиваат во виртуелните заедници, а се поврзани со идентитетот и/или неговата конструкција. Тезата, исто така, ќе треба да ги прикаже и основните односи меѓу киберпросторот и т.н. реален простор, како и нивните меѓусебни влијанија. Особен придонес се очекува темата да има по прашањето на македонските виртуелни заедници, со оглед на фактот дека во Македонија не постојат многу научни истражувања од оваа област. Во таа смисла, придонесот на докторската дисертација ќе се огледа во поставувањето на научните темели и првични принципи на проучувањето на киберпросторот кај нас. Од друга страна, мошне актуелното прашање за идентитетот во рамките на македонското општество значајно ќе се надополни со истражувањата за конструирање на идентитетот во виртуелните заедници кои ќе ги понуди докторската дисертација.

### *Методологија на изработка на предложената докторска дисертација*

Согласно со предметите и целите на истражувањето во докторскиот труд ќе се применат вообичаените методи на истражување: аналитички метод, односно проучување и анализа на појавите и процесите и во сајберкултурата воопшто и во македонската блогосфера; дескриптивниот метод ќе ни помогне да ги определиме процесите и појавите кои се предмет на проучувањето; со историскиот метод ќе се проучи кратката историја на македонската блогосфера. Конечно, со помош на редица синтетизирани методи ќе се изведат соодветни заклучоци за поврзаноста на македонската блогосфера и конструирањето на идентитетот. Ваквата методологија, се разбира, ќе биде применета и во теоретските определби на идентитетот, како и при поврзувањето на тие определби со актуелната состојба во македонската блогосфера. Освен овие методи, согласно со предметот и целите на истражувањето, докторската дисертација ќе се изработи со теоретски пристап и со опсервација на македонската блогерска виртуелна заедница во период од шест месеци. Тој период ќе се искористи за опсервирање на реконструирањето на идентитетите, поврзано со одредени информации и настани (со локално или глобално општочовечко значење, и кои ги засегнуваат сите) околу кои ќе се формираат привремени виртуелни заедници. Натаму, ќе се применат следниве методи:

- анализа на соодветна литература, која опфаќа дела кои ги теоретизираат прашањата на идентитетот, како и аспектите на сајберпросторот;
- анализа на актуелните македонски блогови и форуми;
- социолошко истражување на ставовите на најактивните блогери во Македонија;
- компаративна анализа на состојбите кај нас и на Балканот.

**Предлог до Советот на Институтот**

Имајќи го предвид сето горенаведено, чест ни е да ги изнесеме следниве ставови и оцена:

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, планираната методологија на истражувањето и очекуваните резултати, Комисијата утврдува дека пријавената тема **„Влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници: реконструирање на идентитетите во процесот на блогирање“** е подобна за изработка на докторска дисертација и претставува ново, но особено потребно истражување во рамките на интердисциплинарното подрачје на културолошките студии.

Комисијата оценува дека кандидатката м-р Неда Бакевска, врз основа на досегашниот степен на образование и стручната активност, располага со потребните знаења и е оспособена за научна работа на предложената тема за докторска дисертација.

Затоа, со задоволство на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му предлагаме да ја прифати изработката на докторската дисертација **„Влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници: реконструирање на идентитетите во процесот на блогирање“** од кандидатката м-р Неда Бакевска и за ментор на докторската дисертација да го определи проф. д-р Мишел Павловски од Институтот за македонска литература во Скопје.

Скопје, 19.2.2012

Комисија

Проф. д-р Мишел Павловски, с.р.
Проф. д-р Ганка Цветанова, с.р.
Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ЗА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р СТРАХИЛ ПЕТРОВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 77. редовна седница одржана на 9.12. 2011 година, по предлог на Наставно-научниот колегиум, со одлука бр. 12 195/16 од 13.12. 2011 година формира Комисија за утврдување подобност на темата на докторската дисертација ФЕНОМЕНОТ НА ИКОНАТА И УЛОГАТА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА ВО НЕЈЗИНАТА ЗАШТИТА КАКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО и оспособеност на кандидатот м-р Страхил Петровски за научна работа. Комисијата е во состав:

- проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ
- проф. д-р Илија Велев и
- проф. д-р Валентина Миронска-Христовска.

Комисијата ја разгледа пријавата за изработка на докторската дисертација и доставените материјали од кандидатот м-р Страхил Петровски и врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот м-р Страхил Петровски за научна работа

Кандидатот м-р Страхил Петровски достави до Советот на Институтот за македонска литература уредна документација за неговото образование и за професионалните и стручни активности, од која се гледа дека кандидатот ги исполнува предвидените услови за пријавување на докторска дисертација согласно со Законот за високото образование.

М-р Страхил Петровски е роден во Куманово на 18.1.1974 година. Завршил Факултет за ликовни уметности во Скопје (1992-1997) и постдипломски студии на истиот Факултет во периодот 1997-2000. Од 2011 година работи како виш конзерватор во Националниот конзерваторски центар – Скопје (Лабораторија за конзервација и реставрација на икони).

Приредил повеќе самостојни ликовни изложби во: Уметничката галерија – Народен музеј во Куманово (1997, 2003), Музеј на град Скопје (2001), Културно-информативниот центар во Скопје (2001), Галерија „Ланг" во Виена (2002), Куќата на Робевци во Охрид (2003). Учествувал во голем број групни ликовни изложби во периодот 1994-2011 во земјава (Скопје, Куманово, Штип, Неготино), и на повеќе интернационални изложби во странство (Риека - Хрватска, Горњи Милановац - Србија, Самотраки - Грција, Похорје - Словенија, Њујорк – САД). Зел учество и на повеќе ликовни колонии во земјава и во странство. Во периодот 2001-2002 година бил ангажиран како надворешен соработник на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на предметот сликарска технологија и сликарски техники. Во Националниот конзерваторски центар е вклучен со голем број проектни конзерваторско-реставраторски активности во тимови за конзервација на значајни иконостаси и икони од Македонија. Учествувал на семинари и симпозиуми на теми врзани со конзервацијата и заштитата на културното наследство, како и на тримесечен студиски престој во Кремс (Австрија), 2002 година. Добитник е и на наградите: во 2002 година на наградата „Димитар Кондовски" за сликарство на ДЛУМ 47- Ревијална годишна изложба и во 2002, наградата „Константин Мазев – Коце" на КИЦ, за Македонско ликовно творештво – мал формат.
Од 1997 година член е на ДЛУМ, а во периодот 2001-2007 бил член на ИКОМОС.

## 2. Образложение за научната оправданост на темата на докторската дисертација

### *2.1. Образложение на темата на докторската дисертација*

Во истражувањето што ќе ги опфати аспектите на иконата како феномен, на нејзината пројава и теолошката симболика од првичната појава до денес од една страна, и интегрирањето на конзервацијата како фактор во заштитата на иконите како културно наследство од друга страна, ќе се изврши спојување на сознанија од повеќе области што ги тангираат изучувањето на историјата, теологијата, семиотиката, иконографијата и технологијата на иконите, што воедно ќе претставува суштински и основен предуслов за успешно реализирање на конзерваторските активности. Во темата ќе биде опфатена разработката на процесот на конзервацијата, како активност која влијае врз сочувување/ заштита на предметите во нивната изворна состојба, а особено презентацијата на иконите што се доведува во директна врска со теологијата на иконите, бидејќи пристапот кон нејзината конзервација подразбира активно учество на засегнатата јавност, за која иконите имаат посебна симболична и функционална вредност. Во темата ќе се направи значајно проследување на заштитата на културното наследство како сложена активност, која спојува примена на низа сознанија и техники, врзани со повеќе научни области. Покрај големиот број фактори (општествени, економски, социолошки, теолошки, филозофски, па и културолошки), кои влијаат на заштитата на културното наследство, инкорпорирањето на конзервацијата како императив во заштитата на

иконите, е секако еден од клучните фактори за нивниот одржлив развој во иднина. Сметаме дека предложената тема е извонредно значајна бидејќи вклучува два мошне значајни сегмента кои го откриваат феноменот на иконата: од гледна точка на нејзината историја, теологија, семиотика, технологија, што претставува основен предуслов за реализирањето на конзерваторските активности во нејзината заштита како културно наследство.

### *2.2. Цели на предложената докторска дисертација*

Истражувањето врз темата предвидува проследување на историјата, теологијата, семиотиката, иконографијата и технологијата на иконите, согледани и во однос на конзерваторските активности, значајни во процесот за нивна успешна превенција. Во целите на предложената докторска дисертација спаѓа анализа на најдобрите светски практики во заштитата на културното наследство, со посебен акцент на конзерваторскиот приод кон иконите, со цел да се извлечат заклучоци за тоа што кај нас е направено во однос на заштитата и што може да се направи понатаму. Се предвидува анализа на нашето законодавство за заштита на културното наследство, со преиспитување на неговата ефикасност во практиката, и примена на најдобрите светски практики кај нас. Потребно е да се констатираат состојбите во доменот на едукацијата и програмите за едукација на професионални кадри кај нас и во светот, како и анализа на условите за формирање на посебни образовни и научни институции за конзервација во земјава. Во целите се предвидува и утврдување на неопходноста од извлекувањето на констатации и препораки за подобрување на условите за заштита на иконите како културно наследство во Македонија.

### *2.3. Методологија на изработка на предложената докторска дисертација*

Согласно со предметот и целите на истражувањето, докторскиот труд ќе содржи експликативен, дескриптивен, структурален и експлоративен карактер. Во истражувањето ќе бидат почитувани културолошкиот, правниот, организацискиот и историскиот критериум, а ќе се применат следниве методи:

- анализа на соодветна литература, која опфаќа дела од областа на теологијата на иконата и заштитата на движното културно наследство;
- анализа на позитивноправни акти кои се однесуваат на заштитата на културното наследство, со акцент на движното културно наследство;
- анализа на постојната документација во надлежните институции за заштита на културното наследство;
- споредбена анализа на меѓународните акти (конвенции, декларации, препораки) кои се однесуваат на истражуваниот проблем и нивната вклученост во законодавството на Република Македонија;
- емпириско истражување од квалитативен вид, со кое, преку разговори со соодветни личности и со примена на полуструктуирано интервју, треба да се соберат податоци за состојбите во установите

задолжени за креирањето и спроведувањето на политиките за заштитата на иконите како движно културно наследство. Интервјуа ќе се водат со: надлежни лица во Управата за заштита на културното наследство, Националниот конзерваторски центар-Скопје, Музејот на Македонија, и останатите музеи и центри за конзервација во Македонија, како и конзерватори и современи зографи.

### *2.4. Очекувани резултати од предложената докторска дисертација*

Очекуваниот научен придонес од пријавениот труд се однесува на изготвување на комплексна студија која би опфатила значајни сознанија од проучување на иконата од аспект на *недвижното културно наследство* (како интегрален сегмент од иконостасите во црквите) и *движното културно наследство* (како музејски експонати), но од друга страна и како *духовно* или *нематеријално наследство* (како компонента на наследената средина, која содржи и нематеријални вредности и карактеристики, вклучувајќи естетски, историски, духовни, како и архитектонски вредности), што имплицираат на интерактивност и наметнуваат огромна потреба за подлабока и посложена анализа, што се определуваат како предмет во истражувачките процеси. Истражувањето со своите анализи и иследувања се очекува да придонесе кон подигнувањето на свеста во однос на подобрување на финансирањето, политиките и интердисциплинарноста помеѓу државните, музејските институции и центрите за конзервација, од една страна, но во исто време да изврши подобрување и обезбедување на соодветни услови по светски стандарди за заштита на иконите како културно наследство, нивна презентација и дефинирање на степенот на дозволиви конзерваторски активности, од друга страна, како основен предуслов за одржливиот развој на традиционалните вредности во иднина и причина повеќе за понатамошни истражувања.

**Предлог до Советот на Институтот**

Имајќи го предвид сето горенаведено, чест ни е да ги изнесеме следниве ставови и оцена:

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, планираната методологија на истражувањето и очекуваните резултати, Комисијата утврдува дека пријавената тема ФЕНОМЕНОТ НА ИКОНАТА И УЛОГАТА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА ВО НЕЈЗИНАТА ЗАШТИТА КАКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО е подобна за изработка на докторска дисертација и претставува релативно ново, но особено потребно истражување во рамките на интердисциплинарното подрачје на културолошките студии.

Комисијата оценува дека кандидатот м-р Страхил Петровски, врз основа на досегашниот степен на образование и стручната активност, располага со потребните знаења и е оспособен за научна работа на предложената тема за докторска дисертација.

Затоа, со задоволство на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му предлагаме да ја прифати изработката на докторската дисертација ФЕНОМЕНОТ НА ИКОНАТА И УЛОГАТА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА ВО НЕЈЗИНАТА ЗАШТИТА КАКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО од кандидатот м-р Страхил Петровски и за ментор на докторската дисертација да ја определи проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ од Институтот за македонска литература во Скопје.

Скопје, 17.2.2012 Комисија

Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, с.р.
Проф. д-р Илија Велев, с.р.
Проф. д-р Валентина-Миронска-Христовска, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРУДОВО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 24.2.2012, донесе одлука за формирање на Комисија за избор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област трудово право.

Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Гзиме Старова, проф.д-р Тито Беличанец и проф. д-р Тодор Каламатиев, ги разгледа поднесените пријави и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во „Дневник" на 2.2.2012 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област трудово право се пријавија тројца кандидати:

1. м-р Александар Ристовски
2. м-р Наташа Басарова
3. м-р Михаела Костадиноска

## *I. Податоци за кандидатите*

1. **М-р Александар Ристовски** е роден на 20.8.1987 година во Скопје.

### *1.1. Образование*

Средното образование (стручно образование – правна насока) го завршил во СЕУГС „Васил Антевски Дрен" во Скопје во 2005 година, со одличен успех.

Во учебната 2005/2006 се запишал на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде што дипломирал во 2008 година, со просечен успех 8,9. По завршувањето на додипломските студии се запишал на магистерските студии по деловно право / модул Б (модул: трудово право). Предвидените испити ги положил во предвидениот рок со просечна оценка 9,6. Во ноември 2010 година се стекнал со степен - магистер на правни науки LL.M. со одбрана на магистерскиот труд „Флексибилни работни односи и флексибилен пазар на труд".

Во октомври 2011 година, кандидатот се запишал на докторски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Истовремено, во октомври 2011 година, кандидатот запишува и втори постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје, насока: економски развој и меѓународни финансии.

Кандидатот м-р Александар Ристовски има одлични професионални познавања на англискиот јазик, солидни познавања (активно пишување, читање и говорење) на италијанскиот и германскиот јазик, разговорно го користи францускиот јазик, а базично ги познава грчкиот и рускиот јазик. Се користи со повеќе компјутерски програми и апликации.

## *1.2 Професионално искуство и други активности*

**Кандидатот м-р Александар Ристовски има четиригодишно работно искуство како соработник (демонстратор)** во изведувањето на наставно – научните содржини и практичната работа на катедрата по предметот, трудово право (2008 – 2012). Вклучен е во реализацијата на наставните програми по предметот Трудово Право (додипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и на дисперзираните студии во Велес). Воперидот 2009 – 2010 бил ангажиран и во изведувањето на содржините на предметот работно право, на Економскиот факултет во Скопје, како соработник на проф. д-р Тодор Каламатиев. Кандидатот е вклучен и во спроведувањето на наставно – научните и практичните активности на магистерските студии по деловно право (модул Б – трудово право).

Кандидатот бил активно вклучен и во невладиниот сектор, од што го издвојуваме 6 месечното волонтирање и социјална работа во состав на невладината организација „ИМКА – Скопје", во повеќе основни училишта и работа на проекти поврзани со меѓуетничка толеранција и деца до 14 години од различна социјална и етничка провениенција.

### 1.2.1 Членство во професионални организации и учество на професионални обуки и семинари

Од 2001 до 2007 година, кандидатот бил член на меѓународната, невладина организација за поддршка и развој на млади YMCA, а од 2004 до 2007 година, бил и претседател на еден од трите локални клуба со седиште во Скопје. Евидентно е неговото учество и на низа меѓународни обуки, семинари и трибини од општо образовна и лидерска тематика. Во прилог наведуваме дел од нив: Романија ( Тимишуара, Брашов, Букурешт, август 2002), Грција (Нимфео, август 2003), Данска (Копенхаген, март 2004), Данска (Копенхаген, Аулум, Архус – јуни 2004), Норвешка (Осло, август 2005), Полска (Вроцлав, Варшава – јули 2006), Италија (Поцио Миртето, Рим, Наполи – јуни 2007), Република Чешка (Прага – август 2008).

### 1.2.2. Учество на научно – стручни конференции и форуми

Од повеќето учества на научно – стручни конференции и форуми (домашни и меѓународни) , на кои свое учество земал и кандидатот, ги издвојуваме следниве: *Охрид - Balcan Mozaics миграции и невработеност - август 2005, и август 2007; Белград, Србија – " Uticaj pravne regulative na poboljšavanje poslovnog okruženja", организирано*

*од IFC (Intenational Finance Corporation-World Bank Group) и Правен факултет во Белград, 5 – 12 мај 2009; " Една декада од Охридскиот рамковен договор ", Поуки (да бидат) научени од македонското искуство", јуни 2011; „Пристојна работа во Република Македонија", трибина во организација на Фондацијата „Фридрих Еберт" – Канцеларија Скопје, „Олоф Палме" Меѓународен Центар и СОЛИДАР, ноември 2011: "Социјален дијалог на ниво на ЕУ и улогата на синдикатите во процесот на пристапување кон ЕУ" , во Брисел, 20 – 24 септември 2011; учесник на самитот на синдикални експерти во рамките на мрежата "NETLEX" на тема: "Дерегулацијата и најновиот развој на трудовото право", со посебен осврт кон: транснационалните синдикални права по Лисабонскиот договор и предизвиците на европската легислатива за: работното време, привремените агенциски работници и Monti II регулативата, Брисел , јануари 2011*

Кандидатот учествувал и на наменски, јазичен студиски престој со завршување интензивен едномесечен курс по германски јазик во меѓународниот лингвистички центар „Sprechenatellier" , стекнувајќи се со ниво на јазично познавање „B1" во Берлин, Германија , во периодот 20.7.2009 – 4. 9. 2009 година.

### 1.2.3. Самостојни стручно - научни настапи

Кандидатот Александар Ристовски бележи повеќе самостојни јавни настапи (излагања), од стручен и научен карактер, од областа на трудовото право. Во продолжение издвојуваме дел од нив: *"Современи трендови на развој на работните односи (прв дел)", на семинарот "Млади и синдикално лидерство", во Охрид, организиран од страна на Фондацијата „Фридрих Еберт" и ССМ – јуни, 2011; " Современи трендови на развој на работните односи (Втор дел) " , на семинарот за конституирање на органите на Секцијата на млади, при ССМ - септември 2011; "Предности и недостатоци на Законот за работни односи", на семинарот за синдикални лидери на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС) – октомври 2011; "Договор за вработување со вршење работа дома и другите алтернативни облици на засновање работен однос и флексибилни форми на работа" , во рамките на Здружението на Правници на РМ , 65. средба, Охрид, октомври 2011; "Концептот флексигурност" по покана на Унијата на независни автономни синдикати на Македонија (УНАСМ) – Regional Seminar (Flexicurity in the labor market – Experiences of the EU countries and Republic of Macedonia), октомври 2011.*

### 1.2.4. Учество во стручни тела и изработка на стручни мислења

Кон професионалната биографија на кандидатот се набележуваат и други учества и професионални ангажмани во рамките на матичната сфера на експертиза. Кандидатот бил член на експертската комисија за изработка на Законот за европски работнички совети, во рамките на Министерството за труд и социјална политика – јули август 2011, а како коавтор (заедно со проф. д-р Тодор Каламатиев), учествува и во креирањето на повеќе стручни мислења (Предлог на Законот за изменување и дополнување на законот за работни односи од 28.10.2010, Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи од 13.4.2010, Мислење за Министерството за труд и социјална политика во врска со Информацијата за евиденција на невработени лица, ноември 2011).

### 1.2.5. Други активности, сертификати, признанија и дипломи

Од доставената биографија, набележуваме дека кандидатот Александар Ристовски е член на раководството на Секцијата на млади при Сојузот на синдикати на Република Македонија (ССМ). Во 2011/2012 бил ангажиран во програмата за менторирање на студенти од ромска популација „Рома Верзитас" , во рамките на институтот „Отворено општество".

Кандидатот се стекнал и со неколку сертификати, признанија и дипломи. Од нив се издвојуваат: *сертификат* за анти мобинг советник; признание за водење обуки и успешен тренинг и лидерски вештини (Осло – Global week, 2005), диплома на републички натпревар во категорија пијано (специјална паралелка) – Даут пашин амам, Скопје 1998.

### 1.2.6. Објавени трудови

Кандидатот е автор и коавтор на следниве трудови:

1. „**Флексибилноста на местото и процесот на работа, како варијанти на екстерната функционална флексибилност на пазарот на труд** " ( Зборник за проф. д-р Георги Ганзовски , Скопје 2010 ) – во коавторство со проф. д-р Тодор Каламатиев.

Трудот "Флексибилност на местото и процесот на работа, како варијанти на екстерната функционална флексибилност на пазарот на труд" содржи 23 страници (6.713 зборови), компјутерски обработен текст, кој интегрира повеќе наративни сижејни единици, како и два табеларни приказа. Составен дел на структурата на ова истражување претставува и краткото резиме напишано на македонски и англиски јазик, кое ги сумира заклучоците од целокупниот текст.

Трудот е составен од три дела:

Првиот дел од трудот носи наслов „Просторна (географска) флексибилност, односно флексибилност на местото на работа". Во рамките на ова поглавје, инкорпорирани се следниве наслови: 1. Договор за вработување на издвоено работно место (Teleworking) и 2. Договор за вработување на куќен помошник.

Вториот дел од трудот со наслов „Флексибилност на процесот на работа" ги опфаќа поимот и основните карактеристики на кооперантските работи (договори), со потенцирање на нивното место и улога во македонската легислатива.

Третиот (последниот) дел од овој труд се однесува на сумирање на заклучоците од комплексната содржина која претходи.

Структурата и начинот на креирање на трудот покажува висок степен на познавање на областа на трудовото право, меѓутоа, истовремено говори и за континуираните напори на авторите да ги развиваат најсовремените достигнувања во сферата на трудовото право, концентрирани токму во концептот на флексибилност на

пазарите на труд , со сите свои компоненти, вклучително и флексибилноста на местото и просторот на работа.

Трудот е рецензиран од проф. д-р Гзиме Старова како изворна научна статија.

2. **„Плурализација на синдикализмот во Република Македонија – современо решение на работната легислатива или груб начин на заобиколување на работничките права“** (Зборник во чест на проф. д-р Зелеников, во печат) – во коавторство со проф. д-р Тодор Каламатиев. Трудот е рецензиран од проф. д-р Гзиме Старова како изворна научна статија.

Трудот содржи 19 страници (6.720 зборови) компјутерски обработен текст, кој интегрира повеќе поднаслови, како и два табеларни приказа. Составен дел на структурата на овој труд е и краткото резиме напишано на македонски и англиски јазик, кое ги сумира заклучоците од целокупниот текст.

Првиот дел од трудот носи наслов "1. Социјален дијалог во Република Македонија". Во рамките на ова поглавје, инкорпорирани се и следниве поднаслови, утврдени врз основа на следнава систематика: 1.1. Бипартитен социјален дијалог и 1.2. Трипартитен социјален дијалог.

Вториот дел од трудот носи наслов "2. Преглед на позитивно правните решенија на правото на организирање на работниците и репрезентативноста на синдикатите од основањето до денес" . Составен дел на ова поглавје претставуваат и двете табели, преку кои авторите прегледно и креативно илустрираат соодветни компаративни, но и национални прописи и факти поврзани со условите за репрезентативност на социјалните партнери.

Третиот ( последниот ) дел од трудот се однесува на сумирање на заклучоците.

Во трудот "Плурализација на синдикализмот во Република Македонија – современо решение на работната легислатива или груб начин на заобиколување на работничките права" се анализираат позитивно - правните прописи и пошироките општествени импликации, кои деривираат од воспоставувањето на рестриктивни (недоречени) законски одредби кои сугерираат т.н „мнозински систем на претставување ", но денес се супсумираат во рамките на т.н „репрезентативен систем "

3. **„ Договор за вработување со вршење на работа дома и други алтернативни облици на засновање работен однос и флексибилни форми на работа “** (списание ДЕЛОВНО ПРАВО, година XII, бр. 25 – 65 средба на правниците, октомври 2011).

Трудот "Договор за вработување со вршење на работа дома и други алтернативни облици на засновање на работен однос и флексибилни форми на работа", од м-р Александар Ристовски, содржи 17 страници (7.836 зборови) компјутерски обработен текст, кој интегрира повеќе глави, точки и потточки, како и еден табеларен приказ. Интегрален дел на овој труд претставува и краткото резиме на македонски и англиски јазик, кое ги сумира заклучоците на текстот.

Текстот е поделен на три глави.

Првата глава од овој труд, со наслов "Видови флексибилност на пазарот на труд", ги опфаќа теоретските типови на флексибилност карактеристични за современите пазари на трудот. Авторот вешто го кумулира плуралитетот на различни теории, во рамките на една т.н "компромисна теорија" , која ги опфаќа следните типови на флексибилност: нумеричка, функционална и финансиска флексибилност на пазарите на труд.

Втората глава од трудот, со наслов "Договор за вработување со вршење на работа дома (издвоено работно место – телеворкинг), како подмодел на функционалната флексибилност" , е делот, во кој авторот наменски го анализира овој тип на договор. Првата потточка од оваа глава, носи наслов "Договор за вработување со вршење на работа дома - општ и компаративен осврт" . Втората потточка од оваа глава, со наслов "Договор за вработување со вршење на работа дома – пристап на Законот за работните односи на Република Македонија", ја опфаќа македонската позитивно правна квалификација на овој институт. Авторот темелно ги образложува одредбите од Законот за работни односи, кои се однесуваат на овој атипичен, флексибилен договор.

Третата глава од трудот, со наслов "Договор за вработување со неполно (скратено) работно време" , како подмодел на интерната нумеричка флексибилност, се однесува на анализата на овој тип договор за вработување.

Четвртата глава од трудот, со наслов "Договор за вработување на определено време, како подмодел на екстерната нумеричка флексибилност", се однесува на овој флексибилен договор за вработување.

Анализирајќи го трудот "Договор за вработување со вршење на работа дома и други алтернативни облици на засновање на работен однос и флексибилни форми на работа", ќе се констатира дека станува збор за исклучително современа проблематика.

4. Кандидатот е коавтор и на публикацијата **"Правата од работен однос на младите и жените во Република Македонија"**, *Скопје, 2011* – заедно со проф. д-р Тодор Каламатиев и м-р Живко Митревски.

Оваа студија опфаќа 144 страници (40.286 зборови), детално распоредени во неколку генерални и поголем број поединечни глави, точки и потточки.

Публикацијата "Права од работен однос на младите и жените во Република Македонија" претставува комплексно и студиозно издание, кое на јасен, прецизен и едноставен начин објаснува повеќе различни компоненти на посебна категорија на лица од работен однос, т.е жените и младите.

Првата глава носи наслов "**Општи услови за работа и заштита при работа (здравје и безбедност)**". Анализата на општите услови за работа се лоцира низ куса расправа за основните права од работен однос кои ги делегира Законот за работни односи. Во овој дел, авторите се осврнуваат на: *работното време, одморите и платите*. Во овој дел, релевантна за споменување е и разработката на темата "*Еднакво плаќање на мажите и жените*" .

Второ, авторите конструираат и краток пресек на основните елементи на заштитата при работа (здравје и безбедност). Бидејќи Законот за работните односи системски не ги интегрира одредбите кои се однесуваат на општата заштита при работа (здравје и безбедност), авторите прават обид да ги кумулираат различните одредби парцијализирани по различните поглавја во Законот за работните односи, кои се однесуваат на здравјето и безбедноста на работниците при работа.

Втората глава носи наслов **"Права на жените од работен однос"**. Правата и останатите компоненти од работниот однос, ги супсумираат и жените како посебна категорија на вработени. Меѓутоа, со цел да се сегментираат посебните (специјалните) права на жените, трудовото право оперира со терминот "посебна заштита на жените при работа". Токму оваа категорија, со сета своја комплексност е предмет на анализа во ова поглавје од трудот. Во рамките на општата заштита на жените при работа, авторите се осврнуваат на неколку категории на прашања, помеѓу кои и: *забраната на вршење подземни работи и ноќната работа на жените во индустријата*. Во рамките на посебната заштита на жените при работа, што претставува и едно од најважните подрачја на истражување во оваа редакција, авторите се осврнуваат на правата на жените и правните аспекти од работен однос на жените при бременост, раѓање и родителство.

Третата глава носи наслов **"Права на младите во работен однос"**. Посебен фокус во овој дел, авторите ставаат на следните групи на прашања: *Условите за засновање на работен однос, со посебен осврт кон најниската граница за вработување на младите лица* – каде што се анализираат општите и посебните услови за засновање на работен однос и пристапот на ЗРО во поглед на најниската граница за вработување; Права од работен однос на младите работници ( 15 – 18 ) – тука, авторите анализираат две компоненти: *забрана за вршење на определени работи и посебните услови на работа.*

Четвртата глава, носи наслов **"Дискриминација и мобинг"**. Во оваа глава се анализираат клучните карактеристики и групи на прашања поврзани со дискриминацијата и мобингот и нивните импликации врз жените и младите работници.

Петтата и последна глава, носи наслов **"Прилози"**. Авторите прават систематски пресек на : одредбите од ЗРО, кои се однесуваат на младите и жените, Општиот колективен договор за приватниот сектор, Меѓународните трудово правни извори (преку Конвенцијата бр. 103 за заштита на мајчинството и Конвенцијата бр. 138 за најниска возрасна граница за вработување).

2. **М-р Наташа Басарова** е родена на 30.7.1979 година во Велес

***Образование:***

Кандидатката во 2005 година дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на Филозофскиот факултет, отсек: социологија. Во 2009 година завршила постдипломски студии на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" отсек: Педагогија, група: образовен менаџмент, постигнувајќи академски просек 8,42. На 26.3.2009

година, кандидатката успешно го одбранила својот магистерски труд на тема „Комуникациски вештини на директори во училишта" и се стекнала со звањето - магистер по менаџмент во образованието.

## ***Професионално искуство и други активности:***

Од приложените документи може да се констатира дека кандидатката има работно искуство од 3 месеци и 10 дена, како наставник по граѓанско образование во СМУГС (средно машинско училиште на град Скопје) „8 Септември" во Скопје. Кандидатката навела дека го познава англискиот јазик, а има добри познавања и на германскиот јазик (завршила втори степен). Исто така, има диплома за завршен курс за водење книговодство од Работничкиот универзитет во Велес и сертификат за завршена обука на програмата „Основни вештини по информатичка технологија".

3. **М-р Михаела Костадиноска** е родена на 4.12.1986 г. во Охрид.

## ***Образование:***

Кандидатката во 2008 година дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со просечен успех 9,58, а во континуитет продолжила на вториот циклус - магистерски студии на правосудната насока / модул А - граѓанско право, кои ги завршила во 2009 година со просек 9,75. На 12.1.2011 го одбранила трудот под наслов „Поимот потрошувач во македонското законодавство, законодавството на Европската унија и земјите - членки на Европската унија" и се стекнала со звањето - магистер по право.

## ***Работно искуство и други активности:***

Во биографијата, кандидатката пријавува работно искуство како соработник од правната област на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид, од јули 2011, кое сè уште трае. Од биографијата исто така може да се извлече податокот дека од мај 2009 до јули 2011, кандидатката стекнала искуство како адвокатски приправник во адвокатската канцеларија ДАВИДОВИЌ (ул. Водњанска бр.15 Скопје).

Кандидатката достави потврда за реализирана волонтерска работа во централната канцеларија на Центарот за истражување и развој на образованието, како правник задолжен за правните работи на Центарот и тоа во периодот од 2008 до 2011 година. Во тој период учествувала во два проекти: Истражување на младински трендови во истражувачкиот тим на проектот и Имплементација на националната стратегија за млади како експерт од областа на правото.

Кандидатката има доставено диплома за завршен четврти степен англиски јазик во Работничкиот универзитет „Кузман Шапкарев" во Охрид и диплома за успешно завршување на школа за компјутери, а од биографијата се воочува дека одлично се служи со англискиот јазик, поседува основно ниво на користење на српскиот јазик, како и вештина за користење со неколку компјутерски програми.

Кандидатката има посетено обука за основни правила на номотехниката, во Центарот за институционален развој (25-26.9.2010), Скопје, како и обука за финансиска писменост и управување со долгови од страна на Фондацијата „Отворено општество Македонија" , Скопје (20-22.12.2010).

Нема приложено трудови, ниту листа на објавени трудови.

## *II. Заклучна оцена и предлог*

Комисијата со внимание ги разгледа доставените пријави на тројцата кандидати со приложените документи. Врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, одлучи дека кандидатите м-р Александар Ристовски и м-р Михаела Костадиноска ги исполнуваат условите предвидени во конкурсот за избор на соработник во соработничко звање - асистент.

Но, сепак, Комисијата предлага м-р Александар Ристовски да биде избран во соработничкото звање асистент на научната област трудово право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Кандидатот м-р Александар Ристовски е докажан млад и амбициозен научен работник и истражувач, кој уште како студент покажуваше одлични резултати и заради тоа беше вклучен во наставата на Правниот факултет како демонстратор. Се работи за вреден, одговорен и сериозен соработник, кој досега со успех ги извршувал сите обврски и задачи во предвидените рокови. Подготвеноста за тимска работа и почитувањето на искуството на професорите создадоа одлична синергија на интелектуалната работа и одличен модел на заедничко функционирање. Кај кандидатот м-р Александар Ристовски е препознатлив потенцијалот за понатамошен научен развој и сметаме дека ќе се развива во солиден наставно-научен кадар на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

**Имајќи го предвид горенаведеното, ни причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му предложиме м-р Александар Ристовски да биде избран за асистент на научната област трудово право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.**

Комисија

Проф.д-р Гзиме Старова с.р

Проф. д-р Тито Беличанец с.р

Проф. д-р Тодор Каламатиев с.р

# РЕФЕРАТ

За подобност на темата за изработка на докторска дисертација со наслов **„ПРОЦЕНКА НА ПРЕДНОСТИТЕ НА CAD/CAM СИСТЕМОТ ВО ОДНОС СО КОНВЕНЦИОНАЛНО ИЗРАБОТЕНИ ПАРЦИЈАЛНИ СКЕЛЕТИРАНИ ПРОТЕЗИ“** и научна способност на кандидатот ас. д-р Благоја Даштевски, м-р сци.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, по предлог на Научниот одбор, на својата 19. редовна седница одржана на 20.10.2011 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за оцена на подобност на пријавата за изработка на докторска дисертација, под наслов: **„Проценка на предностите на CAD/CAM системот во однос со конвенционално изработени парцијални скелетирани протези“**, од ас. д-р Благоја Даштевски. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Драгољуб Велески, проф. д-р Ерол Шабанов, проф. д-р Љубен Гугувчевски, проф. д-р Јагода Баевска, и проф. д-р Оливер Зајков, по разгледувањето на доставениот материјал, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Пријавата за изработка на докторска дисертација под наслов **„Проценка на предностите на CAD/CAM системот во однос со конвенционално изработени парцијални скелетирани протези“** од ас. д-р Благоја Даштевски, м-р сци., е изнесена на 12 страници и е разработена во 6 поглавја.

Во ВОВЕДОТ авторот укажува на тенденцијата на стоматолошката протетика во развивање на нови системи кои ќе придонесат до значително подобрување на функционалните карактеристики на протетичкото помагало. Со брзото темпо на развојот на 3Д-техниката и мошне прецизните компјутерски мерења на аглите и

должините, голем број од грешките при класичната изработка на протетичко помагало се надминуваат, почнувајќи од фазата на планирање, дизајнирање, изработка до финализирањето. Покрај ова, значително се намалува присуството на човековата работа, непрецизноста, се зголемува продуктивноста во работењето и се намалуваат трошоците на изработка. Со воведувањето на новиот концепт на работење значително ќе се скрати времето на изработка на парцијална скелетирана протеза(ПСП), ќе се подобри економиката на работењето и избегнување на грешките што придонесуваат за повторни изработки на нови протези кај ист пациент.

Во поглавјето ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА се следи стручна литература во развојот на 3Д-технологијата каде што со посебено внимание можеме да ги согледаме податоците за самите почетоци и развојот на CAD/CAM(компјутерски водено дизајнирање и компјутерски водена изработка) системот. Подемот на компјутерската техника во стоматолошката практика е направен во шеесетите години на минатиот век, кога е претставен прототип на компјутерски изведен дизајн и компјутерски изведено производство во индустриски цели. Со ова започнува и предизвикот кај голем број автори кои се вклучуваат во изучувањето и примената на овој систем во стоматолошката практика.

Од сето досега кажано, произлегува и основната хипотеза за изработка на докторска дисертација која се состои во осовременување на сегашната процедура во конципирањето на изработка на парцијална скелетирана протеза со примена на современа, софистицирана компјутерско-техничка опрема, со што ќе се олесни и уточни планирањето и изработката на скелетот на протезата. Со ваков пристап ќе се изврши приспособување на протезата кон конкретните анатомоморфолошки и интердентални простори, со што ќе се обезбеди оптимален морфоструктурен и функционален надоместок кај парцијалната беззабност.

ЦЕЛ на докторската дисертација е:

-да се регистрира постојната природна и артефициелна подминираност и да се обезбеди нејзиното максимално искористување за ретенција на ПСП;
-да се согледа разликата помеѓу конвенционални ПСП и CAD/CAM системи во однос на големината на ретенционата сила, функционалноста и заштедата на материјал и време;
-да се предложи модификација на постојните пристапи во стоматопротетичките концепции за изработка на ПСП .

Во поглавјето МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА ќе бидат обработени две групи на испитаници, и тоа: испитаници на основен примерок, каде што ќе бидат анализирани параметрите на протезите реализирани по конвенционална постапка и испитаници на контролна група, каде што ќе бидат споредени параметрите на протезите изработени според новиот концепт на изработка на протезата со помош на CAD/CAM системот. Истражувањата ќе бидат направени на 20 парцијални скелетирани

протези, на модели со иста топографска класификација (класа II, поткласа I по Kennedy) на беззабност, како кај основната така и кај контролната група.

Методологијата на изработката на парцијална скелетирана протеза по конвенционална постапка ќе биде извршена според принципите на стандардната процедура, почнувајќи од планирањето, мерењето на подминираноста, изработката на скелетот и во завршна фаза, мерењето на ретенционата сила. Контролниот примерок ќе биде реализиран со 3Д скенирање на модели со помош на најнова генерација на скенери од фирмата 3Shapeдентален систем 2010, D700 серија на скенери со данско производство, мерење на големината и дистрибуцијата на подминираноста со планирање на дизајнот на скелетот со 3Shapeдентален систем 2010, CADдизајнирачки софтвер, исто така од данско производство, после изработка на конструкцијата на скелетот со CAM системот yenadent D40 од турско производство, специјално произведен за потребите на нашата лабораторија. Врз основа на претходно добиените показатели, со помош на динамометар модел D0663i, интерфејс CoachLab II и компјутер, првите два дела се производство на CMA (Center for Microcomputer Applications) од Амстердам, Холандија, ќе биде извршено мерење на големината на ретенционата сила како основен параметар на успешноста на реализацијата.

Сите нумерички резултати ќе бидат математичко-статистички обработени и адаптирани за меѓусебна споредба. Од статистичките серии ќе се формираат бази на податоци во Microsoft Office Excel, а стстистичката анализа ќе се изведува со помош на статистички пакет SPSS v. 16.0.

Во поглавјето ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ, авторот ја потенцира потребата od прецизност на софистицираноста на 3Д-технологијата и нејзината примена во сите домени на науката, па и во стоматологијата, како и високата професионалност и адекватната едуцираност на сите учесници во системот, што треба да резултира со сите атрибути кои се потребни за едно протетско помагало: естетика, компатибилност, функционалност, комфорност, едноставност при изработка и економска оправданост.

Врз основа на прелиминарните испитувања на примената на CAD/CAM системот во ретенција на парцијална скелетирана протеза се очекува:

-соодветна прецизност на мерењето на беззабниот простор кој ќе биде предмет на протетичката реставрација;

-поголема прецизност во мерењето на големината и дистрибуција на природната или артефициелна подминираност;

-планирање на дизајнот на скелетот на ПСП, без позначајно влијание на субјективноста на стоматологот;

-прецизна изработка на сите елементи на ПСП;

-кратко време за реализација на новоконципираната процедура, заштеда на материјалите;

-како краен резултат, подобрената економика на финалниот производ.

Во поглавјето ЛИТЕРАТУРА, авторот по азбучен ред уредно цитира 21 референца од домашна и странска литература.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на доставената пријава за изработка на докторска дисертација со наслов **„Проценка на предностите на CAD/CAM системот во однос со конвенционално изработени парцијални скелетирани протези"** од ас. д-р Благоја Даштевски, Рецензентската комисија е на мислење дека предложената проблематика е актуелна, современа и интересна како од практичен така, и од теоретски аспект. Несомнено дека изработената докторска дисертација од ас. д-р Благоја Даштевски ќе фрли додатна светлина во полето на ретенција на парцијална скелетирана протеза изработена со CAD/CAM технологија.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научен совет на Стоматолошки факултет при Универзитет „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да го прифати во целост позитивниот рецензентски извештај и на предложената теза за изработка на докторска дисертација да и даде натамошен позитивен тек.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Драгољуб Велески, с.р.

2. Проф.д-р Ерол Шабанов, с.р.

3. Проф. д-р Љубен Гугувчевски с.р.

4. Проф. д-р Јагода Баевска, с.р.

5. Проф. д-р Оливер Зајков с.р.